Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола

Економски факултет – Прилеп

Тема:

Имплементација на втората ЕУ директива за платежни услуги во финансискиот систем на Република Северна Македонија

(Истражувачки труд)

Истражувачи

Проф. д-р Рената Петревска Нечкоска

М-р Мартин Трајковски

Проф. д-р Мери Бошкоска

Прилеп, 2023

СОДРЖИНА

Апстракт 4

Abstract 5

Вовед 6

1. Теоретска и правна рамка на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) 12

1.1. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) на ниво на Европската Унија 14

1.2. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во земјите членки на Европската Унија 18

1.3. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Република Северна Македонија 20

1.3.1 Регистар на платежни институции 25

1.3.2 Заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги кај платежните институции 26

2. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во финансискиот систем 29

2.1. Операционализација на Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Европската Унија 29

2.1.1. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) на ниво на финансискиот систем 36

2.1.2. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во поединечните финансиски и банкарски ентитети 39

2.1.3. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во давателите на платежни услуги од трета страна (AISP и PISP) 42

2.2. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Република Северна Македонија 61

2.3. Искуства од операционализацијата на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2), можности и ризици 65

2.3.1 Провизија за пристап до сметките Access- to-account (XS2A) 65

2.3.3 Апликациски Интерфејс за Програмирање Application Programming Interfaces (APIs) 68

2.3.4 Безбедност и сигурност во Втората Економска регулатива за платежни услуги 73

2.3.5 Силна автентикација на клиентот (SCA) 75

2.3.6 Клучни членови за безбедноста во ПСД 2 - Articles 97 and 98 77

2.3.7 Исклучоци од применливоста на Втората Европска Директива за платежни услуги ПСД2 80

2.3.8 Примена на ПСД 2 во секојдневното функционирање 83

2.3.9 Ставови и разбирање кон ПСД 2 85

3. Студија на случај на СН Финансии во Република Северна Македонија 98

3.1 Моментална состојба во платежниот систем и идна состојба што треба да се постигне со ПСД 2 98

3.2 Статусот и предизвиците на финтек компанија во поглед на ПСД2 и пошироко 105

4.Генерални препораки за имплементација на втората ЕУ директива за платежни услуги и синхронизација на македонскиот финансиски и банкарски систем 115

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 118

Користена литература 120

Апстракт

Платежните системи промовираат економска активност, особено во домашната и меѓународната трговија и размена. Сигурните и доверливи, ефикасни и навремени платежни системи им овозможуваат на компаниите да можат лесно и навремено да обезбедат суровини и логистика, да исплатат плати и даноци и со ова да промовираат економски раст. Секое одложување на едно плаќање може да ги зголеми интермедијациските трошоци и да ја намали економската придобивка. Колку повеќе средства се „заглавени“ во клириншките и пресметковните процеси, толку помалку средства се достапни за продуктивна употреба со цел економски раст. Токму затоа, Европската Комисија се залага за брзи плаќања, со цел создавање на ефикасен платежен систем. За да ја оствари целта како би ги промовирала и унапредила брзите плаќања, ПСД во себе вклучила правила за времето и датумот на извршување на плаќањата и им наложува на земјите-членки да бараат од провајдерите на платежни услуги да овозможат достапност на парите од секоја трансакција на корисничката сметка на примачот најдоцна до крајот на следниот работен ден од извршувањето на трансакцијата.

Клучни зборови: платен систем, Европска регулатива за платежни услуги, провајдери на платежни услуги, АИСП, ПИСП

Abstract

Payment systems promote economic activity and fluctuation especially in the domestic and foreign trade and exchange. The secured, reliable, effective, accurate and on-time payment systems allow companies and entities to be able to easily and accurately secure materials and logistics, to pay salaries and taxes and via this to achieve general economic growth. Every postpone or unsuccessful payment can increase expenses and lower the economic benefits. The more money that are stuck in the clearing and settlement processes, the less money is available for productive activity in order to achieve economic growth. That is why the European Commission stands for faster payment processing in order to achieve the most perfect payment system. To achieve this goal in the PSD there are implemented rules in order to upgrade the fast-processing payments that state that the time processed for one payment should not be greater than one day. With this, it is stated that every payment provider must abide to this rule and secure availability of the money no longer than one work day after the payment is commited.

Key words: payment system, Payment services Directive, payment proveiders, AISP, PISP.

Вовед

Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во Европската Унија е во постојан процес на усогласување на својата законска регулатива согласно препораките и насоките дадени од страна на самата Унија. Ова особено е изразено во економскиот сектор и финансиското законодавство, со оглед на фактот дека земјите членки на Унијата се главните трговски партнери на нашата земја, па со постојаното координирање и хармонизирање на домашните законски прописи се зголемува како квалитетот и ефикасноста на постоечките економски врски, така и можностите за создавање на нови и пораст на трговската размена.

Во 2007-та година, со цел да го регулира извршувањето на платежните услуги и давателите на платежни услуги во рамки на Европската Унија (ЕУ) и Европската Економска Зона (ЕЕА), Европската Комисија (Генералниот директорат за внатрешниот пазар) ја воведе Директивата за платежни услуги "Payment Services Directive - PSD" (2007/64/ЕС). Намената на оваа Директива беше насочена кон зголемување на пан-Европската конкурентност на пазарот и учеството во платниот систем на небанкарските субјеките, како и формирање на неутрален терен за „игра" преку хармонизација на правата на потрошувачите и правата и обврските на давателите на платежни услуги. Оваа директива содржеше два главни дела, од кои првиот беше фокусиран на пазарните правила, организациите учеснички на пазарот на платежни услуги, регулативата за електронските финансиски институции, како и правилата и прописите за авторизација на платежните институции, а додека пак вториот дел беше фокусиран на правилата на деловното однесување, односно регулативата насочена кон транспарентноста и работењето со личните податоци, правата и обврските на корисниците и давателите на платежни услуги, како и правилата за извршување на финансиските трансакции. Директивата беше надополнета на два пати, еднаш во 2009-та година (2009/924/ЕС) и уште еднаш во 2012-та година (2012/260/ЕС).

Сепак, оваа Директива не беше во можност во целост да се справи со модерните технолошки текови, како и целосно да ги опфати во својата регулатива сите потребни области. Така, постоеја неколку активни проблеми произлезени од несеопфатноста и застареноста на Директивата, како на пример нерегулирањето на трансакциите од и до

земјите надвор од Европската Економска Зона и непостоењето на прописи кои во потполност ќе ги заштитат потрошувачите и хетерогеноста на пазарот предизвикана од самата Директива. Но, најголемиот проблем кој не беше опфатен со оваа Директива го претставуваа давателите на платежни услуги, кои се појавија во тргувањето како трета страна покрај продавачите и купувачите. Тие го олеснуваа најчесто онлајн шопингот, така што на потрошувачите им нудеа евтини банкарски и платежни услуги, како и агрегација на едно место на сите банкарски податоци на корисникот, достапни со само неколку клика. Сè поголемиот раст на давателите на ваквите услуги енормно ја зголеми потребата за хармонизација на правилата на игра, зголемување на безбедноста на корисниците на овие услуги и воведување на лиценцирање и надзор на давателите на платежните услуги.

Поради тоа, на 8-ми октомври 2015, по предлог на Европската Комисија, Европскиот Парламент ја усвои ЕУ Директивата Payment Services Directive 2 – PSD2 (EU/2015/2366). Со помош на оваа Директива, Европски плаќања станаа побезбедни и поиновативни, потрошувачите станаа целосно заштитени при онлајн плаќањата, трансакциите помеѓу Европската Унија и останатите земји се го гарантирана сигурност, а се создава и простор за развој на иновативни и модерни онлајн и мобилни финансиски сервиси, односно отворено банкарство. Според изјавите на Европските парламентарци и предлагачи, оваа Директива има за цел да придонесе кон создавање на еден заеднички дигитален пазар и да придонесе за раст и развој на Европската економија. На 16-ти ноември 2015 и Советот на ЕУ ја усвои PSD2 Директивата, а земјите членки на ЕУ имаа рок од две години за да ја усвојат во своите законодавни тела и да ја инкорпорираат во своите постоечки законски прописи. Директивата стапи на сила на 13-ти јануари 2018 и сите банки и финансиски институции се должни да го приспособат своето работење на Директивата и да се соочат со техничките и стратешките предизвици, како на пример соработка со финтек секторот. Крајниот рок до кој сите деловни субјекти во ЕУ треба да се приспособат и да работат во согласност со PSD2 Директивата беше септември 2019.

Во праксата, оваа Директива им овозможува на корисниците на банкарските услуги, како потрошувачите така и бизнисите, да користат третостранн даватели на услуги во менаџирањето на своите финансии, односно сè додека корисникот на услуги на овие

даватели на услуги ја дава својата согласност, истите ќе можат да раководат со финансиите на корисниците и да им пружаат услуги, кои во минатото беа резервирани само за банките. Ова би значело дека на пример дека преку сервисот на Гугл граѓаните ќе можат да ги платат своите сметки, да прават трансакции или пак да ги анализираат своите сметки во повеќе банки, додека нивните парични средства се сеуште сигурно депонирани во банката. Банките пак ќе имаат должност да им овозможат на овие нови даватели на финансиски услуги пристап до сметките на своите клиенти преку Open API (Application Program Interface) програми, со што давателите на услуги ќе ги користат податоците и инфраструктурата на банките за да создадат свои. Со широкото прифаќање на овој модел на работа, банките нема да бидат единствено конкурентни меѓу себе, туку ќе треба да се натпреваруваат и со сите лиценцирани даватели на финансиски услуги. На пазарот на финансиски услуги Директивата ќе внесе два нови типови на бизниси: AISP (Account Information Service Provider) и PISP (Payment Initiation Service Provider). AISP, односно провајдерите за банкарски информации, се даватели на услуги кои имаат пристап до информациите за сметките на банкарските клиенти. Овие провајдери ги користат тие информации со цел да го анализираат однесувањето и трошењето на клиентот или пак служат како агрегатор на информации од повеќе банкарски сметки и различни банки на едно место. PISP, односно провајдерите за иницијација на плаќања би биле давателите на услуги кои би служеле како мост помеѓу сметките на продавачите и купувачите и би го аранжирале и надгледувале целиот трансакциски процес. Овие провајдери исто така би ги извршувале и плаќањата и размената на средства помеѓу физички лица, како и плаќањето на сметки и фактури.

Од сето ова може да се заклучи дека Директивата PSD2 фундаментално ќе го промени платниот ланец, користењето на приватните информации и податоци, профитабилноста на банкарскиот систем, како и очекувањата на потрошувачите. Иако, во земјите од ЕУ, Директивата е веќе добро проучена и анализирана и е во процес на имплементација, сепак и таму има предизвици и тешкотии. Додека пак, во Република Северна Македонија, како земја која не беше обврзана со одреден датум, усвојувањето и имплементацијата ќе следуваат малку покасно, сепак Законот за платежни услуги и платни системи е во процедура и би значел правна синхронизација на легислативата, а со тоа и иницирање на нејзина апликација низ финансискиот систем. Затоа, со

пишувањето и објавувањето на овој истражувачки труд може да се даде придонес во подоброто осознавање и анализирање на Директивата и што таа ќе значи за македонската економија, банкарскиот систем, како од аспект на централната банка, така и од аспект на комерцијалните банки и останатите стејкхолдери во финансискиот систем. Со тоа ќе се придонесе и кон креирање на насоки и препораки за имплементација на Директивата, како во целокупниот финансиски систем, така и во поединечните ентитети.

Истражувачкиот труд, од концепциски апсект инкорпорира четири дела.

Во првиот дел, прво ќе биде образложена ситуацијата која доведе до создавањето и усвојувањето на Директивата PSD2, како и кратка анализа на Директивите и дополнувањата кои претходеа и беа на сила до скоро време. Главниот текст на Директивата, усвоен од страна на Европскиот Парламент ќе биде детално разработен и објаснет, а потоа ќе следува и анализа на неколку одбрани национални закони за платежни услуги, кои произлегоа како резултат на новата Директива.

Во вториот дел, акцентот ќе биде ставен на операционализацијата на Директивата, односно промените во реалниот свет кои произлегуваат од нејзината имплементација. Најпрво ќе бидат објаснети чекорите и начините на синхронизација во целокупниот финансиски систем, а потоа ќе бидат разгледани и поединечни инстанци на операционализација на Директивата, односно ќе бидат земени во предвид комерцијалните банки, трговците, новите деловни ентитети кои ќе настанат како резултат на промените, како и финтек компаниите кои ги изработуваат и одржуваат IT решенијата за отворено банкарство. Понатаму, во вториот дел ќе бидат пренесени и искуствата кои сите субјекти подложни на промени ги имале во процесот на хармонизација, со какви потешкотии се соочиле и кои се можните ризици и опасности за нив кои произлегуваат од новиот начин на работење.

Во третиот дел ќе се искреира студија на случај, каде ќе се анализира процесот на имплементација на PSD2 начинот на работа во една домашна финансиска институција. Ќе бидат извршено интервјуа со менаџментот, а и ќе бидат анализирани сите достапни документи, процеси, пристапи и системи. Ќе бидат образложени моменталните ситуации на работење поврзани со ставките од Директивата, ќе бидат посочени

крајните цели кои финансиската институција треба да ги достигне како успешно би се хармонизирала со Директивата и ќе биде анализирана стратегијата на институцијата и тактичките чекори кои ќе се превземат како би се дошло до целта

Четвртиот и последен дел, ќе претставува главен аутпут од овој истражувачки труд. Во него ќе бидат наведени генерални препораки наменети за успешно имплементирање на Директивата од страна на финансиските и банкарските ентитети во Република Северна Македонија. Препораките ќе бидат креирани врз база на теоретското истражување, позитивните и негативните искуства на банките, трговците, купувачите и новите играчи на пазарот во Европската Унија, како и врз база на логичните заклучоци кои ќе бидат донесени како резултат на создавањето на овој истражувачки труд.

Цели на истражувачкит труд (Истражувањето)

Трудот концепциски е структуиран да даде одговор на три релевантни прашања, формулирани како основни **ЦЕЛИ,** и тоа **:**

✓ Истражување и дефинирање на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) – поим, концепти и цели;

✓ Определување на импликациите на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) врз (1) правната регулатива за платежни услуги и платни системи и сл; и (2) реалната поставеност и работење на банките, централниот авторитет и останатите учесници во финансискиот еко-систем;

✓ Генерирање на препораки првенствено насочени кон менаџментот на финансиските институции во државата за успешно управување со промените при имплементација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2).

Методи и техники на истражувањето

Со оглед на главната тема на истражување на овој истражувачки труд, методи и техники кои ќе се користат ќе бидат фокусирани на теоретските податоци и анализа на текстот на самата Директива, секундарни податоци од нејзината имплементација низ ЕУ, а дел од истражувањето исто така ќе се фокусира и на емпириски податоци од праксата.

Во теоретското истражување ќе бидат собрани сите потребни материјали, почнувајќи од целокупниот текст на Директивата, преку неколку национални закони за платни услуги базирани на Директивата од земјите членки на ЕУ, па се до анализите и мислењата на одредени институции, организации, финтек компании, економисти и банкари. Сите собрани материјали ќе образложени и анализирани во текстот на овој истражувачки и ќе биде извршена компарација помеѓу соодветната литература.

Емпириското истражување ќе се послужи и со квантитативни и со квалитативни методи, односно ќе содржи обработка, анализа и образложување и на податоците и на праксите при имплементација на Директивата PSD2 во одредени банки од земјите членки на ЕУ. Овој труд е резултат на твининг проект тандем-партнерство со Универзитетот Гент од Белгија, па така ќе бидат вклучени и одредени податоци за имплементацијата на Директивата во белгиската економија, извлечени од истражувачкиот труд на тандем-партнерот Квентин Меулеман. Исто така ќе биде реализирана и студија на случај, при што ќе се анализира процесот на прифаќање и имплементација на насоките и правила од Директивата во една македонска финансиска институција. Истражувањето ќе биде составено од отворено интервју со менаџментот, како и анализа на добиените податоци, во случај институцијата да може да ги обезбеди и прикаже. Емпириското истражување треба да ги прикаже процесите на имплементација на Директивата во пракса, да ги посочи позитивните и негативните искуства, да ги прикаже можностите и ризиците и како примарна цел на овој истражувачки труд, да обезбеди препораки за правилна имплементација и управување со промените при ставањето во функција на Директивата PSD2 во целокупниот банкарски и финансиски сектор на Република Северна Македонија.

1. Теоретска и правна рамка на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2)

Во 90-тите години беше создаден заедничкиот европски пазар, нешто што сè уште е главна и основна цел на ЕУ. Таквиот пазар гарантира слободен проток на капитал, производи, услуги и труд низ целата Европска Економска Зона. Првиот чекор кон остварување на ваквиот заеднички единствен пазар беше воведување на Еврото како заедничка валута во 1999. За да се постигне целта на заеднички европски пазар потребна била и хармонизација на трансакциите остварени во оваа заедничка валута. Таа започнала со создавањето на Единствената Евро платежна зона (СЕПА), чија цел била да им овозможи и на правните и на физичките лица плаќања низ цела Европа со единствена платежна корисничка сметка или картичка, исто така лесно како што тие би плаќале во својата матична земја. Но, сепак СЕПА не била целосно хармонизирана, а националните пазари за платежни услуги биле организирани и опфатени со легислатива посебно, што довело до неефикасно функционирање на пазарот. Поради тоа била донесена првата европска директива за платежни услуги. Првата европска директива за платежни услуги била изгласана во 2007 година и денес се смета за најбитниот елемент на европската легислатива за финансиските услуги и платежниот пазар. Целта на оваа Директива била создавање на ефикасен и интегриран пазар на платежни услуги во ЕУ, со што на потрошувачите би им се овозможиле лесни, ефикасни и безбедни плаќања низ целата Европска Унија, на исто ниво како плаќањата во нивната матична земја, па така ЕУ ја создала ПСД, како заедничка работна рамка за платежни услуги, која треба да ги замени националните закони на земјите-членки.

ПСД донесува правила за сите провајдери на платежни услуги. Провајдери на платежни услуги (ППУ – ПСП) се сите провајдери на било какви активности кои им дозволуваат на клиентите депонирање или повлекување на кеш од платежна корисничка сметка, извршување на платежни трансакции преку кориснички сметки или електронски уреди, издавање или примање на платежни инструкции или парични трансфери. Според ПСД, платежните услуги вклучуваат кредитни трансфери, директни дебитни плаќања, картични плаќања, онлајн плаќања и мобилни плаќања. Правилата

кои се наведени во ПСД вклучуваат податочни барања за провајдерите на платежни услуги и права и обврски поврзани со употребата на платежните услуги.

ПСД ги срушила интерните граници и бариери и го овозможила вистинскиот слободен проток на капиталот, бидејќи овозможила функционирање на истите закони за сите членки на ЕЕЗ, наместо различни национални закони за различни земји. ПСД исто така барала од сите ПСП да обезбедат авторизација како би биле во можност да оперираат низ целата ЕУ, а барањата и правилата за авторизација биле исти во сите земји-членки, што овозможило сите ПСП да играат според истите правила.

Еден ефикасен платежен систем треба секогаш да ја држи отворена вратата за зголемување на конкуренцијата преку понудување на подобри услуги и пониски трансакциски трошоци, но исто така треба и да им овозможи на финансиските институции да развиваат нови производи и услуги кои би станале нов извор на приходи за нив. Една од главните цели на ПСД била да создаде поголема конкуренција, што пак би довело до зголемување на иновациите во границите на европскиот платежен пазар. Со создавањето на нов тип на регулирани компании, наречени платежни институции, кои би имале можност да отвораат кориснички сметки, процесираат плаќања и издаваат платежни картички, ПСД ја отворила вратата на пазарот на европските платежни услуги и за небанкарските играчи, односно т.н. ФинТек компании. Тоа значело дека по автоматизам Директивата ја зголемува конкуренцијата, што резултирало со намалени бариери за влез и фер и отворен пристап до пазарот за сите компании. Добиениот резултат на крајот бил поширок избор на платежни услуги за потрошувачите поголема ефикасност на самиот систем.

1.1. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) на ниво на Европската Унија

ПСД била означена како успешна регулатива која ја постигнала својата цел – подобрување на ефикасноста на платежниот пазар во Европа. Но, во годините по нејзиното имплементирање, платежниот пазар во ЕУ доживеа енормни технолошки иновации и развој на нови видови на електронски услуги. Нови играчи се појавија на пазарот на мобилни и онлајн плаќања – т.н. третострани провајдери (ТПП), кои нудат специфични платежни решенија или услуги на клиентите. Продирањето на пазарот на платежни услуги било доста комплицирано за овие провајдери под условите наметнати од ПСД. Постоеле доста бариери кои ги спречувале да понудат различни платежни решенија кои ќе бидат долготрајни и во повеќе земји-членки на ЕУ, што донело до заклучок дека можеби ПСД не е доволна за да го израмни теренот за игра и да се засили конкурентноста кај платежните услуги.

Анализата на импактот од ПСД1 покажала дека развојот и растот на малопродажниот платежен пазар и поврзаните дигитални технологии откако ПСД1 била донесена, донела сериозни предизвици од регулаторна перспектива. Значителни делови од платежниот пазар, посебно интернет и мобилните плаќања останале фрагментирани позади националните граници во ЕУ и не можеле да бидат опфатени со ЕУ регулатива. Дополнително, елементите кои не биле опфатени со ПСД1, односно биле исклучоци, биле преопшти или пак престари, застарени, што резултирало со правна несигурност, безбедносни ризици во платниот синџир и недостаток на заштита на потрошувачите. Според Европската Комисија, ефикасниот платежен пазар треба да гарантира: исти правила низ целата ЕУ, јасни информации за плаќања, брзи плаќања, заштита на потрошувачите и голем избор на платежни услуги. Многубројни активности се превземени низ целата ЕУ со цел да се добие таков ефикасен систем. Кога се собрало сето ова, очигледно било дека нова верзија на ПСД1 била и повеќе од потребна .

Платежните системи се еден од најважните делови на финансиската инфраструктура, а бидејќи тие имаат влијание врз целиот финансиски систем, за нив е потребна регулатива. Целта на ПСД и надоградбата кон ПСД2 е плаќањата да бидат побезбедни,

побрзи и посигурни, како би се зголемила ефикасноста на целиот платежен пазар. Во насока да се остварат целите на ЕУ за достигнување повисоко ниво на платежен систем, Европската Комисија донесе предлог за ревизија и модернизација на ПСД – ПСД2. ПСД2 влезе во употреба во јануари 2018 во повеќето земји-членки, а во истиот момент ПСД1 беше повлечена од употреба. ПСД2 ги надградува и надополнува правилата на игра поставени во ПСД1. Таа поставува стриктни правила во врска со безбедносните побарувања за електронските плаќања и заштитата на личните финансиски податоци на клиентите, транспарентноста на побарувањата за информации за платежните услуги и правата и обврските на корисниците и провајдерите на платежните услуги. ПСД2 исто така ги зема во предвид надоаѓачките и иновативни платежни услуги, како онлајн и мобилните плаќања.

ПСД2 претставува и одговор на проблемите, но и катализатор за понатамошно развивање на платежниот пазар. Како резултат на технолошкиот развој и промените во очекувањата кои потрошувачите ги имале, се појавиле многу нови видови на онлајн и мобилни платежни услуги кои или само делумно или пак воопшто не потпаѓале под легислатива на ПСД. Овие услуги биле понудени од најразлични видови на провајдери и донеле доста иновации и конкурентност, како и голем избор на евтини алтернативи за интернет плаќања, но сепак не биле никако регулирани.

Еден таков пример за компании што не било опфатени со ПСД1, а се опфатени во ПСД2 се провајдерите што им овозможуваат на клиентите да купуваат производи онлајн без да користат платежна картичка, односно што овозможуваат трансакции директно од сметката на клиентот до сметката на продавачот. Еден таков пример за сметка на продавачот е норвешкиот Vipps.

Со цел да го задржи и зголеми нивото на конкуренција и да овозможи еднаков терен за игра за различните провајдери, Европската Комисија реши да ги регулира и овие нови провајдери на услуги. Хармонизацијата на фрагментираната европска регулаторна работна рамка би резултирала со еднакви конкурентски услови помеѓу ПСП, како во една земја, така и помеѓу различните земји-членки. Грижата за недостатокот на стандардизација под ПСД би се намалила значително, бидејќи сите ПСП би биле исто регулирани.

ПСД2 исто така била потребна и од аспект на заштита на потрошувачите. Корисниците на платежните услуги мора да знаат дека новите и комплексни услуги кои тие ги користат се безбедни. Со оглед на тоа што електронските плаќања стануваат се потехнолошки комплицирани, потребно е ПСД2 да ја гарантира нивната безбедност. Како еден платежен систем би работел како фасилитатор на размена на добра и услуги со цел унапредување на економската добробит, физичките лица треба да имаат доверба во безбедноста на достапните методи на плаќања и платежните услуги. Платежните системи мора да даваат слика на доверливост и на системи на кои учесниците можи да се потпрат. Потрошувачите мора да бидат заштитени од неовластен пристап и измами, нешто што ПСД1 и ПСД2 го гарантираат. Заштитата на потрошувачите е основа на ПСД, а уште повеќе на ПСД2. ПСД2 ја промовира и засилува заштитата на потрошувачите на неколку начини. Најпрво, Директивата наложува правила за јасно информирање, вклучувајќи тука и информации за трансакциските провизии кои треба да бидат лесно и јасно достапни на клиентите, со што тие во секој момент би биле свесни за тоа колку трошоци сноси извршувањето на секоја нивна трансакција. Дополнително, ПСД2 вклучува заштита на правата на потрошувачите во поглед на неовластените или неточни наплаќања од страна на нивните кориснички сметки. На пример, според Директивата, одговорноста за точното извршување на трансакцијата паѓа на товар на провајдерот, а не на корисниците. Ако една трансакција не се изврши или пак е погрешна, тогаш провајдерот мора да ја корегира или па да целосно да ги рефунцира средствата на сметката на корисникот. ПСД2 исто така вклучува и правила во случај на погрешно овластување при трансакциите.

Бидејќи ПСД2 е континуација и надградена верзија на ПСД1, главната цел сè уште е развој на интерниот пазар за безбедни електронски плаќања, што пак го поддржува растот на ЕУ економијата. Регулаторната работна рамка треба да придонесе за поинтегриран и поефикасен европски платежен пазар, да го подобри нивото за игра за провајдерите (вклучително и новите играчи), да ги направи плаќањата побезбедни и да ги заштити потрошувачите. Според оценувачките извештаи за ПСД1 и скорешните пазарни промени, Европската Комисија во 2015 во точка 6 од ПСД2 истакнува дека: „Треба да се воспостават нови правила како би се затвориле регулаторните дупки, а во исто време да се спроведе повеќе легална сигурност и да се осигура конзистентна примена на легислативната работна рамка низ целата ЕУ. Еквивалентните работни услови треба да се гарантираат, како за постоечките, така и за новите играчи на пазарот, со што ќе се овозможи нови форми на плаќања да стигнат до поширок пазар и да се осигура високо ниво на заштита на потрошувачите при користењето на тие платежни услуги низ целата ЕУ како целина“ (ЕК ПСД2). Ова треба да генерира ефикасност во платежниот систем како целост и да доведе до повеќе избор и повеќе транспарентност во платежните услуги, а во исто време зацврстување на довербата на потрошувачите во хармонизиран платежен пазар (ЕК ПСД2). Големиот фокус на правењето на плаќањата побезбедни и посигурни излегува од фактот што безбедносните ризици поврзани со електронските плаќања значително се зголемени. Зголемената техничка комплексност на електронските плаќања, континуираното зголемување на волуменот на електронските плаќања на светско ниво и новите типови на платежни услуги се фактори кои допринесуваат за безбедносните ризици. Според ЕК, безбедните и сигурните платежни услуги конституираат витален услов за доброфункционирачки пазар на платежни услуги каде корисниците треба да бидат адекватно заштитени од таквите ризици. Како што ПСД1 придонесе за намалување на посредниците помеѓу банките и платежните институции на т.н. „Merchant acquiring“ пазар, ПСД2 се очекува да биде дисинтермедијарот на потрошувачката страна. ПСД2 има за цел да го отвори платежниот пазар за иновативни провајдери (банкарски и небанкарски институции) како одговор на промените во однесувањето на потрошувачите и иновацијата водена од технологијата.

ПСД1 не ги покриваше плаќањата направени преку телекомуникациски провајдери, каде телекомуникацискиот оператор има улога на интермедијар помеѓу корисникот и

ПСП. Под ПСД2, член 3, став I, купувањето на физички добра и услуги преку телеком оператор сега потпаѓа под опсегот на ПСД2. Дополнително, ПСД2 ги специфицира и намалува исклучоците за плаќањата преку телекоми. Исклучоците сега покриваат само плаќања направени преку телеком за купување на дигитални услуги како музика или дигитални весници кои се симнати на дигитален уред или електронски билети или донации на добротворни организации. Како би се избегнал ризикот за изложување на значаен финансиски ризик за плаќачите, само плаќања под одредена граница се исклучени (50 евра по трансакција, 300 евра по месец). Телекомите кои се вклучуваат во такви активностни треба да ги известат компетентните авторитети, на годишна база, дека се усогласени со овие лимити. Активноста исто ќе биде наведена во листата во јавните регистри.[1]

1.2. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во земјите членки на Европската Унија

ПСД2 фундаментално го променува платежниот ланец, бизнис моделите на комерцијалните банки, користењето на личните податоци и однесувањето и очекувањата на потрошувачите. ПСД2 се однесува на платежните услуги понудени во рамки на земјите членки на ЕУ и ЕЕА, која се состои од 28 членки плус 3 членки на ЕЕА – Норвешка, Исланд и Лихтенштајн. Бидејќи ПСД1 покриваше само платежни услуги спроведено во ЕУ преку т.н. „two-leg transaction“ и во валута на земја членка, ПСД2 го проширува опсегот за покривање и на интра-ЕЕА плаќања во не-ЕЕА валути и плаќања до и од не-ЕЕА земји во било која валута. Важно е да се напомене дека овие проширувања се аплицираат само на оние делови од трансакцијата кои се извршуваат во рамки на ЕЕА.

Една од промените кои што ги носи Директивата е и зацврстувањето на позицијата на Европскиот Банкарски Авторитет (ЕБА), со оглед на тоа што ЕБА ја поседува потребната стручност за подготовка на насоките и регулаторните технички стандарди, кои се потребни како суплемент на Директивата, а кои и самата таа ги наложува. ЕБА

[1] Е.Комисија, 2015

доби задача да изработи вкупно 12 документи поврзани со насоките за имплентација на Директивата и потребните регулаторни технички стандарди. Сите овие документи се од енормна важност за нормалното функционирање на процесите кои произлегуваат од Директивата. Овие документи се суплементарни на Директивата, бидејќи тие, а и работите кои тие ги регулираат, не можеа да бидат целосно вклопени во неа, а исто така, нивното креирање и усвојување како независни регулативни документи ѝ овозможува на ЕБА да може да ги менува и прилагодува врз основа на сите нови ситуации кои во иднина би произлегле во финансискиот сектор.

Некои од документите кои влегуваат во оваа група, а кои се веќе усвоени од ЕБА се насоките за пријавување на измами, насоките за безбедност и насоките за авторизација и регистрација. ЕБА исто така има авторитет да објавува мислења кои би помогнале во целосната и еднообразна имплементација на Директивата. Објавувањето на овие насоки и мислења се еден од клучните чекори за идниот развој на платежниот систем и за унификација на различните практики во различните земји и унификација на ниво на националните регулативи. Иако тие не се секогаш целосно правно обврзувачки, но сепак се доволно стручни и со доволна убедувачка моќ за да помогнат во унифицираното работење на финансискиот и платежниот систем во склоп на Директивата.

Еден ваков пример е мислењето на ЕБА за имплементација на РТС при СЦА и ЦСЦ, кои ги разјаснува нејасните работи содржани во Commission Delegated Regulation (EU) 2018/389441. Уште еден ваков пример и мислењето од ЕБА за транзиција од ПСД1 во ПСД2, кое е насочено кон компетентните авторитети и ги содржи информациите поврзани со транзицијата и инструкциите за тоа како да се справат со реавторизацијата на веќе постоечките платежни институции и како да ги третираат ПИСП и АИСП при процесот на транзиција.

ЕБФ го илустрирал на високо ниво процесот на интернационално кореспондетно банкарство за да помогне во идентификување на тоа каде ПСД2 правилата и географскиот опсег се применуваат. Движењето на трансакција иницирана во ЕЕА е следно: Банка А е провајдер на плаќачот лоцирана во ЕЕА. Банка Б е коренспондетна банка или интермедијарен провајдер надвор од ЕЕА и Банка Ц е банка на примачот на

плаќањето, лоцирана надвор од ЕЕА. Платежниот систем порамнува во специфичните странски валути на домашно ниво, на пример долар во САД.

1.3. Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Република Северна Македонија

Како кандидат за членка на Европската Унија, Република Северна Македонија не беше обврзана да ја имплементира ПСД2 и да донесе национален закон еквивалентен на ПСД2 до рокот кој важеше за сите земји-членки на ЕУ. Поради тоа, законодавците во Република Северна Македонија имаа повеќе време и повеќе простор за да го донесат нацрт-законот и потоа да го усвојат во закон. Новите измени за втората ЕУ Директива за платежни услуги се усвоени со Законот за платежни услуги и платни системи, Со оглед на ситуацијата со дигиталното банкарство и е-комерцијата во државата (каскање зад европските стандарди и развивања), покасното донесување на овој национален закон можеби беше подобра ситуација, бидејќи обратниот случај, раното носење и можното избрзување, би донело до хаотична и проблематична имплементација.

Во Република Северна Македонија платниот промет беше регулиран од Законот за платен промет од 2007 и разните негови надополнувања. Овој закон во минатото беше често критикуван поради нехармонизацијата со ЕУ законодавството (посебно со Директивата за порамнувања на плаќањата и безбедносните системи за порамнувања (98/26/ЕС)). Во 2018, НБРСМ го донесе нацрт-законот за Законот за платежни услуги и платни системи. Со ова Република Северна Македонија имаше намера да се усогласи со ПСД2, да ги надине претходно споменатите хармонизациски проблеми и да ја вклучи Директивата за електронски пари (2009/110/ЕС) во својата легислатива. Законот е изгласан со цел либерализација на пазарот на платежни услуги и градење на потребните механизми кои ќе овозможат создавање и работење на ПИСП и АИСП компании. Тој исто така го гарантира порамнувањето на плаќањата, ги минимизира системски ризици поврзано со платежните системи и воведува нови платежни инструменти како на пример директните заеми.

Легислативниот процес започна на 30 септември 2019. Владата на РСМ одржа три јавни дебати во врска со нацрт-законот, заедно со голем број на заинтересирани финансиски институции и Министерството за Финансии. НБРСМ создаде креативен хаб во соработка со некои финтек компании, како сите заедно подобро би го разбрале и водела процесот на подготовка и како би учеле едни од други. Сето ова му претходеше на донесувањето на законот.

Во Јуни 2019, Сеавус објави дека ќе оствари партнерство со шведската Marginalen Bank и дека компанијата ќе започне со имплементација на технички решенија поврзани со ПСД2. Сеавус исто така ќе понуди и ТПП менаџирање на банката, менаџирање на АПИ и нивното користење од страна на ТПП, како и иновации поврзани со сеопфатно искористување на можностите кои ги нуди ПСД2. Имајќи го во предвид бавното темпо на развој, до овој момент во Република Северна Македонија не беше отпочната со работа ниту една ПИСП или АИСП компанија.

Платниот систем во Република Северна Македонија има три периоди од кои две се фази, а едниот период во суштина е транзициски период. Првата фаза го опфаќа периодот од осамостувањето на Република Северна Македонија па се до 29.07.2021 година. Транзицискиот период продолжува веднаш после првата фаза, од 30.07.2021 и трае до 31.12.2001 година. Втората фаза започнува со завршувањето на транзицијата и трае сѐ до денес.

Во првата фаза, платежниот систем на РСМ функционирал целосно како што бил наследен од поранешниот социјалистички систем познат како ЗПП – Завод за платен промет. Овој Завод за платен промет ја извршувал својата улога на интербанкарскиот и интрабанкарскиот платен систем за домашни плаќања за потребите на сите стопански субјекти во границите на државата.

Во тој период, државата била насочена да направи организација во пазарно ориентирана економија, за што било неопходно да се направи реформација во целокупниот национален платежен систем и да се воведе нов систем според нови критериуми, прописи и начин на функционирање со кој ќе биде возможно да се направи усогласеност во функционирањето во насока на остварување на овие стремежи. За создавање на новиот платежен систем, биле поставени нови

имплементации на закони, со цел новиот Закон за платежени услуги да се развива во согласност на тие нови имплементации, се со цел да може да вклучи некои од елементите од постоечките системи во Европска Унија и да се воспостават нови современи системи за плаќање и клиринг ориентирани кон пазарот, и систем за порамнување на трансакциите со електронски трансфер на средствата преку сметките на банките кај НБРСМ. Во остварување на оваа цел, улога завзело Министерството за финансии на Република Северна Македонија (МФРМ) кое воспоставило трезорски начин на прибирање на приходите и извршување на расходите на буџетот и буџетските корисници, а за централизирано извршување и порамнување на платните трансакции е отворена единствена трезорска сметка во НБРСМ. Овие реформи - новини се одвивале согласно Физибилити студија за реформата на платниот систем создадена од Европската Унија. Во самата студија и во имплементирањето на новиот платежен систем активно имаа заземено учество Народната Банка, Министерството за финансии, банките, Заводот за платен промет и секако, универзитетски професори.

Во периодот од 30.07.2001 до 31.12.2001 година, кога се спроведувала транзицијата, паралелно било остварено имплементирањето на двата нови платни системи во РМ – МИПС и КИБС, додека непрекинато Заводот за платен промен функционирал со својата дејност како специфичен носител на платен промет. Ова е периодот кога започнала миграцијата на корисничките платежни сметки во банките, со што започнал и периодот на опаѓање на работата на Заводот за платен промет. Тоа довело секако до зголемување на обемот на работа во новите платни системи во МИПС и КИБС, а системите на банките се зголемувале.

Со самото завршување на периодот на транзиција и комплетно исполнување на миграцијата на сметките од Заводот во банките, Заводот за платен промет не бил веќе потребен и бил исклучен од употреба. Работата со платежните услуги од тој момент е предадена на новите системи МИПС и КИБС.

Во октомви 2004 година, била потпишана Спогодба помеѓу трите страни: министерот за финансии, гувернерот на НБРМ и претседателот на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија. Со донесувањето на спогодбата бил формиран Национален совет за платни системи (НСП), како консултативно и координативно тело на сите засегнати страни. Главната цел на Националниот совет за платни системи е

напорот да придонесе за сигурноста, стабилноста и ефикасноста на платниот систем со покренување иницијативи и давање предлози за негово унапредување и развој, соодветно на потребите на носителите и корисниците на платежни услуги и економијата во целост.

Согласно со член 5 од Спогодбата и одлуката донесена на 18. седница одржана на 29.7.2011 година, во работата на НСП, освен претставници од институциите основачи, постојано учествуваат и претставници на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (КХВ), клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи“ АД Скопје и „Интернационален картичен систем - КаСис“ АД Скопје.

Втората фаза успешно функционира од самиот почеток на 01.01.2002 година, па сè до денес, со што постојано ги следи новите реформи и барања на светско ниво, се надоградува спрема истите, а особено спрема реформите на кои акцент става Европската Унија.

Во Законот за платен промет и платен систем и во Законот на Народната Банка на Република Северна Македонија, пропишани се регулаторните и надзорните функции на Народната банка. Во новиот систем, Народната Банка е постојано во соработка со сите вклучени страни во истиот, а тука се Министерството за фианансии, Здружението на банки, клириншките институции и Комисијата за хартии од вредност. Секако, новиот платен систем има иницирано огромна конкуренција помеѓу банките и преку оваа нова конкуренција настанати се нови платежни и иновативни производи кои ќе привлечат повеќе корисници.

Пред имплементација на измените на платниот промет, сè до 31.12.2022 година, носители на платниот промет беа: Народната банка на Република Северна Македонија, банките кои добиле дозвола за извршење на платен промет согласно со закон, и филијали на странски банки и Трезорот при Министерството за финансии како посебен носител на платен промет за буџетските корисници и единките корисници, и Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на РС Македонија, како посебен носител на платниот промет на здравствените установи. Со изгласувањето на измените од Директивата за платежни услуги 2, како носители на платниот систем се вбројуваат и сите субјекти кои претходно ги имаат исполнето условите да влезат на платежниот

пазар, секако со посебна согласност од сите корисници на услугите кои што тој субјект ќе ги нуди.

Платниот систем вообичаено е насочен кон институциите кои ги обезбедуваат инструментите и услугите за корисниците физички лица, но и вклучувајќи ги и организациите кои дел од примарната дејност им се услуги за плаќање, клиринг и операции со пари. Со Законот, постојат и многу договорени прописи како што се стандарди, конвенции и договори за цени и употреба на различни инструменти и услуги за плаќање, како и консултативни работни групи за консултации и соработка во областа на платниот сектор за дополнително усовршување на услугите.

Платниот систем се состои од фази кои имаат концизно зацртани правила и прописи, а тие фази се: овластување, обработка и порамнување. Целта на сите овие етапи е да се одржи пред се сигурноста и стабилноста-конзистентноста на платниот систем за сите учесници кои се вклучени во извршувањето на некоја трансакција.

Институцијата за електронски пари, освен што го извршува издавањето на електронски пари, може да извршува и платежни услуги од член 8 став на овој закон наведени во дозволата издадена од гувернерот. Исто така, институциите за електронски пари може да даваат оперативни и сродни помошни услуги доколку истите се поврзани со издавањето на електронските пари и со давањето на платежните услуги од точка 1 на овој став, како што се овозможување на извршувањето на платежните трансакции, купопродажбата на девизи на девизен пазар согласно законот со кој се уредува девизното работење и услуги на складирање, чување и обработка на податоци. Овие институции може да извршуваат и други дејности а истите не се опфатени со точки 1,2,3 од тој став, но не се однесуваат на издавањето на електроснки пари.

И платежните институции и институциите за издавање на електронски пари имаат обврска не подоцна од 30 дена пред да ја започнат својата дејност од став 2, точки 1 и 3, односно став 3, точки 2 и 4 од овај член да ја известат Народната банка за влијанието на новите дејности врз нејзината финансиска состојба, организациската структура, системот на внатрешни контроли и системот за заштита на средствата на корисниците на платежните услуги. [2]

[2] Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

Платежната институција, како и институцијата за електронски пари, доколку планира да започне да врши дејност од став 2 точка 2, односно став 3 точка 3 на овој член, е должна при доставување на барањето за добивање дозвола од член 138 став 2 на овој закон да приложи и оценка за влијанието на новите дејности врз нејзината финансиска состојба, организациската структура, системот на внатрешни контроли и системот за заштита на средствата на корисниците на платежните услуги.[3]

НБРСМ врши оценување на тоа дали извршувањето на дејностите од ставовите 2 и 3 од овај член прави било какво нарушување или има потенцијал да ја наруши стабилноста, сигурноста, угледот и довербата која корисниците на платежни услуги ја имаат дадено кон платежната институција или кон институцијата за електронски пари. Народната банка исто така врши проценка дали извршувањето на тие дејности од страна на тие институции му прави било какво отежнување на НБРСМ за да може да ги следи функционирањето и усогласеноста на платежните институсии, како и на институцијата за електронски пари, со прописите и утврдените услови со овај закон.

1.3.1 Регистар на платежни институции

Народната банка води Регистар на платежни институции и Регистар на институции за електронски пари.

Регистарот на платежни институции особено содржи:

- назив и седиште на платежната институција, видот на платежните услуги за кои е издадена дозвола за давање платежни услуги, назив и седиште на агентите на платежната институција и видот на платежните услуги кои ги дава агентот и назив и седиште на подружницата отворена во држава - членка домаќин и/или во трета држава;

- назив и седиште на платежната институција со олеснет пристап, видот на платежните услуги за кои е издадена дозвола за давање платежни услуги, назив и седиште на агентите на платежната институција и видот на платежните услуги кои ги дава агентот;

[3] Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

- назив и седиште на платежната институција која дава само услуги за давање информации за платежни сметки и назив и седиште на агентите на платежната институција;

- назив, седиште на издавачот на платните инструменти од член 3 став 1 точка 11 алинеи а) и б) на овој закон и опис на активноста за која е испратено известување согласно член 3 став 2 на овој закон и

- назив и седиште на операторот на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги од членот 3 став 1 точка 12 на овој закон и опис на активноста за која е испратено известување согласно член 3 став 5 на овој закон.

1.3.2 Заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги кај платежните институции

Платежната институција која дава платежни услуги од член 8 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5 и/или 6 на овој закон е должна да ги заштити примените парични средства од или во корист на корисникот на платежни услуги за извршување на платежните трансакции или примените парични средства од друг давател на платежни услуги во корист на корисникот на платежни услуги за извршување на платежните трансакции во согласност со одредбите од овој член на законот.

Платежната институција е должна паричните средства од ставот 1 на овој член да ги чува одвоено од паричните средства што ги чува во свое име и за своја сметка, како и од паричните средства кои ги примила од правни или физички лице кои не се корисници на платежни услуги.

Доколку платежната институција не ги пренесе паричните средства од ставот 1 на овој член на примачот или на друг давател на платежни услуги најдоцна до крајот на наредниот работен ден од денот на нивниот прием, е должна да ги заштити таквите парични средства на следните начини:

- да ги депонира на посебна сметка отворена во Народната банка и банка и штедилница согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките и штедилниците пришто депонираните парични средства не се користат за други цели освен за заштита

на примените парични средства од корисникот на платежни услуги или од друг давател на платежни услуги, и/или
- да ги инвестира во сигурни, ликвидни и ниско-ризични средства.

Паричните средства од став 1 и нивната заштита определена со ставот 3 на овој член не влегуваат во стечајната или ликвидационата маса при спроведување на постапка за ликвидација или стечај на платежната институција, и не влегуваат во стечајната или ликвидационата маса на банката и/или штедилницата каде што се депонирани. Врз нив не смее да се воспостави залог или друга слично правно дело за обезбедување на побарувања и врз нив не смее да се спроведе извршување од страна на или во името на доверителите на платежната институција.
Доколку се отвори стечајна постапка врз платежната институција, паричните средства на посебните сметки од ставот 3 точка 1 на овој член единствено се користат за исполнување на обврските на платежната институција кон корисниците на платежните услуги.
Доколку се отвори стечајна постапка врз банка или штедилница каде што е отворена посебна сметка од став 3 точка 1 на овој член, паричните средства на оваа посебна сметка веднаш и без одлагање се пренесуваат на посебна сметка во друга банка или штедилница, определена од страна на платежната институција.
Одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат на побивање на правните дејствија не се применуваат на паричните средства од ставот 1 на овој член и на нивната заштита определена со став 3 на овој член.
Одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член не се применуваат ако паричните средства од ставот 1 на овој член се покриени со осигурителна полиса или со гаранција без приговор и платлива на прв повик, во случај на неможност на платежната институција да ги исполни своите финансиски обврски, издадени од друштво за осигурување или банка, кои не припаѓаат на истата група на која и припаѓа платежната институција, немаат квалификувано учество во платежната институција и/или не претставуваат лица со блиски врски со платежната институција. Со осигурителната полиса или гаранцијата, паричните средства треба да имаат покритие или да се гарантирани, најмалку на еднаков износ на оној со кој би биле заштитени доколку би се применил начинот определен со ставот 3 од овој член.

Платежната институција која покрај давање платежни услуги од став 1 на овој член врши и услуги и дејности од член 11 став 2 на овој закон, при што прима од корисникот на платежни услуги парични средства од кои еден дел е наменет за извршување на идни платежни трансакции, а другиот дел е наменет за извршување на други услуги и дејности, е должна да ги заштити примените парични средства наменети за извршување на идни платежни трансакции согласно со одредбите од овој член. Во случај кога износот на паричните средства наменет за извршување на идни платежни трансакции е променлив или не е однапред познат, платежната институција го заштитува делот од паричните средства за кој се претпоставува дека ќе биде употребен за извршување на идни платежни трансакции и кој може веродостојно да се процени врз основа на историските податоци за користењето на паричните средства. Доколку Народната банка оцени дека проценатa на износот на паричните средства наменет за извршување на идни платежни трансакции не е соодветна, може да побара измени на пресметката и повисока заштита на примените парични средства од корисниците на платежните услуги.

Доколку платежната институција планира било какви промени во начинот на заштита на паричните средства на корисникот на платежни услуги, е должна да ја извести Народната банка во рок од 30 дена пред промената и да достави опис на планираните мерки за заштита, со соодветни докази и документи.

2. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во финансискиот систем

2.1. Операционализација на Втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Европската Унија

ПСД2 датира од 25 ноември 2015 година (2015/2366). Таа е сет на правила, закони и технички стандарди за регулирање и хармонизација на платежната индустрија во Европа. Директивата стапи на сила на 13 јануари 2018 година и ја замени ПСД1. Целта на оваа директива е да го прошири обемот на ПСД1, да ја зголеми конкуренцијата на платниот пазар со обезбедување на "рамно третирање", да создаде интегриран и хармонизиран пазар на плаќања и да обезбеди заштита на клиентите. Безбедните и сигурни платежни услуги се предуслов за добро функционирачки пазар на платежни услуги. Платежните услуги, пак, се суштински за функционирањето на виталните економски услуги и социјалните активности.[4]

Ревизијата на правилата за услугите за плаќање беше сметана за неопходна од страна на Европското законодавство поради технолошките напредоци кои се случија во текот на последната деценија во областа на плаќањата. Како резултат од овие напредоци, се забележа зголемување на бројот на електронски и мобилни плаќања. Исто така, многу нови играчи (претежно ФинТек, но и онлајн трговци и телекомуникациски компании) влегоа на пазарот со нови технологии и иновативни бизнис модели, така наречените ТПП-ови. Овие ТПП-ови беа ограничени од архаичните правила и беа ограничени во нивната можност да влегуваат на пазарот на плаќања.

Еден од клучните елементи на ПСД2 се информациските побарувања од провајдерите на платежни услуги. Според ПСД2, ПСП мораат јасно и разбирливо да ги пренесат сите важни информации кон корисниците на нивните услуги. Пред извршување на било која платежна услуга, корисниците мора да бидат јасно и лесно разбирливо информирани за провизиите, процедурите за жалби и сите трошоци кои можат да настанат од користењето на услугата. По извршувањето на услугата или трансакцијата, провајдерите мора на корисниците да им пренесат информација на корисниците за бројот или кодот на трансакцијата, сумата на трансакцијата и трошоците и провизиите

[4] Quinten Meulemen, *PSD2 in Belgium: Strategic decisions beyond compliance,* University of Gent, 2021

кои настанале од трансакцијата, а истото треба да им го прикажат и на другата страна, односно примачот на средствата од трансакцијата, веднаш откако таа ќе се изврши. Овие услови и барања за информирање за платежните услуги се воведени со цел осигурување на транспарентноста на платежниот трансфер.

Директивата ПСД2 регулира две нови категории на провајдери, имено провајдери на ПИС и АИС. Создавајќи ги овие две нови категории, Европскиот законодавец исто така се обидува да регулира не-традиционални играчи на платниот пазар, како ФинТек компаниите, телекомуникациските и технолошките компании. ПСД2 го проширува својот обем за да вклучи и играчи кои не се банки, познати и како ТПП-ови. Правниот статус на ТПП-овите беше нејасен и можеше да варира значително од членка на ЕУ до членка на ЕУ. Покрај тоа, под ПСД1 не постоеше и надзорен орган за да ги следи ТПП-овите. Ова предизвика значителни несигурности, особено во врска со безбедноста на податоците и заштитата на потрошувачите. Со налагањето на иста регулација за ТПП-овите како и за банките, клиентите ќе можат да уживаат во подобрена безбедност.[5]

ПСД2 содржи шест поглавја и два анекси. Првото поглавје се фокусира на предметот, опсегот и главните дефинциии користени во ПСД2. Второто поглавје содржи правила за провајдерите на платежни услуги и членовите во ова поглавје ги поставуваат провизиите поврзани со авторизацијата на платежните институции и исклучоците од авторизација. Третото поглавје се занимава со транспарентноста на условите и побарувањата за информации за платежните сервиси. Четвртото поглавје ги адресира правата и обврските поврзани со провизиите и употребата на платежните услуги. Петтото поглавје содржи провизии за делегираните акти и регулаторните технички стандарди. Последното, шесто поглавје ги содржи финалните одредби (провизии), како на пример одредбите за целосна хармонизација и транспозиција. Анексот 1 ги наведува платежните услуги, а Анексот 2 ги содржи корелациските табели за одредбите од ПСД1 и ПСД2.

Со новата надградена верзија Европската Комисија се труди да дополнително ја зголеми ефикасноста на пазарот за платежни услуги во ЕЕЗ преку неколку точки:

-Создавање на поинтегриран европски пазар на плаќања ;

[5] Quinten Meulemen, *PSD2 in Belgium: Strategic decisions beyond compliance,* University of Gent, 2021

-Подобрување на еднаквиот терен за игра за провајдерите на платежни услуги, вклучувајќи ги и новите играчи кои не беа опфатени со ПСД1 ;

-Поттикнување на иновации и конкуренција на платежниот пазар ;

-Креирање на посигурни и побезбедни плаќања ;

-Зголемување и унапредување на заштитата на потрошувачите ;

Како што и спомнавме претходно, многу од одредбите содржани во ПСД2 се слични со одредбите во ПСД1. ПСД2 ја продолжува мисијата на ПСД1 со цел интегрирање на интерниот пазар за безбедни електронски плаќања. Постојаниот развој е клучен за растот на економијата во ЕУ и за овозможување на физичките и правните лица бенефит од широкиот избор и транспарентноста на платежните услуги. Новите правила кои ги содржи ПСД2 треба да осигураат конзистентна апликација на работната рамка низ целата Европска Унија. Ова е гарантирано преку имплементирањето на еквивалентни работни услови, како за постоечките, така и за новите играчи на пазарот. Нови играчи кои пенетрираат на пазарот ќе мора ги следат истите правила како и традиционалните ПСД, што ќе придонесе до тоа да новите методи на плаќања стигнат до поширокио пазар и до повеќе луѓе низ целата ЕУ.

Една од главните унапредувања од ПСД1 до ПСД2 е тоа што ПСД2 го проширува делокругот на Директивата со тоа што ги обработува и новите услуги и играчи и го проширува асортиманот на постоечките услуги. Ревидираната Директива пробува да го отвори платежниот пазар за компании кои нудат услуги кои се ориентирани на потребите на клиентите или компаниите кои ги користат нив, а се базираат на пристап до податоците за платежната корисничка сметка. Со вклучувањето на овие компании во својот делоктруг, ПСД сака да го изедначи теренот за игра за сите провајдери на платежни услуги и со тоа да обезбеди зголемена конкурентност на пазарот, што пак на крајот ќе донесе бенефит за потрошувачите преку намалување на цените и зголемување на понудата на пазарот. Она што ПСД2 го прави за да го промовира отворањето на банкарскиот екосистем е тоа што бара од банките да ги отворат своите бази на податоци и да дозволат отворен пристап на третостраните провајдери (ТПП), кои преку користење на достапните податоци, би станале новите играчи на пазарот. Овие нови играчи ќе го променат финансискиот и банкарскиот пазар од темел и ќе

можат да понудат многу операции и услуги кои досега беа ексклузива на комерцијалните банки. Сепак, и самите банки ќе можат да станат ТПП и да ги нудат овие нови услуги.

Клучните промени кои ПСД2 ги носи се прикажани на Слика бр. 1 и се следните:

- проширување на делокругот на плаќањата и на не-ЕЕА валути за интра-ЕЕА плаќања;


- задолжително користење на Shared Payment Charge (SHA) опцијата за наплата за сите интра-ЕЕА плаќања, без разлика на валутата;

- стандардизација на процесот на поплаки;

- поставување на минимални стандарди за силна автентикација на корисникот (СЦА) и поплочување на патот за отворено банкарство преку дозволување на третостраните провајдери да пенетрираат на пазарот.

Последната промена е и најинтересната за сите учесници на пазарот.

Опсегот на ПСД2 е проширен како во смисла на географски опсег (Слика бр. 1), така и во смисла на провајдерите на платежни услуги. Дополнително, опсегот е проширен да покрива и активности понудени од телеком оператори.



Слика бр. 1

Извор: *Ninth survey on corresponding banking in euro, 2015*

Играчите на пазарот и нивните активности се прикажани на Слика бр. 2 и се следните:[6]

-Корисници на платежни услуги (ПСУ) – индивидуалци и компании кои ги користат платежните услуги, како плаќачи и како примачи

-Третострани провајдери на платежни услуги (ТПП) – платежни институции кои не држат платежни сметки за своите корисници и кои нудат ПИС и/или АИС услуги


[6] (Deutsche Bundesbank, 2018)

-Провајдер на услуги за платежна иницијаци (ПИСП) – кои извршуваат активности како фасилитиација или онлајн банкарство за да извршат плаќање. ПИСП-овите имаат можност да ги започнат онлајн плаќањата директно од сметката на плаќачот во банката. АСПСП-овите мораат да овозможат технолошка конекција, безбеден API, преку кој ПИСП-от може да пристапи до сметката на плаќачот и да даде инструкција за плаќање за одземање од сметката. Бидејќи ПИСП-от може да ги започне кредитните трансфери директно од плаќачот до примачот, тој може да ги исклучи картичките како Visa и Mastercard, и нивните поврзани провизии од секвенцата на плаќање. Овој обновен бизнис модел резултира со поевтини и побрзи решенија за плаќање за клиентите. [7]

- Провајдер на услуги за информирање за сметки (АИСП) – кои извршуваат активности како агрегација или онлајн информирање за повеќе платежни сметки на едно место, како би понудиле глобален преглед на финансиите на корисникот. Овие провајдери имаат пристап до онлајн информации за сметката на своите клиенти и може да агрегира податоци од една или повеќе сметки на клиентот во различни банки. Со АИСП, клиентите веќе не мораат да се најавуваат на повеќе банки, туку можат да комуницираат со еден АИСП, кој може да биде и ТПП или АСПСП. АИСП има пристап само до податоците за кои клиентот изрично дал согласност, а тоа може да варира од историја на трансакции до баланс на сметката. Со овие податоци, АИСП-овите можат да анализираат шаблони на трошење на клиентите или да агрегираат информации за сметките на клиентите од различни банки. [8]

-Провајдер на платежни кои ги одржуваат сметките (АСПСП) – кои извршуваат активности како провизија и одржува на платежните сметки на ПСУ. Кредитни институции, платежни институци и институции за електронски пари можат да бидат АСПСП. Авторизирани, лиценцирани и регистрирани се на највисоко ниво според провизиите од ПСД2, но исто така и ПИСП и АИСП.

[7] Quinten Meulemen, *PSD2 in Belgium: Strategic decisions beyond compliance,* University of Gent, 2021
[8] Quinten Meulemen, *PSD2 in Belgium: Strategic decisions beyond compliance,* University of Gent, 2021



(Adapted from the EPC infographic on PSD2, European Payment Council, 2017a)
Figure 13

Слика бр. 2 *„Учесници и нивните улоги во ПСД 2“*

Извор: *EPC inforgraphic on PSD2, Europian Paument Council, 2017*

2.1.1. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) на ниво на финансискиот систем

Листата на провајдери според ПСД2 ги разликува истите 6 различни категории на провајдери, од регулаторна перспектива, како и ПСД1, со само одредени модификации на дефинициите и опсегот. Тие се:

1. Кредитни институции според точка 1 од член 4(1) од регулација 575/2013 од Европскиот Парламент и Совет, вклучувајќи ги и подружниците на истите во оквир на точка 17 од член 4(1) од истата Регулација, каде што таквите подружници се лоцирани во Унијата, без разлика дали главниата канцеларија е лоцирана во унијата или пак во согласност со член од Директивата 2013/36/ЕУ и со националниот закон, надвор од Унијата.

2. инситуции за електронски пари во склоп на точка 1 од член 2 од Директивата 2009/110/ЕЦ, вклучувајќи и, во согласност со член 8 од таа Директива и националните закони, нивните подружници, каде што таквите подружници се лоцирани во Унијата и нивните главни канцеларии се лоцирани надвор од Унијата, се додека платежните услуги спроведени од тие подружници се поврзани со издавањето на електронски пари

3. поштенски жиро институции кои се назначени спрема национален закон да провајдираат платежни услуги

4. платежни институции

5. ЕЦБ и националните централни банки кога не се во улога на нивниот капацитет како монетарен авторитет или друг јавен авторитет

6. Земјите-членки или нивните регионални или локални авторитети кога не се во улога на нивниот капацитет како јавни авторитети

Дополнително, Директива иста така ги поставува правилата што се занимаваат со:

-Условите за транспарентност и побарувањата за информирање за платежните услуги и

-Респективните права и обврски на корисниците на платежните услуги и провајдерите на платежни услуги во релација со одредбите за платежните услуги како регуларна окупација или бизнис активност.

Опсегот од кој платежните услуги се покриени од ПСД2 продолжува да ги покрива целосно ПСП: точка 1 до 5, парични трансфери услуги точка 6 и се унапредува да вклучува и ПИС точка 7 и АИС точка 8 услуги:[9]

1.Услуги кои овозможуваат кеш да се стави на платежна сметка како и сите операции за оперирање на платежна сметка.

2. Услуги кои овозможуваат повлекување на кеш од платежни сметки како и сите операции потребни за оперирање на платежна сметка

3. Извршување на платежни трансакции, вклучувајќи и трансфер на средства на платежна сметка со провајдерот на платежни услуги на корисникот или со друг провајдер на платежни услуги:

-извршување на директни дебити, вклучувајќи и единечни директни дебити

-извршување на платежни трансакции преку платежна картичка или слична направа

-извршување на кредитни транфери, вклучително и трајни налози

4. Извршување на платежни трансакции каде средствата се покриени со кредитна линија за корисникот на платежни услуги: извршување на директен дебит, вклучувајќи и единечни директни дебити; извршување на платежни трансакции преку платежна картичка или слична направа; извршување на кредитни трансфери, вклучително и трајни налози

5. Издавање на платежни инструменти и/или извршување на платежни трансакции

6. Парични трансфери

7. Услуги за иницијација на плаќање

[9] Recital: Annex I of the PSD2, European Commission, 2015

8. Услуги за информирање за сметките

Третостранипровајдери на платежни услуги се платежни институции кои не отвораат и одржуваат платежни кориснички сметки за своите клиенти и во ниеден момент не ги поседуваат средствата кои се предмет на трансферите и трансакциите.
ТПП се провајдери на услуги кои можат да се поделат во две категории: АИСП и ПИСП.
Работењето како ПИСП или АИСП побарува посебна авторизација. Овие провајдери мора да поседуваат лиценца во својата матична земја и потоа да добијат т.н. „пасошки права“ како би можеле да ги нудат своите услуги и во други европски земји. Бидејќи АИСП и ПИСП не беа регулирани во ПСД1, а сега во ПСД2 се регулирани, тие ќе мора да се водат по истите правила за регистрација, лиценцирање и супервизија како и традиционалните ПСП. ПИСП и АИСП не поседуваат средства кои припаѓаат на нивните клиенти кога само нудат услуги за иницирање на плаќања или информирање за кориснички сметки, па затоа Директивата просудува дека би било непропорционално да постави барања и стандарди за сопствени средства кон нив, но им наложува да поседуваат гаранција дека ќе можат да ги исполнат обврските кои произлегуваат од нивните деловни активности.

Според мноштво автори, провајдерите на финансиски услуги за информирање и иницирање плаќања, колективно наречени „третостранипровајдери на платежни услуги“, се најважната иновација која доаѓа со имплементацијата на ПСД2. Сепак, мора да се нагласи дека овие провајдери не се целосно нови. Досега тие постоеја како такви, но не беа регулирани на ниво на ЕУ. Тоа завршува со донесувањето на ПСД2, што донесе и воспостави легална работна рамка за овие провајдери. Дефиницијата за услуга за платежна иницијација вели дека тоа е „услуга со која се иницира платежен налог на барање на корисникот на платежната услуга, а во врска со платежна корисничка сметка кај друг провајдер на платежни услуги“. Провајдерите на овие услуги се ПИСП. Со други зборови, овој провајдер може да се гледа како „софтверски мост“ помеѓу трговецот и банката на корисникот кој иницира кредитен трансфер од банката на корисникот.

2.1.2. **Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во поединечните финансиски и банкарски ентитети**

Според Централната Холандска Банка[10], од досегашните искуства со ПСД2, можат да се извлечат три лекции или поуки за тоа како да успее концептот на отворено банкарство.

Првата лекција се однесува на начинот на кој податоците ќе се споделуваат и ќе бидат достапни. Играчите на пазарот кои ќе ги складираат податоците ќе мораат да овозможат стандардизиран пристап до нив на ТПП, како би спречиле фрагментација на пазарот. Во контекст на ПСД2, алатките кои овозможуваат пристап до податоците, односно АПИ, се уште не се доволно стандардизирани, што го прави доста тешко нудењето на услуги од страна на ТПП низ цела Европа. Постојат неколку иницијативи кои што го трасираат патот кон постепена стандардизација на АПИ. Исто така, таканаречените „интегратори“ можат да го спречат пазарното фрагментирање доколку ја преземат улогата на посредник помеѓу банките и ТПП.

Стандардизираниот пристап до податоците е витален. Тоа значи дека можеби пристап базиран на правила за споделување на податоците, како во случајот со Отвореното Банкарство во Обединетото Кралство, би бил подобар, попреферабилен отколку пристапот базиран на принципи кој се применува во ПСД2.

Исто така, важно е да се разгледа и како компаниите кои ги поседуваат информациите би биле расположени да им овозможат пристап до истите податоци на ТПП, како и да ги одржуваат своите податочни инфраструктури безбедни и обновени. Според ПСД2, банките немаат право да бараат компензација од ТПП за пристап и споделување и пристап до платните податоци. Поради тоа, се наметнува прашањето колку бесплатниот пристап е оптимален, имајќи ги во предвид големите инвестиции кои банките и останатите играчи на пазарот кои поседуваат податоци треба да ги направат за да ја изградат својата инфраструктура и го овозможат пристапот. Дополнително на ова, трошоци се јавуваат и секој пат кога клиентите дозволуваат или забрануваат

[10] Bijlsma, M.J., C.A.B. van der Cruijsen en N. Jonker (2020) Consumer propensity to adopt PSD2 services: trust for sale? DNB Working paper 671

пристап на ТПП до своите лични податоци, како и секој пат кога податоците се влечат од датабазата од страна на ТПП, што го поставува прашањето за тоа на чиј грб ќе паднат истите.

Втората лекција е тоа што постојат повеќе јавни интереси кога е во прашање ПСД2 и отвореното банкарство. Легислаторите, регулаторите и јавните авторитети треба да се постојано во дијалог, кооперација и координација. При дизајнирање на легислативата која нема да потпадне под забот на времето и идните текови и регулативата за споделување на податоците, клучно е да се земат во предвид сите јавни интереси, како и сите различни меѓународни перспективи.

Кога станува збор за пристапот до податоците клучни работи кои треба да се адресираат се концентрациските ризици, приватноста и финансиската стабилност. Овие јавни интереси се понекогаш спротивставени, па затоа можно е да бидат потребни и некои компромиси. Бидејќи користењето на огромни количини на лични податоци и податочна аналитика се релативно нова проблематика, се уште нема законски преседани и искуства за тоа како да се балансира помеѓу сите засегнати интересни страни. Токму затоа, од клучна важност е да легислаторите, регулаторите и останатите јавни авторитети отворат меѓусебен дијалог и да ја координираат својата работа. Како најбитни играчи тука влегуваат централните банки, државните финансиски супервизиски тела, телата задолжени за финансиски криминал, телата задолжени за конкурентноста на пазарот (антимонополски) и телата задолжени за податочна и лична приватност.

Третата лекција се однесува на довербата. Клиентите мора имаат доверба во ТПП кои бараат пристап до нивните податоци. Доколку клиентите немаат доверба во ТПП кои им нудат нови услуги, тогаш тие нема да дадат согласност за пристап до своите податоци, ниту пак ќе ги користат услугите на ТПП. Затоа, од огромна важност е ТПП да можат да испратат сигнали на кредибилност до своите потенцијални клиенти, како би им покажале дека може да им се верува.

Според една скорешна студија на Холандската Централна Банка (De Nederlandsche Bank), мнозинството Холанѓани не изразиле волја да ги споделат податоците за своите плаќања, повеќе од половината сакаат своите податоци да ги споделуваат само со

својата избрана банка, а дури помалку од 4% се отворени за споделување на своите податоци со небанкарски компании.

Главната причина поради која жителите на Холандија не се спремни да ги споделат своите податоци со новите играчи на пазарот е недостатокот на доверба. Со имплементацијата на ПСД2, ТПП добиваат пристап до огромна количина на сензитивни финансиски податоци и затоа стравот од нивното погрешно користење или злоупотребување е зголемен. Доколку не се зголеми довербата и не се елиминираат ризиците за злоупотреба и криминал воведувајќи силни механизми за заштита на клиентите, процентот на луѓе кои не се желни да ги делат своите финансиски податоци со небанкарските играчи никогаш нема да го достигне потребниот број за нормална транзиција кон отвореното банкарство.

Исто така, од круцијална важност е тоа да клиентите знаат, а уште повеќе и чувствуваат, дека имаат целосна контрола врз своите податоци. Затоа е потребно да клиентите лесно и брзо дознаат точно кои ентитети имаат пристап до нивните податоци. Тоа може да биде овозможено од страна на изворот на податоците, односно нивната банка или пак друг ентитет кој ги складира податоците во име на банката. Дополнително на ова, клиентите исто така треба да можат лесно и безбедно да дадат експлицитна согласност за ТПП да добијат пристап и право на користење на податоците, а исто така, тие треба да можат лесно и безбедно да ја можат да ја повлечат оваа согласност во било кој момент.

Една од најважните провизии во ПСД2 е провизијата поврзана со пристапот до сметките (XS2A) и додатните провизии во РТС. Според ПСД2 банките се обврзани да ги споделуваат податоците одредени во XS2A правилото на безбеден начин со третостраните провајдери, правејќи го тоа во согласност со регулаторните технички стандарди (РТС). Овие стандарди се развиени од Европскиот Банкарски Авторитет (ЕБА) заедно со Европската Централна Банка и сите останати релевантни стејкхолдери. XS2A правилото во ПСД2 одговара на прашањето „што“, а додека пак РТС одговара на прашањето „како“ да се направи тоа. РТС ја дефинира техничката работна рамка за имплементација на XS2A правилото за комуникацијата помеѓу банките и третостраните ентитети, а која комуникација е наречена заедничка и сигурна комуникација (ЦСЦ). РТС исто така го осигурува креирањето на адекватни

безбедносни мерки за електронските плаќања преку барањата за силна автентикација на клиентот (СЦА).

Сите банки кои нудат онлајн пристап до платежните кориснички сметка ќе мора да им обезбедат пристап на третостраните провајдери до тие сметки, како провајдерите би можеле да ги иницираат плаќањата и да нудат информациски услуги. Банките ќе мора да ги прилагодат своите системи на третостраните провајдери како би биле усогласени со спецификациите наведени во РТС. РТС ги советува банките дека тие можат да одберат и да создадат интерфејс специјално за оваа намена, како на пример Апликациски Интерфејс за Програмирање (АПИ) или пак можат да им дозволат на третостраните провајдери да го користат истиот интерфејс кој и самите клиенти н абанката го користат за услугите за онлајн банкарство. Повеќето банки се спремни да создадат посебен интерфејс преку АПИ како би се усогласиле со ПСД2. АПИ станува норма за нудење пристап до корисничките сметки во банкарската индустрија.

2.1.3. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во давателите на платежни услуги од трета страна (AISP и PISP)


ПИСП се вид на ентитети кои ќе се појават на финансиот пазар со имплементацијата на ПСД2. Тие служат како посредници во платежниот процес, односно се појавуваат помеѓу клиентот и неговата банка и го фасилитираат движењето на паричните средства. ПИСП ќе станат единствениот потребен платежен интерфејс за своите клиенти. Кога клиентот ја користи апликацијата или веб интерфејсот на ПИСП, тој е во позиција да иницира плаќања од својата сметка на било која друга сметка, без да треба да ја посети својата банка или нејзината дигитална платформа. Во основа, Директивата дозволува на небанкарските ентитети да извршуваат банкарски функции и да се прескокнат одредени чекори во платежниот процес.[11]

По дефиниција ПИСП нудат услуги за иницирање на плаќања на барање на корисникот, а од платежна корисничка сметка која се најдува кај друг провајдер на платежни услуги. Нивното работење може да се долови со следниот пример: еден

[11] Барклејс, 2019

клиент сака да плати за производ онлајн и му е понудено да плати или со платежна картичка или директно од неговата банкарска сметка преку компанија независна од неговата банка. Вториот начин во овој случај е понуден од ПИСП, односно од трета страна наречена ПИСП. Компаниите кои ќе им нудат на своите клиенти да плаќаат онлајн директно од нивната банкарска сметка се дефинирани како ПИСП според ПСД2, додека пак провајдерите како Apple Pay кои издаваат сопствени платежни картички и клиентите ги користат нив како средство за плаќање, не се опфатени со ПСД2.

Следната слика број 3 ни прикажува основен приказ на текот на информациите во врска со платежна трансакција во која ПИСП е споен и дејствува заедно со другите учесници.



Слика бр. 3 „*Текот на информациите во платежна трансакција во ПИСП“*

Од адаптацијата на ПСД1, се појавија нови видови на платежни услуги, посебно во делот на интернет плаќањата. Конкретно, ПИС во полето е-трговијата доста еволуираа. Овие платежни услуги имаат удел во е-трговските плаќања преку поставување на

софтверски мост помеѓу веб сајтот на трговецот и онлајн банкарската платформа на АСПСП на плаќачот, како би иницирале интернет плаќања на база на кредитен трансфер (точка 27, ПСД2). Ова им овозможува на плаќачите да користат ПИСП за да иницираат кредитен трансфер наместо да користат дебитна или кредитна картичка (само 40 проценти од жителите на ЕУ имаат кредитна картичка).[12] Кога плаќачите ја избираат оваа опција тие се согласуваат да ги споделат своите банкарски креденцијали со ПИСП. ПИСП потоа иницира плаќања за плаќачот и АСПСП го извршува плаќањето и ја дебитира платежната сметка на плаќачот. ПИС им овозможуваат на ПИСП да им понудат потврда na примачите дека плаќањето е иницирано како примачите би ги ослободиле производите или би ги доставиле платените услуги без задршка. Таквите услуги нудат решенија со ниски цени како за трговците така и за потрошувачите и им овозможуваат на потрошувачите можност да купуваат онлајн дури и да не поседуваат платежни картички (точка 29, ПСД2).

ПИСП генерално имаат медијаторска улога помеѓу купувачите и трговците, нудејќи им нов вид на услуга – ПИС, која е алтернатива на вршењето на онлајн плаќање, без користење на платежна картичка. ПИСП воспоставува порта помеѓу веб сајтот на трговецот и онлајн банкарската платформа на банката на корисникот и нуди поедноставна и поевтина услуга за плаќања на индивидуалци и компании со инстантна нотификација за трговецот за платежната иницијација[13]. Кога се прави онлајн купување, деталите за купувањето се трансферираат до ПИСП а тој:

-го редиректира купувачот до банката за автентикација и проверува дали трансакцијата може да се изврши, каде што после верификацијата од банката купувачот ќе биде редиректиран до онлајн продавницата за да го заврши купувањето и да ги нарача производите

[12] Европска Комисија, 2018г.

[13] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-ReportFinal-1.pdf

-или пренесува податоци за логирање од и до банката како плаќањето би можело да се изврши без прекин на услугата[14]

Како оваа услуга би била овозможена, корисникот најпрво мора експлицитно да го авторизира ПИСП да иницира плаќања во негово име и за негова сметка од неговата банкарска сметка (Слика бр. 4). [15]



Figure 1. Illustrative role of PISP. Source: Forester, Rolfe & Brown (2017)

Слика бр. 4 *„Илустративен модел за улогата на ПИСП во финансискиот пазар“*


Кога екслузивно нудат ПИС, ПИСП во ниедна фаза од платежниот ланец не доаѓаат во посед на средствата на корисникот. Кога ПИСП има намера да нуди платежни услуги поврзани со дејствија каде ги држат средствата на корисникот, тогаш тие треба да добијат целосна авторизација за таквите услуги (точка 31, ПСД2).

Платежната трансакција во која учествува ПИСП најчесто започнува со корисникот кој е редиректиран до вебсајтот на ПИСП. На тој вебсајт корисникот треба да се логира со податоците од своето онлајн банкарство. Тие податоци се автентицираат и пред корисникот се појавува платежна форма – налог за плаќање, која е веќе пополнета со деталите за платежната трансакција. Кога плаќањето е авторизирано, ПИСП го информира корисникот и трговецот и износот е трансфериран од банката на корисникот до банката на трговецот. Како резултат на тоа корисниците не мора да поседуваат платежна картичка како би купувале производи од трговецот. ПИСП испраќа информација до двете страни дека уплатата е извршена и дека производот може да се испрати веднаш до купувачот.

[14] Saarnilehto, I. (2018).Problems and possibilities of the payment services directive (PSD2), ProCIEdings of the Seminar in ComputerScience:Internet, Data and Things(CS-E4000), 71-82.

[15] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-ReportFinal-1.pdf

Според точка 33, оваа Директива има за цел, покрај и другите работи, да гарантира фер конкуренција на пазарот, избегнувајќи ја неоправданата дискриминација против било кој постоечки играч на пазарот. Било кој ПСП, вклучувајќи ги и АСПСП на ПСУ, треба да има можност да нуди ПИС, како што е илустрирано погоре (Слика бр. 4). За да се илустрираат промените во платежниот ланец кои се овозможени со провизиите за ПИС во ПСД2, три примери можат да се направат, преку гледање на АСПСП како ПИСП, трговецот (како авторизирана платежна институција) како ПИСП и преку независен ТПП кој екслузивно нуди ПИС како ПИСП. Пред новите провизии кои се во ПСД2, платежниот ланец одеше или преку четврта страна – картична шема (Слика бр. 5) или пак преку третострана картична шема, или преку ПСУ платежната иницијација извршена од нивниот онлајн банкарски модул. Процесот е илустриран на Слика бр. 5.




(Self assessment based on information from: Mastercard Incorporated, 2018; PayPal Incorporated, 2018; Visa International Service Association, 2018)

Figure 16


Слика бр. 5 „*Операции со платежниот процес со картичка*“

После имплементацијата, ПИСП сега може директно или индиректно да иницира наредба за плаќања базирана на експлицитната согласност на плаќачот. Чекорите ќе зависат во зависност од провајдерот кој ја нуди услугата за платежна иницијација (АСПСП, платежна институција или ТПП), но како генерално правило е дека плаќачот ќе комплетира купување на вебсајтот на трговецот така што ќе одбере како да го


иницира плаќањето, или преку нивниот онлајн банкарски модул, картична шема или како што е илустрирано подолу преку ПИСП. Наведените случаеви се прикажани на подолните Слики со реден број 6, 7 и 8.



Слика бр. 6 „*АСПСП како ПИСП*“



Слика бр. 7 „*Платежна институција како ПИСП*“



(Self assessment based on information provided by the European Commission, 2015)

Слика бр. 8 „*ТПП како ПИСП*“

ПСП се обврзани да гарантираат дека следните информации и услови се понудени или достапни од ПСП до ПСУ пред иницирањето на плаќањето, според член 45 „информации и услови“:

-Спецификација за информацијата или уникатниот идентификатор кој се спроведува од ПСУ како платежната нарачка би се иницирала или извршила;

-Максималното време за извршување на платежната услуга;

-Сите наплати кои ќе се плаќаат од ПСУ кон ПСП и каде што е применливо, расчленување на тие наплаќања (провизии).

Конкретно, земјите-членки ќе треба да осигураат дека ПИСП пред иницијацијата ќе ги прикажат или направат достапни на плаќачот следните јасни и расчленето прикажани податоци:

-името на ПИСП;

- географската адреса на неговото главно седиште;

- каде што е применливо, географската адреса на агентот или подружницата – филијалата – основана во земјата членка каде што платежната услуга се нуди и било кои други договорни детали, вклучително и е-маил адреса, релевантната комуникација со ПИСП;

-контакт детали за компетентниот авторитет.

Членот 46 „Податоци за плаќачот и примачот по иницијацијата на платежната наредба“ ги дава дополнителните податоци и услови од тие во член 45, каде што платежната наредба е иницирана преку ПИСП, платежните институции веднаш по иницијацијата ќе ги понудат или направат достапни следните податоци до плаќачот, а каде е применливо и до примачот:

- потврда за успешна иницијација на платежната наредба со АСПСП на плаќачот;
- референца која ќе му овозможи на плаќачот и на примачот да ја идентификуваат платежната трансакција и, каде што е соодветно, примачот да го идентификува плаќачот и секој податок трансфериран со платежната трансакција;

-сумата на платежната трансакција;

-каде што е применливо, сумата на сите наплаќања до ПИСП за трансакцијата, а каде што е применливо и расчленето за истите.

Според членот 66 „Правила за пристап до сметките во случај на услуги за иницирање плаќања“, земјите-членки на ЕУ треба да се осигураат дека плаќачот има право да користи ПИСП за да добие платежни услуги реферирани во точка 7 од анексот (ПИС). Правото на користење на ПИСП нема да се применува таму каде што платежната сметка не е достапна онлајн. Кога плаќачот, во согласност со член 64, дава експлицитна согласност за плаќањето да се изврши, АСПСП треба безбедно да искомуницира со ПИСП, според спецификациите, во РТС како би се осигурала дека плаќачот има право да го користи ПИС.

Членот го обврзува ПИСП дека:

-Нема во ниеден момент да држи средства на плаќачот во врска со ПИС;

-Ќе се осигура дека персонализираните безбедносни креденцијали на ПСУ не се, со исклучот на издавачот и корисникот на истите, достапни за други страни и дека се пренесени од ПИСП преку безбедни и ефикасни канали;

-Ќе се осигура дека други податоци за ПСУ, добиени при давање на ПИС, се само пренесени до примачот и само со експлицитната согласност на ПСУ;

-Секој пат кога плаќање е иницирано, се идентификува себеси кон АСПСП на плаќачот и комуницира со АСПСП, плаќачот и примачот на безбеден начин, во согласност со РТС;
-не складира чувствителни платежни податоци за ПСУ;
-Не бара од ПСУ било какви други податоци освен тие неопходни за нудење на ПИС услугата;
-Не користи, пристапува кон или складира било какви податоци за други цели освен за провизијата на ПСУ, како што е експлицитно побарано од плаќачот;
-Не ја модификува сумата, примачот или било која друга карактеристика на трансакцијата.

ПИСП се опфатени со законска работна рамка и овие провајдери треба да аплицираат за авторизација доколку сакаат да ги нудат овие услуги. Иако ПИСП се сметаат за средноризични во однос на почетниот капитал, тие сепак треба да имаат иницијален капитал од најмалку 50 000 евра во моментот на авторизација. Одредбите кои се занимаваат во барањата за држење на одредена сума на сопствени средства не се однесуваат на ПИСП, но ПИСП мора да имаат осигурување. Во однос на минималниот паричен износ кој ова осигурување треба да го покрие, ЕБА издала водич кој се занимава со критериумите како да се стимулира соодветно прифатлива сума.

Дополнително, ПИСП треба да се водат од одреден број на обврски кои се зададени за нив во ПСД2. Доколку ПИСП единствено нуди услуги за иницирање на плаќање, тогаш тие во ниту еден момент не треба да ги држат кај себе паричните средства на корисникот. ПИСП може да ги извршува своите активности само со експлицитна согласност од нивниот корисник и имаат одреден број на обврски кон својот корисник, особено во врска со заштита на чувствителните платежни податоци и креденцијалите на корисникот. Дополнително, ПИСП се обврзани да извршуваат СЦА.

Практичен пример за бизнис употреба на ПИС е германската компанија Софорт[16], која соработува со онлајн продавници и софтвер за купување платформа. Компанијата не доаѓа во посед на средства во ниту еден момент од процесот и е единствено технички

[16] (https://integration.sofort.com)

интермедијар кој само го иницира паричниот трансфер (услугата) што доаѓа од банкарската сметка (онлајн) на корисникот. [17]

Како би ги заштитила ПИСП корисниците, ПСД2 пробува да воведе баланс помеѓу можноста да им овозможи работа без пречки на ПИСП, а истовремено и заштита на корисниците. Како резултат на тоа, ПСД2 бара товарот за докажување во случај каде што корисникот тврди дека платежната трансакција не била правилно извршена или авторизирана да лежи кај ПИСП. Дополнително, корисниците ќе бидат веднаш рефундирани, во секој случај не покасно од крајот на наредниот работен ден за неавторизирани плаќања од страна на сервисерот на нивниот платежна корисничка сметка (најчесто банките), во случај каде плаќањето било иницирано од ПИСП. Истиот принцип важи и за случај за неизвршување, дефектно или доцно извршување на платежните трансакции.

Од претходните одредби следува дека правната врска помеѓу ПИСП и банките е навистина важна за услугите за иницирање на плаќања. Сепак, ПСД2 пропишува дека не мора да постои договорна врска помеѓу ПИСП и банките. Банките ќе им овозможат пристап на ПИСП до платежните сметки на клиентите, а овој пристап може да биде одбиен само во објективно оправдани случаи и врз база на цврсти докази, каде банките ќе претпостават дека се работи за неавторизиран или измански, криминален пристап до платежните сметки. Доколку банките одбијат пристап на основ на горенаведените причини, тогаш тие мора веднаш да го пријават инцидентот кај компетентниот авторитет. Високата граница за авторизација на пристапот заедно со обврската за пријавување на инцидентот до авторитетот се дизајнирани за да обесхрабрат злоупотреба на оваа можност за одбивање на пристап. На слика бр. 9 е прикажан график кој презентира како ПИСП ќе направи промени во текот на ланецот на плаќања.

[17] Możdżyńsk, D. (2017) The Conceptions of New Payment Methods Based on Revised Payment Services Directive (Psd2), Information Systems in Management (2017) Vol. 6 (1) 50-60, DOI: 10.22630/ ISIM.2017.6.1.5




Figure 2.A graphic representation of how PISPs will change the flow of the current payment chain
Source: Authors' own representation.

Слика бр. 9 „*Како ПИСП ќе го промени текот на постоечкиот ланец на плаќања*“

АИСП се во основа се агрегатори на финансиски податоци за своите клиенти. Лоцирани се помеѓу клиентот и различните банкарски и финансиски ентитети кај кои клиентот има свои сметки. Преку АПИ кои банките се обврзани да ги обезбедат, АИСП, со дозвола од клиентот, ги влечат сите негови финансиски податоци и потоа му ги прикажуваат на консолидиран начин преку апликација или веб платформа.
Директивата ги дефинира АИСП како онлајн услуга која нуди консолидирани информации за една или повеќе платежни кориснички сметки во сопственост на клиентот, а кај еден или повеќе други и различни провајдери на платежни услуги. Како пример за АИСП може да се наведе следното: клиентот на својот мобилен телефон инсталира апликација од АИСП провајдерот со цел да има подобар преглед на своето трошење. Апликација ги собира неговите податоци за трошење (сметки, картичка, кеш) од повеќе места, неговите различни кориснички сметки кај други банки или други провајдери на платежни услуги и му ги прикажува на клиентот на едно место со што тој добива можност подобро да менаџира со своите средства.

Преку користење на целосните податоци од клиентот, овие нови играчи на пазарот исто можат да понудат финансиски или инвестициски совети на своите клиенти или

пак да направат анализа на нивното однесување и трошење и да им понудат совети за подобро буџетирање. Историски, банките користат слични интерфејси (SWIFT/MT940/MT942) за да разменат трансакции и информации за состојбите помеѓу себе. Со новата регулатива, небанкарските ентитети ќе имаат дозвола да ја реплицираат оваа функционалност и да оперираат како АИСП. Овој вид на услуги можат да понудени и од банкарски и од небанкарски ентитети. Небанкарските сепак, нема да имаат дозвола да извршуваат трансакции, доколку истовремено не се регистрирани и како ПИСП.

АИСП се дизајнирани да им дозволат на корисниците да имаат увид од „360 степени“ за нивните податоци од платежните сметки[18]. Тие нудат нов вид на услуга (АИС) за провајдирање консолидирани податоци онлајн за сите од платежните сметки на корисникот кои тој ги има кај различни банки[19], преку еден онлајн портал за консолидирање на сметките и категоризација на платежната историја[20]. Идејата е да се фасилитира користењето на онлајн банкарството преку дозволување на корисниците да имаат корисен и целосен преглед на нивните финансии[21], и да не мораат да се логираат посебно во секоја интернет платформа на различните банки во кои имаат сметки[22] (Слика бр. 10).

[18] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.RetrievedJanuary 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-ReportFinal-1.pdf

[19] Saarnilehto, I. (2018).Problems and possibilities of the payment services directive (PSD2), ProCIEdings of the Seminar in ComputerScience:Internet, Data and Things(CS-E4000), 71-82.

[20] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.RetrievedJanuary 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-ReportFinal-1.pdf

[21] Saarnilehto, I. (2018).Problems and possibilities of the payment services directive (PSD2), ProCIEdings of the Seminar in ComputerScience:Internet, Data and Things(CS-E4000), 71-82.

[22] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.RetrievedJanuary 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-ReportFinal-1.pdf





Figure 2. Illustrative role of AISP. Source: Forester, Rolfe & Brown (2017)

Слика бр. 10 „Илустративен модел на улогата на АИСП во финансискиот пазар“

АИС се комплементарни услуги кои се појавија во последните години како резултат на технолошкиот напредок. Овие услуги му нудат на ПСУ консолидирани онлајн податоци за една или повеќе платежни сметки кои тој ги има кај еден или повеќе ПСП[23] и на кои се пристапува преку онлајн интерфејс на АСПСП. ПСУ во тој случај може да има целосен преглед на неговата финансиска ситуација во секој даден момент[24]. Пред провизиите за АИСП и ПИСП пропишани во ПСД2, ПСУ требало да пристапи кон секоја посебна онлајн платежна сметка кај сите различни АСПСП, рачно. Илустрација е дадена во Слика број 11.

[23] (article 4(16) of the PSD2)
[24] (point (28) of the PSD2).



(Source: European Commission, 2015)

Слика бр. 11 „*ПСУ финансиска ситуација пред и после АИСП*“

Членот 67 од ПСД2, „Правила за пристап и користење на информирање за платежни сметки во случај на АИС“, осигурува дека ПСУ го има правото да ги користи услуги кои му овозможуваат пристап до податоци за сметките (правото на тоа не важи кога платежните сметки не се достапни онлајн). Според овој член, АИСП ќе ги нуди своите услуги само тогаш кога ПСУ ќе им даде експлицитна согласност, притоа осигурувајќи се дека личните безбедносни креденцијали на ПСУ не се, со исклучок на корисникот и издавачот на тие креденцијали, достапни за други страни и дека кога тие се трансмитираат од АИСП, тоа се прави преку безбедни и ефикасни канали (член 67, став 2 а и б). АИСП може да пристапи кон податоците единствено од назначени платежни сметки и со нив поврзани платежни трансакции. АИСП не може да бара чувствителни платежни податоци поврзани со платежната сметка, ниту пак да користи, пристапува кон или складира било какви податоци за цели други од извршување на

АИС услугата која е експлицитно побарана од ПСУ, во согласност со правилата за заштита на податоци (член 67, став 2).

Во согласност со членот 98 „Регулаторни технички стандарди за автентикација и комуникација“, АИСП за секоја комуникациска сесија, ќе се идентификува себеси кон АСПСП на ПСУ и безбедно ќе комуницира со АСПСП и ПСУ. АСПСП исто така има обврска безбедно да комуницира со АИСП во согласност со член 98, став 1 д и да ги третира барањата за податоци трансмитирани преку услугите на АИСП без било каква дискриминација, освен кога има објективни причина за тоа (член 67 став 3 а и б). Важно е да се напомене дека провизиите за АИС нема да бидат зависни од постоењето на договорна врска помеѓу АИСП и АСПСП за таа цел (член 67, став 4).

Пример за практичната бизнис примена на АИС е компаниајта Запло [25], која се натпреварува со банките во брзо одобрување на одредена сума на кредит за корисниците. Сервисот оперира на начин на кој што корисникот дава свои логин податоци за своите банкарски сметки до шведската компанија Инстантор[26], која ја има улогата на АИСП и може да ја анализира трансакциската историја на корисничката сметка во последните 12 месеци. На база на тоа, кредитната компанија може да ја провери кредитоспособноста на корисникот и да донесе инстантна одлука за одобрување или одбивање на кредитот. [27]

Во пракса, АИС провајдерите би биле компании кои би црпеле податоци од една или повеќе кориснички сметки во сопственост на клиентот, а кои клиентот ги има кај други провајдери на платежни услуги, на пример кај 2 различни банки, и потоа тие податоци би му ги покажале на едно место, преку една апликација или кориснички интерфејс (Слика бр. 12). Овие нови провајдери исто така би пружале и некои секундарни услуги, како на пример препораки кон клиентот за подобро или поефективно штедење на неговите средства.

[25] (www.zaplo.pl)
[26] (www.instantor.com)
[27] Możdżyńsk, D. (2017) The Conceptions of NewPayment Methods Based on Revised PaymentServices Directive (Psd2), Information Systems inManagement (2017) Vol. 6 (1) 50-60, DOI:10.22630/ ISIM.2017.6.1.5




Figure 1. A graphic representation of how AISPs aggregate the user's data from different banks
Source: Authors' own representation.

Слика бр. 12 „*Како АИСП ги агрегира податоците на клиентот од различни банки*“[28]

Правилата и одредбите кои се однесуваат на овие провајдери се доста слични со правилата и одредбите кои се однесуваат на провајдерите за услуги за иницирање на плаќања. Сепак, поради самата природа на AIS провајдерите, тие се во голема мера изземени од повеќе одредби од Директивата, што значи дека тие на пример не се обврзани да поседуваат иницијален сопствен капитал или да се водат по правилата за компаниските средства, но сепак, тие треба да поседуваат осигурување. Тие исто така не се предмет на процедурите за автентикација кои се однесуваат на останатите платежни институции. И покрај сето ова, овие провајдери, се разбира, имаат обврска да аплицираат за регистрација на услуги што ги нудат и генерално ќе се третираат како платежни институции, освен кога имаат право на исклучоците пропишани во Директивата, како на пример одредбите поврзани со т.н „passporting“.

АИСП имаат слични обврски кон своите клиенти како ПИСП, како на пример добивање експлицитна согласност од своите клиенти за користење на нивните податоци и обврска за заштита на податоците после нивното добивање. Кога АИСП нудат единствено услуги за информации за платежни сметки, тогаш тие немаат право

[28] Renata P Nechkoska, Olivera Kostoska, Martin Trajkoski, PSD2 in North Macedonia: Are we ready to comply?, Faculty of economics Prilep, 2019

да држат кај себе било какви финансиски средства кои се во сопственост на клиентите. Со оглед на тоа што АИСП не иницираат плаќања, Директивата за нив не пропишува никакви одредби во случај на неавторизирани платежни трансакции.

Кога станува збор за пристапот до податоци, АИСП добиваат сличен третман како ПИСП, па така тие немаат обврска да потпишуваат договори со институциите кои ги поседуваат податоците на клиентите како би биле во можност да пружаат информациски услуги за истите податоци. Во некои специјални случаи и под некои специјални околности, како на пример докажана историја на претходни неавторизирани или криминални дејствија или иницирања на плаќања од страна на АИСП, може да им биде забранет пристапот до платежните кориснички сметки, при што клиентот ќе биде веднаш информиран дека пристапот на конкретниот АИСП до неговите податоци е блокиран, при што ќе бидат наведени причините за ваквата забрана, доколку наведувањето на причините не е забрането со национален закон или пак е оправдано од објективни безбедносни причини. Доколку причините за забрана за пристап престанат да постојат, тогаш пристапот на одреден АИСП повторно ќе биде овозможен.

Според тоа, за АИСП може да заклучиме:

- комуницира безбедно со ПСП, во согласност со РТС;
- ги третира наредбите трансмитирани преку услугите на ПИСП без било каква дискриминација освен онаа од објективни причини, поточно во однос на тајмингот, приоритетот или задршките за наредби за плаќања трансмитирани директно од плаќачот;
- провизиите на ПИС нема да зависат од постоењето на договорна врска помеѓу ПИСП и АСПСП за таа цел. Бидејќи и АИС и ПИС бараат валидна автентикација на ПСУ и специфични комуникациски канали меѓу провајдерите, ПСД2 е суплементирана со РТС што кажува како играчите треба да провајдираат такви механизми.

Традиционално, АИСП и ПИСП можеле да пристапат до платежните сметки на нивните корисници примарно преку два методи. Првиот метод вклучувал креденцијали за корисничко име и лозинка кои корисникот директно ги доставувал до АИСП и ПИСП. После тоа, АИСП и ПИСП ги користеле овие детали за да се логираат на

корисничката сметка на корисникот преку вебсајтот на провајдерите АПСПС преку процес кој се нарекувал "screen scraping". Вториот метод бил преку зададен интерфејс наречен „интерфејс за апликациско програмирање" – АПИ, што им овозможувал на ПИСП и АИСП да пристапат до платежните сметки преку овие специјализирани АПИ. Но, клучната разлика е во тоа што банките немале никаква обврска да им овозможат на ПИСП и АИСП директен пристап до нивните бази на податоци или АПИ. Ова се промени со усвојувањето на ПСД2. Како што и претходно споменавме, АИСП и ПИСП ќе имаат пристап до платежните сметки на своите корисници. Сепак, обврската на банките да им овозможат пристап е одложена како би им се дало време да се подготват и донесат соодветни мерки. Според тоа, банките беа обврзани да овозможат установи за тестирање на АИСП и ПИСП од 14 март 2019, што пак нив им овозможи да се адаптираат на кореспондирачките интерфејси. Дополнително, банките беа обврзани да имаат барем еден активен интерфејс кој ќе овозможи пристап не подоцна од 14 септември 2019 – овој датум е датумот кога пристигна целосната имплементација на ПСД2 и датумот кога АИСП и ПИСП ќе бидат овозможени на целосен пристап.

Регулаторите одлучија дека скрин скрејпинг нема да се користи во иднина како би се пристапило до сметките на корисниците на АИСП и ПИСП. Преференцијалниот избор им е пристап преку АПИ. Како резултат на тоа, АСПСП, можат да одлучат дали ќе развијат посветен интерфејс или пак ќе користат постоечки интерфејс кој се користи за автентикација и комуникација со нивните клиенти. Европската Комисија, заедно со ЕБА усвои делегирана регулација која ги поставува правилата за техничките стандарди за комуникација, вклучувјаќи ги и правилата за интерфејси за пристап до платежните сметки.

Некои од авторите тврдат дека промените ќе донесат подобрен пристап до финансиски услуги, заедно со забрзан развој на услуги со оглед на тоа дека банките ќе бидат приморани да дадат пристап на АИСП и ПИСП кон нивните АПИ. Сепак, постојат одредени проблеми и можни импликации за банкарството и Финтек индустријата, кои не се така насочени праволиниски како што се чини на прв поглед. Банките можат да одлучат дали да се маркетират себеси како АСПСП или како ТПП, во зависност од тоа дали ќе се борат за клиенти со Финтек компаниите и останатите играчи на пазарот.

Многу банки ќе инвестираат во или пак ќе превземат финтек компании како би ги дигитализирале своите услуги и понудиле нови решенија.[29]

Зголемувањето на иновациите и конкуренцијата на платежниот пазар е уште една од целите на ПСД2. Таа е во голема мера обезбедена преку дозволувањето на пристап на третостраните провајдери до корисничките сметки на клиентите. Некои ПИСП и АИСП оперираа на пазарот и пред појавувањето на ПСД2, но со нејзината имплементација и создавањето на вистинска легална работна рамка во која тие можат лесно и непречено да работат, ПСД2 им отвора можности за работа низ целата ЕУ и можност еднакво да се носат со останатите играчи на пазарот, како банките. Со нудење на потребната законска сигурност за компаниите кои ќе влезат на платежниот пазар, ПСД2 ја стимулира зголемувањето на конкуренцијата. АИСП и ПИСП со себе носат иновативни услуги на пазарот и со намалување на бариерите за влез за овие компании ПСД2 придонесува кон забрзување на темпото на иновации во индустријата. Зголемувањето на иновациите и конкуренцијата им носи на потрошувачите бенефит од поголем избор помеѓу различни видов на платежни услуги и провајдери на услуги.

[29] Vasiljeva, T. &Lukanova, K. (2016). Commercial Banks and Fintech Companies in the Digital Transformation: Challenges for the Future, Journalof Business Management, 2016, No.11, 25-33

2.2. Операционализација на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2) во Република Северна Македонија

При изработката на истражувачкиот труд за Втората ЕУ директива за платежни услуги во Република Северна Македонија, искористено е искуството кое со нас го споделија претставници од Народната Белгиска банка. На повеќедневна конференција во НБРСМ на која бев посетител, учествуваа претставниците од Белгиска народна банка кои го споделија нивното искуство за имплементација и операционализација на ПСД2 во нивната држава. Искуствата и знаењата од таа конференција се преточени во истражувачкиот труд. Трудот е изработен како тандем – истражување со Квентин Муелеман од Универзитетот во Гент, Белгија.

Во Република Северна Македонија започнато е да се работи на новиот модел наречен Директивата за платежни услуги 2 почнувајќи од 2019 година. Новите измени се изгласани со Законот за платежни услуги и платни системи. [30] Детално за имплементацијата и Директивата е зборувано на многу конференции и реализирани се консултации со петнаесет светски банки. "Платежниот пазар е основа за создавање поинтегрирана, конкурентна и иновативна економија. Со сè поголемата дигитализација и потенцијалот што го нуди новата технологија, платежната индустрија сè повеќе добива на значење. Постојните и новите пазарни играчи сè повеќе ги исползуваат можностите за создавање иновативни решенија во плаќањата." е заклучокот од вицегувернерката на Народната Банка на семинарот за Директивата за платежни услуги 2.

Давателите на платежни услуги од член 9 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон обезбедуваат реални, објективни, пропорционални и недискриминаторски услови за отворање и користење на платежни сметки за платежни институции или институции за електронски пари кои ќе овозможат непречено и ефикасно давање платежни услуги од страна на платежните институции односно издавање електронски пари и/или давање платежни услуги од страна на институциите за електронски пари.[31]

[30] Закон за платежни услуги и платни системи, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 90/22

[31] Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22

Давателот на платежни услуги од член 9, став 1, точки од 1 до 4 на законот, има право да изврши одбивање за отворање и користење на платежни сметки на некоја платежна институција или институција на електронски пари. Откако ќе го изврши одбивањето, во рок од три дена давателот мора да поднесее образложение во Народна банка на РСМ по писмен пат каде што ќе ги наведе причините за одбивањето. Доколку Народната банка процени дека причините за одбивањето на барањето од став 2 на овој член се неоправдани, му наложува на давателот на платежни услуги од член 9 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон да ѝ дозволи на платежната институција, односно на институцијата за електронски пари отворање и користење на платежна сметка.

Може да кажеме дека најголема промена која се донесе со директивата за платежени услуги во суштина е отвореното банкарство, поради што се воведени два значајни столбови на кои се темелат овие рамки: ПИС и АИС.

ПИС (PIS – Payment initiation service) за платежниот систем на РСМ значи дека останати надворешни компании ќе имат можност да понудат услуги во облик на фасилитација на онлајн плаќања, на начин преку создавање на платформа што ќе има улога на мост помеѓу трговците и потрошувачите. Плаќањата ќе се одвиваат без употреба на кредитни картички и без потреба од банкарска сметка.

АИС (AIS – Account information service) има улога на собирање на информации на потрошувачот од сите банки во РСМ и да ги складира тие податоци на едно место. АИС на овај начин овозможува да се добие целосен приказ и преглед на портфолиото на потрошувачот односно на неговата финансиска способност, а со тоа ќе се олесни извршувањето на проценка и анализирањето на финансиските потреби.

Создавањето и развивањето на двата основни столба ја зголемува потребата за нови повнимателни безбедносни мерки и процедури, а исто така и поголема соработка од страна на банките кои ќе го прават отворањето на податоци за своите клиенти и да овозможат нивно користење.

Компаниите ќе мора да исполнат одредени зададени услови доколку сакаат да учествуваат на платежниот пазар. Доколку ги исполнуваат условите, потребно ќе биде да им се издаде согласност од страна на потрошувачот со цел да можат да пристапат до двата столбови ПИС и АИС, за потоа да ги понудат услугите кои ги нудат.

Сето ова доведува до зголемување на потенцијалот за влез на нови иновации, се зголемува можноста за да се појават нови конкуренти, а тоа значи поттикнување за подобрување на пазарот.

Доколку компанијата успее да влезе на овај пазар, ќе ѝ биде дозволено да развива услуги и да понуди различни решенија од типот на: апликации за управување со лични финансии, тргување со хартии од вредност, автоматизација на финансиски услуги, финансирање преку платформи кои директно одговараат на инвеститорите и кредиторите, како што е групно финансирање, вршење плаќања преку иновативни решенија за наплата и сл.[32]

Конференцијата „Просперитетна иднина на дигиталните плаќања“ е одржана кон крајот на Октомври 2022 год. и во неа се опфатени сите можности, предизвици и ризици кои ги сноси Директивата за платежни услуги 2. Учесник на оваа традиционална конференција е и Централната Банка на Холандија, заедно со останатите четиринаесет банки, уште од првото одржување на конференцијата во 2019 год.

Како што на конференцијата изјавила гувернерката Анита Ангелковска – Бежоска - “Процесот на дигитална трансформација на финансиската индустрија, којшто се одвива повеќе години, значително забрза заради пандемијата. Плаќањата сè повеќе стануваат безготовински. Според Светската банка, во глобални рамки, две третини од возрасното население врши дигитални плаќања, притоа 95% во развиените економии, а 57% во економиите во развој. Трендот на сè поголема дигитализација е присутен и кај нас, поточно 74% од возрасните вршат дигитални плаќања. Анкетата на Народната банка покажува дека нашиот банкарски систем посветува сè поголемо внимание на инвестирањето во нови технологии и обезбедувањето нови начини на плаќање“. Новиот закон донесен за платежни услуги и платни системи ќе му овозможи нови придобивки на отвореното банкарство, што е доста значајна реформа. Истото се однесува на влез на финтек-компании, кои со согласност на клиентите на банките би пристапувале до нивните платежни сметки со цел иницирање електронски плаќања и собирање податоци за извршените трансакции, заради натамошна анализа и сеопфатно и удобно информирање на клиентите. На Конференцијата за плаќањата и пазарната инфраструктура се отвори дискусија за отвореното банкарство, поточно

[32] www.it.mk , Јануари, 2022

имплементацијата на Директивата за платежни услуги 2 која е дел од дигиталната трансформација и засилената автентикација на клиентите при иницирање на платежни трансакции, како и влијанието врз конкурентноста на пазарот на платежни услуги. Искуствата од странство, според присутните на конференцијата, сметаат дека отвореното банкарство е добра можност за создавање на дизајнирани апликации кои им помагаат на клиентите во извршувањата на плаќањата и нивно следење, а пак банките имаат можност да ја подобрат својата услуга, а со тоа ќе имаат задоволни клиенти. Тие ќе добијат брзи и ефикасни платежни услуги со кои ќе заштедуваат време и ќе ги следат подетално извршените плаќања. Фирмите пак, ќе имаат можност полесно да управуваат со своите платежни сметки, со користење на уникатни производи и услуги. Вицегувернерката Емилија Нацевска, согледувајќи ги заклучоците, посочила дека на национално ниво се работи на подзаконски акти со кои ќе се синхронизираат отвореноста на системите на банките која ја носи новиот Закон за платежни услуги и платни системи, и безбедноста на платежните услуги. Исто така истакнала дека овој пристап носи одредени предизвици за креаторите на политиките и регулаторите, при што довербата е клучна за успешната имплементација на концептот отворено банкарство. Со почетокот на 2023 година започнува либеризацијата на финансискиот пазар со кој се олеснува влезот за нови домаќини на платежни усуги, а се намалуваат препреките и потешкотиите, а тоа е остварено со Законот за платежни услуги и платни системи кој е донесен на 20 април 2022 год од страна на Министерството за финансии. Поголемиот дел од Банките кои се вклучени во креирањето и надоградбата на платниот систем и имплементирање на Директивата за платежни услуги 2 заклучуваат "Новиот закон, кој го донесува согласувањето на македонското законодавство со директивите на ЕУ во областа на платежните услуги, обезбедува безбеден, стабилен и ефикасен платен систем во Република Северна Македонија, компатибилен со платните системи на државите-членки на ЕУ." Со либеризацијата на финансискиот пазар, се укинува монополот со кој само банките даваа платежни услуги, се отвариа можности за нови платежни институции или трговски друштва кои со дозвола од НБРСМ може да даваат платежни услуги. Новиот Закон, предизвикува потреба од усогласувања, прилагодувања на процесите за работа, едукација на вработените и клиентите за сите активности да функционираат без пречки. Банките во изминатиот период, активно и напорно работат на Законот,

трудејќи се секојдневните финансиски активности да не претрпат промени и да нема тешкотии. Услугата за информации за платежни сметки овозможува лесно надгледување на трансакциите и состојбата на сметките, подобро управување со ликвидноста, како и анализа на потрошувачките за корисникот на платежни услуги, а тоа нуди нови услуги погодни за неговите потреби и начин на однесување. Се олеснува аплицирањето за кредит, било од банка или друга финансиска институција. Им се овозможува на клиентите да реализираат трансакции, плаќања или примање на средства преку интернет или мобилна апликација со користење на својата банкарска сметка преку давател на услуга. Особено е корисно во електронската трговија, каде е овозможено плаќање не само со платежна картичка, но и преку електронско банкарство.

2.3. Искуства од операционализацијата на втората ЕУ директива за платежни услуги (PSD2), можности и ризици

2.3.1 Провизија за пристап до сметките Access- to-account (XS2A)


Една од најважните провизии во ПСД2 е провизијата поврзана со пристапот до сметките (XS2A) и додатните провизии во РТС (Слика бр. 13).

Правилото XS2A се наоѓа во срцето на новата директива. Ова им овозможува на ТПП-овите да пристапат до сметките на клиентите по изречената согласност на клиентот. ПСД2 ги задолжува банките да овозможат пристап преку посветен и безбеден интерфејс. Регулаторот не специфицира како треба да се овозможи овој пристап, но најголемиот број на банки брзо се согласија дека технологијата за Апликациски Програмски Интерфејс (API) е најдобра. API е интерфејс кој овозможува две апликации да комуницираат помеѓу себе. Голема предност на оваа технологија е што овозможува нови решенија да се интегрираат во стари платформи. Оваа флексибилна технологија овозможува на ТПП-овите да развиваат услуги и производи врз инфраструктурата на банките и да конкурираат со понудените финансиски услуги.[33]

[33] Quinten Meulemen, *PSD2 in Belgium: Strategic decisions beyond compliance,* University of Gent, 2021

Со ПСД2 листата на активности кои провајдерите на платежни услуги можат да ги вршат се проширува да вклучи и пристап до платежните сметки на корисниците (кои се кај нивните АСПСП) за ПИСП (член 66) и/или АИСП (член 67), доколку корисникот дал експлицитна согласност на провајдерот за да му пружи ПИС и/или АИС услуги.

Ова е исто така и случај и за ПСП кои издаваат платежни инструменти кои се картично базирани, каде што АСПСП веднаш потврдува дали сумата потребна за извршување на платежната трансацкија базирана на картично плаќање е расположлива на платежната сметка на плаќачот (види и член 65). За специфичните барања за заеднички и безбеден отворени стандарди на комуникација, се аплицира членот 30 од РТС.



(Source: European Banking Authority, 2018b)

Figure 14

Слика бр. 13 „*Провизии за пристап до сметките преку АИС и/или ПИС*““

Пред имплементацијата на Директивата, ПИСП и АИСП имаа можност да работат на платежниот пазар, но за да добијат информации за сметките на своите клиенти или пак да иницираат плаќање директно од банкарската сметка на клиентите, тие мораа да имаат специјални договори со финансиските институции кои ги држат кај себе депозитите на клиентите, а со тоа и потребните информации за извршување на плаќањата од сметката на клиентите. Ова самото по себе носеше големи бариери за

влез на пазарот за нови компании и резултираше со недоволна конкуренција на пазарот. Како би се израмнил теренот за игра еднакво за сите платежни услуги и како би се корегирале овие пазарни недостатоци, членовите 35 и 36 во ПСД2 ги дефинираат правата за пристап на платежните институции кон платежните кориснички сметки на кредитните институции. Пристапот треба да биде овозможен на објективна, недискриминаторна и пропорционална база и пристапот треба да биде овозможен на начин кој им дозволува на платежните институции да нудат платежни услуги во транспарентен и ефикасен начин. Дополнително на ова, Директивата наложува дека пристапот до корисничките сметки не треба да зависи од договорна врска помеѓу сопственикот на корисничката сметка и АИСП или ПИСП, како што тоа беше случај со работењето под ПСД1. Бидејќи банките работат како кредитни институции и го имаат целиот пристап до податоците на корисничките сметки на своите клиенти, правилото за пристап до сметките (XS2A) значи дека банките ќе треба им овозможат на третостраните провајдери пристап до корисничките сметки на клиентите, доколку е тоа возможно онлајн. За третостраните провајдери, односно ФинТек компаниите, ова значи дека тие ќе можат да ги изградат своите финансиски услуги на база на податоците и инфраструктурата на кредитните институции. Но, и самите банки можат да станат ПИСП или АИСП, што пак во тој случај значи дека тие ќе добијат пристап до корисничките сметки кои ги поседуваат другите конкурентски банки. Тоа исто така значи дека третостраните провајдери ќе добиваат податоци за трансакциите на клиентите на банките и со тоа ќе добијат инсајт за нивните потрошувачки навики. Но, ПИСП и АИСП, сепак, немаат право да ги користат, пристапуваат до нив или пак складираат било какво податоци за било какви активност настрана од извршувањето на плаќачките или информативните услуги кои ги нудат, а кои се експлицитно побарани од клиентот. ПИСП немаат дозвола да пристапат до никакви податоци освен до оние што се потребни за извршување на услугите кои ги нудат, а додека АИСП можат да пристапат единствено до податоците од платежните кориснички сметки на клиентот и податоците за поврзаните платежни трансакции. Важно е да се нагласи дека третостраните провајдери можат да иницираат плаќање и да добијат пристап до корисничката сметка на клиентот единствено ако тој експлицитно им го дозволи тоа. Директивата понатаму ги одредува и правилата за тоа кои информации мора да им

бидат прикажани на клиентите од страна на ТПП пред тие да можат да дадат согласност за пристап до нивните кориснички сметки.

2.3.3 Апликациски Интерфејс за Програмирање Application Programming Interfaces (APIs)

Апликациски Интерфејс за Програмирање (АПИ) преставуваат камен темелник на модерната дигитална економија. Секогаш кога се користи апликација на смартфон за купување на нешто, се користи АПИ.

АПИ може да се дефинира како стандардизиран сет на протоколи, рутини, функции или команди кои командуваат како еден софтвер „зборува“ или “комуницира“ со друг софтвер. Еден пример за тоа е АПИ за логирање на Фејсбук или Гугл. Овие компании користат отворени АПИ кои им дозволуваат на други софтверски апликации да им овозможат регистрација на новите корисници без корисниците да мораат сами да поминат низ процесот на регистрација и идентификација. Провајдерите на апликациите кои ги користат овие отворени АПИ за логирање, како на пример Дропбокс или Инстаграм единствено треба да знаат како да комуницираат со АПИ-то на Гугл или Фејсбук, а притоа да немаат потреба од познавање на технологијата за менаџирање на корисничките ID сметки на Гугл или Фејсбук. АПИ не се нова појава, но во последните години еволуираа од нешто што се користи во рамките на една организација или само со клучни партнери, до нешто што е јавно и отворено.

За безбедно споделување на податоците за клиентите во отворено банкарство, банките мора да понудат АПИ за да постигнат интероперабилност[34]. АПИ технологијата е веќе прифатен стандард за безбедно споделување и прикачување податоци во онлајн средина, што дефинира како софтверот треба да комуницира.[35]

[34] Mansfield-Devine, S. (2016). Open banking: opportunity and danger, Computer Fraud & Security, 8-13. https://doi.org/10.1016/S1361-3723(16)30080-X

[35] UK Finance.Retrieved January 18, 2020, from: https://www.ukfinance.org.uk/system/files/Frequently-Asked-Questions-on-PSD2-and-Open-Banking.pdf

АПИ доаѓаат со технички спецификации, тестирачки капацитети и јасни законски и операциони услови под кои можат да се користат. Долги години наназад, големите компании наречени Текфинс[36] како Гугл или Фејсбук веќе нудат АПИ за трети страни за споделување податоци и платформска конективност[37], а од 2006 тие исто се користат и во финансиската индустрија[38]. Денес тие се императив.

ПСД2 ги обврзува сите банки да им дозволат на ТПП пристап до податоци за сметките и право на иницијација на плаќања, но само и само доколку корисникот експлицитно го има авторизирано ТПП да иницира такви барања и доколку ТПП е регистрирано од компетентниот финансиски авторитет во својата земја[39]. Иако овој концепт звучи ветувачки, тоа сепак претставува голем безбедносен предизвик. Вице претседателот на ЕМЕА Марк Ноктор верува дека ако банките се обрвзани да понудат АПИ за третострани апликации, и ТПП и банките мора да ги внесат во својата работа истите безбедносни стандарди, неконзистентносите на ниво на индустрија и практичните проблеми при користењето на овие АПИ не би настанале[40], што пак според Менсфилд-Девин најверојатно ќе бара скапа нова инфраструктура[41]. Дополнително на предизвикот на АПИ стандардизација, друг предизвик е колективната едукација на корисниците за новите можности и безбедното однесување кога трети страни ги контролираат нивните финансиски и лични податоци[42].

[36] Omarini, A., E. (2018). Banks and Fintechs: How to Develop a Digital Open Banking Approach for the Bank's Future, International Business Research; Vol. 11, No. 9; Published by Canadian Center of Science and Education, doi:10.5539/ibr.v11n9p23

[37] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-Report-Final-1.pdf

[38] (World Economic Forum, 2017),

[39] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-Report-Final-1.pdf

[40] Noctor, M. (2018). PSD2: Is the banking industry prepared? Computer Fraud & Security, 9-11. https://doi.org/10.1016/S1361-3723(18)30053-8

[41] Mansfield-Devine, S. (2016). Open banking: opportunity and danger, Computer Fraud & Security, 8-13. https://doi.org/10.1016/S1361-3723(16)30080-X

[42] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-Report-Final-1.pdf

Двете главни теми покриени од ПСД2 се однесуваат на внесувањето и регулацијата на нови учесници и услуги на пазарот на е-банкарство, како и воспоставувањето на нови правила за лиценцирани ТПП да ги користат новоотворените банкарски инфраструктури поврзани со пристап до корисничките податоци (XS2A), со нивна дозвола, и со дополнителни подобрувања на безбедноста на платежното процесирање преку внесување на РТС за силна корисничка автентикација[43].

АПИ најопшто можат да се поделат на три категории.

1.Приватни АПИ

Приватните или интерни АПИ се користат од страна на банките веќе долго време и биле креирани за интегрирање на апликации и фасилитирање на проток на податоци во рамките на самата организација. Ова значи дека и креаторот и корисникот на АПИ се дел од истата организација или компанија.

2. Партнерски АПИ

Приватните АПИ подоцна еволвирале во партнерски АПИ и се користеле од страна на клучните партнери на организацијата нивни креатор, со цел пристап до бизнис фукнциите, во зависност од нивната деловна врска со банката. Партнерските АПИ им помагаат на банките да остварата различни стратешки цели, како на пример проширување на бизнисот или додавање на нови услуги во понудата.

3. Отворени АПИ

Отворените АПИ ги прават бизнис податоците и функциите отворени и достапни и за трети страни кои не секогаш се во некаква деловна врска со банката. Отворените АПИ се лесно достапни интерфејси кон кои може да пристапи и секој од организацијата и секој од надвор кој поседува точна идентификација и авторизација. Отвореите АПИ всушност им овозможуваат на третите страни да изградат и понудат нови сервиси базирани целосно на банкарската инфраструктура. Како банките би биле усогласени со ПСД2, тие мора да користат отворени АПИ во своето работење и тие мора да бидат

[43] Forester, H., Rolfe, A. & Brown, A. (2017). PSD2 and Europe's Open Banking Mandate – Challenges for Banks and FinTechs, Payments Cards and Mobile Research.NCR corporation.Retrieved January 16, 2020, from:https://www.paymentscardsandmobile.com/wp-content/uploads/2017/09/NCR-PSD2-Report-Final-1.pdf

отворени и достапни за сите авторизирани трети страни, на недискриминаторска база. Сепак, ПСД2 бара од банките да тие им овозможат пристап преку АПИ на третите страни само до податоци за платежните кориснички сметки на клиентите.

Платежна сметка, според ПСД2, е корисничка сметка која е отворена кај еден или повеќе провајдери на платежни услуги, а која се користи за извршување на платежни трансакции. Па, така, податоците за платежните кориснички сметки на клиентите ќе ги содржат само историските трансакции на овој конкретен вид на корисничка сметка. Податоците за другите видови на кориснички сметки не се задолжително достапни преку отворени АПИ. На пример, АПИ за споделување на податоци за штедните сметки на клиентите или пак за банкарскиот софтвер кој содржи податоци за кредитите или хипотеките и нивните услови или заштедите вложени во фондови, не се задолжително за да бидат отворени и дистрибуирани до третите страни. Сепак, доколку одлучат, банките можат да отворат една или повеќе различни АПИ за третите страни, како третите страни би можеле да понудат и други услуги освен иницирањето плаќања и информирањето, но таквите АПИ би биле наречени „премиум“ АПИ и не би биле задолжителни.

Преовладувачка цел на ПСД2 е да го отстрани законскиот монопол на банките за пристапот до сметките на нивните клиенти[44], бидејќи финтек и останатите нови играчи на пазарот единствено можат да преживеат во оваа нова средина преку банкарски податоци на кои можат да пристапат преку АПИ, поради високите капитални побарувања и останатите трошоци кои претставуваат огромни бариери за влез и отпочнување на бизнис[45]. Конкретниот дизајн на овој пристап зависи од заедничките и безбедни отворени стандарди за комуникација како и од РТС за силна корисничка автентикација[46], кои се легални документи за специфицирање на одредени аспекти од

[44] Wolters, P.T.J. & Jacobs, B.P.F. (2018). Thesecurity of access to accounts under the PSD2,Computer Law & Security Review: TheInternational Journal of Technology Law and Practice, https://doi.org/10.1016/j.clsr.2018.10.005

[45] Choi, G. & Park, M. (2019). Reconnecting the Dotsfor the Payment Service Directive 2 – Compatible Asian Financial Network, East Asian Economic Review, vol. 23, (3), 285-309 http://dx.doi.org/10.11644/KIEP.EAER.2019.23.3.364

[46] Wolters, P.T.J. & Jacobs, B.P.F. (2018). Thesecurity of access to accounts under the PSD2,Computer Law & Security Review: TheInternational Journal of Technology Law andPractice, https://doi.org/10.1016/j.clsr.2018.10.005

ЕУ Директивите и регулативите[47] и кои импозираат постриктни безбедносни мерки од ПСД2[48]. Дополнително на обврската за спроведување на специфични податоци за корисниците, од банките исто така е побарано и наложено да ги заштитуваат личните податоци и да превенираат криминал. Пристапот до сметки споведен од банките до ТПП треба да биде лимитиран на неопходните податоци за провизијата на платежните услуги од страна на ТПП. Договорните рестрикции не треба да одат подалеку од она што е неопходно за превенција на криминал и заштита на корисникот, бидејќи мерките против злоупотребата на овој пристап можат лесно да бидат интерпретирани како илегална рестрикција на конкуренцијата[49].

Пристапот до банкарските податоци за клиентите треба да биде недискриминирачки, објективен и пропорционален и во формата на двете нови услуги АИС и ПИС[50]. ПСД2 и РТС побаруваат провајдерите да применуваат силна автентикација на корисникот кога плаќачот пристапува до својата платежна сметка, иницира електронска платежна трансакција или извршува било каква трансакција преку подвижен канал, што може да вклучува ризик за платежна измама или друга злоупотреба.

Концептот на автентикација се однесува на процедурите кои им дозволуваат на провајдерите да го верификуваат идентитетот на корисникот или валидноста на користењето на одреден платежен инструмент, вклучувајќи го и користењето на корисничко - прилагодени безбедносни детали.[51] Овие елементи мора да бидат независни на начин на кој што компромитирањето на еден не го компромитира сигурноста на другите. За електронските трансакции иницирани преку Интернет постои дополнителен услов, провајдерите мора да користат динамички кодови за да го потврдат идентитетот на трансакциите, односно тие мора да аплицираат СЦА што

[47] Saarnilehto, I. (2018).Problems and possibilities of the payment services directive (PSD2), ProCIEdings of the Seminar in ComputerScience:Internet, Data and Things(CS-E4000), 71-82.
[48] Wolters, P.T.J. & Jacobs, B.P.F. (2018). Thesecurity of access to accounts under the PSD2,Computer Law & Security Review: TheInternational Journal of Technology Law and Practice, https://doi.org/10.1016/j.clsr.2018.10.005
[49] Wolters, P.T.J. & Jacobs, B.P.F. (2018). Thesecurity of access to accounts under the PSD2,Computer Law & Security Review: TheInternational Journal of Technology Law andPractice, https://doi.org/10.1016/j.clsr.2018.10.005
[50] Saarnilehto, I. (2018).Problems and possibilities of the payment services directive (PSD2), ProCIEdings of the Seminar in ComputerScience:Internet, Data and Things(CS-E4000), 71-82.
[51] Reduced payer's liability for unauthorized payment transactions under the second Payment Services Directive (PSD2)Reinhard Steennot (UGent)(2018) COMPUTER LAW & SECURITY REVIEW. 34(4). p.954-964

вклучува елементи кои ја поврзуваат трансакцијата со специфичен примач. Овие правила требаше да стапат на сила на 14 септември 2019, но ЕБА го продолжи овој рок до крајот на 2020. Сепак, картичните шеми и електронските трговци аплицираа притисок за и по втор пат да се одложи овој рок, поради КОВИД-19. [52].

2.3.4 Безбедност и сигурност во Втората Економска регулатива за платежни услуги

Брзиот развој на модерните технологии има рефлексии и во растот на електронските плаќања. Бројот на овие плаќања континуирано расте и ова исто така допринесе за развојот на новите платежни технологии и новите платежни услуги, кои стануваа се покомплексни и со тоа потешки за разбирање од страна на потрошувачите. Како резултат, потребно било да се донесат мерки кои ќе ги адресираат потенцијалните проблеми кои овие модерни начини на електронско плаќање ги носат со себе.

Провајдерите на платежни услуги се обврзани да воведат мерки што ќе ги превенираат и митигираат потенцијалните безбедносни ризици. Овие мерки треба да бидат постојано ревидирани и компетентните авторитети треба да бидат информирани за мерките кои провајдерот ги има воведено. Во случај кога ќе се случи поголем операционен или безбедносен инцидент, тогаш компетентните авторитети треба веднаш да бидат информирани за таквите инциденти како би се спречила потенцијална штета кон корисниците на овие системи и да би се превенирала дисрупција на целиот платежен систем.

Една од најважните намери, цели и мисии на ПСД2 е зголемувањето на безбедноста на електронските плаќања низ цела Европа и истовремено намалување на финансиските измами. ПСД2 пробува да го направи тоа преку концептот на силна автентикација на клиентот (СЦА).

[52] BEUC. (2020). Retrieved June 08, 2020,https://www.beuc.eu/publications/covid-19-cannot-be-excuse-delay-making-online-paymentssafer/html

Заедно со другите цели на ПСД2, таа исто така има за цел да постави сет на правила кои ќе ја разјаснат позицијата на потрошувачите и ќе ја засилат нивната заштита. ПСД2 следи принцип на различно ниво на заштита на потрошувачите од она што беше поставено во ПСД, што дозволува лица други од потрошувачите да се согласат дека одредени провизии од ПСД2 нема да важат за нив и за нивните договори. Важно е да се нагласи дека повеќето од провизиите кои ја владеат транспарентноста и барањата за информирање и правата и обврските на ПСУ остануваат речиси идентични и затоа овде ќе ги нагласиме само најважните промени кои одат во прилог на потрошувачите.

Ревидираните безбедносни мерки, поширокиот опсег и регулацијата на новите провајдери исто така допринесуваат на зголемена заштитата на потрошувачите. Како резултат, главните промени презентирани овде ќе се занимаваат со лимитацијата на сумата за неавторизирани плаќања платена од потрошувачите и процедурата за поплаки.

Во врска со сумата за загуба од неавторизирани платежни трансакции што плаќачот мора да ја поднесе, таа е намалена од 150 на 50 евра, што се смета за адекватна сума која осигурува високо ниво на заштита на потрошувачите. Дополнително, ПСД2 ги класифицира правилата кои се поврзани со ситуации во кои плаќачот ќе треба да ги сноси сите загуби / трошоци направени во врска со неавторизираното платежна трансакција бидејќи т.н. концепт на „gross negligence“ не е интерпретиран униформно од земјите - членки. Според тоа, случаите на неуспех и несовесност ќе ги покријат ситуациите кои вклучуваат исклучително ниво на безгрижност, како на пример чување на мобилен уред со ПИН на исто место со кредитната картичка. Дополнително, плаќачите се заштитени од потенцијални неавторизирани плаќања преку членот 75 од ПСД2 што спроведува дека провајдерот на плаќачот може да блокира средства во случаи каде што сумата на трансакцијата не се знае однапред само ако плаќачот даде согласност за целосната сума на средства што ќе се блокира. Оваа провизија ќе покрива платежни трансакции како хотелски резервации или изнајмување на автомобил.

Дополнително, ПСД2 адресира проблеми поврзани со практиката позната како дополнителни трошоци, односно трошоци за користење на одредени платежни инструменти. Овде е важно да се напомене дека ПСД2 се усвои заедно со Regulation

(EU) 2015/751429 што ги дава лимитите за интерните давачки - провизии поврзани со картичните платежни трансакции. Овие провизии се суплементирани од ПСД2 што експлицитно забранува било какви дополнителни трошоци за користењето на платежни инструменти кои се покриени од оваа регулатива.

Крајно, провизиите поврзани со процедурата за поплаки, што можат да ги разреши проблемите пред истите да се реферираат до алтернативни процедури за решавање или до надлежните судови и провизиите за авторитетите кои се авторизирани да ги решаваат овие поплаки, се исто така изменети. Процесот за процедурата за поплаки е направен појасен и ЕБА донесла насоки кои ги специфицираат важните точки од овој процес, како информациите што треба да бидат вклучени во поплката и во одговорот на поплаката, каналите кои треба да се користат за поднесување на поплаки и обврските на авторитетите кои се назначени да ги мониторираат и документираат овие поплаки.

2.3.5 Силна автентикација на клиентот (SCA)

ПСД2 бара од сите земји-членки на ЕУ да осигураат дека провајдерите на платежни услуги користат СЦА кога плаќачот пристапува кон својата корисничка сметка онлајн, иницира трансакции за електронско плаќање и прави било каква активност преку канал на далечина – подвижен канал (во секое време од било кое место) – што со себе носи ризик за измама, криминал или било каква друга злоупотреба. Принципот преку кој СЦА ја осигурува заштитата на потрошувачите и ги овозможува безбедните плаќања е преку зголемено ниво на безбедност за електронските плаќања. Секој пат кога клиентот ќе пристапи онлајн до својата корисничка сметка или ќе иницира трансакција за електрнско плаќања, тој мора тоа да го направи користејќи безбедносен автентикациски код. Овој код осигурува дека корисникот на услуга е легитимен корисник, а не трето лице и со тоа клиентот дава согласност на провајдерот на услугата. Автентикација мора да биде базирана на 2 или повеќе елементи категоризирани како:

- Знаење – нешто што корисникот знае, како ПИН или пасворд

- Посед – нешто што корисникот поседува, како картичка со чип или мобилен телефон

- Инхерентност – нешто што корисникот е, како на пример отпечаток од прст или технологија за препознавање на глас или лице.

Користејќи најмалку два од гореспоменатите елементи би требало да резултира со генерирање на уникатен автентикациски код кој динамички ја врзува трансакцијата со конкретна сум и конкретен плаќач. Третостраните провајдери на услуги се одговорни за користењето и апликацијата на СЦА.

Во секој случај, можеби најважната одредба од ПСД2 поврзана со безбедносните заштити може да се увиди во СЦА одредбата што ќе се употребува кога плаќачот (најчесто корисникот, потрошувачот) „ќе пристапи кон својата платежна сметка онлајн“, ќе „иницира електронска платежна трансакција“ или ќе „изврши било каква акција преку ремоте канал кој може да имплицира ризик од платежна измама или други злоупотреба“. ПСД2 наведува дека СЦА ќе инволвира најмалку два од следните елементи: знаење, посед или инхерентност. Овие елементи треба да бидат независни еден од друг, за да во случај едниот да биде пробиен, тогаш безбедноста на другите може да се зачува, односно нема да може да се компромитираат другите елементи. Вредно е да се напомене и дека обврската за СЦА лежи кај ПИСП.

Така, корисниците ќе бидат повикани да користата СЦА која се состои од најмалку 2 независни елементи кога на пример ќе одлучат да купат некои производи онлајн или пак да извршат онлајн платежна трансакција. Сепак, регулаторите се свесни дека стриктната апликација на овие правила нема да биде корисничко - пријателска за корисниците, па така тие сакаат да постават некој баланс со тоа што воведуваат одреден број на исклучоци од обврските за СЦА. Овие пример се случаите кога ќе се пристапи кон онлајн корисничката сметка само да се провери состојбата или трансакциите кои се извршиле во последните 90 дена или пак кога ќе се иницира бесконтакнтно плаќања на ПОС терминал, а сумата на поединечната трансакцијата не надминува 50 евра, кумулативната сума не надминува 150 евра и бројот на последователни бесконтактни плаќања не надминува 5.

Апликацијта на СЦА исо така има последици и за потенцијалната одговорност или нестабилност на плаќачот за неавторизирани платежни трансакции. Во случај кога СЦА не е побарана од провајдерот на платежната услуга, тогаш плаќачот нема да биде одговорен доколку не постапил криминално/измамнички. Сепак, не е само провајдерот на плаќачот тој што ќе сноси губитоци од такви неавторизирани платежни трансакции, туку и примачот и провајдерот на услуга на примачот би можеле да бидат приморани да ја рефундираат финансиската штета доколку не ја прифатат силната автентикација.

Воглавно, промените за безбедносните мерки во ПСД2 се добредојдени, бидејќи гледаат да ги заштитат потрошувачите и останатите учесници од потенцијалните штеттни ситуации и во исто време овие правила гледаат да воспостават безбедна онлајн средина за платежни трансакции во која потрошувачите ќе бидат адекватно заштитени.

2.3.6 Клучни членови за безбедноста во ПСД 2 - Articles 97 and 98

Членовите 97 и 98 од ПСД2 се клучни за безбедноста – еден од најважните проблеми кои ПСД2 сака да ги реши. Околу 70% од луѓето не би верувале на ТПП во иста или поголема мера како на комерцијалните банки. Членот 97 ги поставува темелите за безбедни плаќања со тоа што побарува СЦА под одредени услови. Сепак, за подобро да го разбереме членот 97, најпрво треба да објасниме што е точно СЦА. Според членот 4, став 30, од ПСД2 СЦА е „автентикација базирана на два или повеќе елементи категоризирани како знаење (нешто што само корисникот знае), поседување (нешто што само корисникот поседува) и инхерентност (нешто што само корисникот е), кои се независни, така што компромитирањето на еден елемент, нема да го компромитира веродостојноста на другите и кој е дизајниран на таков начин што ја заштитува приватноста на податоците што се автентицираат“ (European
Parliament and European Council, 2015a). Ова значи дека кога го користи својот кориснички налог, корисникот ќе треба да покаже / принесе најмалку 2 работи - На пример лозинка (нешто што тој знае) и скениран отпечаток од прст (нешто што тој е) или пак верификациски код испратен на неговиот телефонски број (нешто што поседува) заедно со лозинка или одговор на безбедносно прашање (нешто што знае). Листата на елементи за сите три категории е објавени во Мислењето на ЕБА на 21 јуни

2019. Тука се наведени и препознавање на глас, скенирање на очи, ретина, ирис, геометрија на лице и раце итн. како некои од можните елементи за категоријата инхерентност. Настрана од лозинките и безбедносните одговори, ПИН кодовите, лозинка - фраза или меморизиран swiping path можат да бидат елементи за категоријата знаење. За категориајта поседување, корисниците можат да користат и дигитален потпис, скенирање на QR код, скенирање на картичка преку читач на картички или пак поврзување на уреди како доказ за посед. Исто така, треба да се напомене и дека ЕБА не ги смета броевите на картичките, датумите на истекување и ЦВВ броевите како елементи кои припаѓаат на категориите знаење и поседување. Дозволено е да се користи еден електронски уред и за автентикација и за трансакција, но ризикот при користење на еден уред за тоа треба да се митигира преку одделни безбедносни извршувања во различни околини и механизми, осигурувајќи дека уредот не е користен на измамнички начин.

Членот 97, параграф 1, констатира дека процесот ќе биде потребен во три случаи:

-кога клиентот пристапува кон својата платежна корисничка сметка

-кога иницира електронска платежна трансакција и

-кога тој ќе изврши акција преку подвижен канал што може да имплицира ризик или измама или друг вид криминал.

Дополнително, параграф 2, членот 97 побарува СЦА базирана на динамичко поврзување на специфична сума и специфичен примач, а во параграф 3 бара и адекватни безбедноски мерки за заштита на доверливоста и интегритетот на корисниците на услугата.

Параграф 4 укажува дека параграфите 2 и 3 треба секогаш да се применуваат кога плаќањата се иницираат преку ПИСП, а додека пак параграфите 1 и 3 се применуваат кога се побаруваат податоци преку АИСП.

Членот 98 има пак сосема друга функција. Тој поставува темел, а не регулира. Според првиот параграф: „ЕБА, во блиска кооперација со ЕЦБ и после консултација со сите релевантни стејкхолдери, вклучувајќи ги и тие од пазарот за платежните услуги, рефлектирајќи ги сите вклучени интереси, ќе развие драфт за регулаторните технички стандарди со кои ќе се адресираат провајдерите на платежни услуги...“[53]. Ова значи дека ПСД2 и членот 98 нема да ги регулираат побарувањата за СЦА, исклучоците од

[53] European Parliament and European Council, 2015c

членот 97, побарувањата за доверливост и интегритет на корисниците со кои безбедносните мерки мора да се усогласат и побарувањата за заедничките и сигурносни отворени стандарди за комуникација помеѓу сите инволвирани страни. Наместо тоа, членот 98 само ги набројува работите кои треба да се адресираат и ја делегира одговорноста преку создавање на Commission Delegated Regulation to the European Banking Authority (EBA). EBA се усогласи со членот, ја создаде Commission DelegatedФ Regulation (EU) 2018/389 и таа влезе на сила на 27 ноември 2017. (Европска Комисија 2017). Оваа Регулатива ја развива безбедноста на онлајн плаќањата преку поставување на стриктни правила за автентикациските кодови и динамичкото линкување/поврзување. Таа исто така ги поставува правилата за независност и митигација на ризиците на СЦА елементите (знаење, поседување, инхерентност) и создава побарувања и правила за нивното користење. Постојат случаи каде што СЦА нема да биде побарана од провајдерите на услуги. Исклучоците се групирани така што секоја група на исклучоци е регулирана во посебен член. Листата на исклучоци, од членовите 10 до 18 е следна:

- пристапување кон состојбата на сметката или проверување на трансакциите извршени во последните 90 дена
- бесконтактно плаќање до 50 евра, а притоа без корисникот да има 150 евра кумулативни бесконтактни платежни трансакции од датумот на последната СЦА проверка и не повеќе од 5 трансакции од последната СЦА
- трансакција на самоуслужни терминали за паркинг или јавен превоз
- трансакција кај доверливи бенефициари кој е вклучен во листата на такви од страна на самоплаќање
- кредитен трансфер помеѓу различни кориснички сметки на исто физичко или правно лице
- електронски плаќања од било кое место и во било кое време до 30 евра, а притоа без да се има кумулативен износ од 100 евра на претходните такви плаќања од последната СЦА проверка и не повеќе од 5 последователни без СЦА проверка
- процес на сигурносни корпоративни плаќања и достапни протоколи за учесниците кои плаќаата не се потрошувачи, и каде што властите се убедени дека тие процеси и протоколи имаат скоро идентично ниво на безбедност како што побарува ПСД 2,

додека пак идентификуваните трансакции од страна провајдерот се со низок ризик согласно со мониторинг механизмите од Член 2 од Регулацијата.[54]

2.3.7 Исклучоци од применливоста на Втората Европска Директива за платежни услуги ПСД2

После критиките за опсегот на ПСД, а посебно на невклучувањето на "one-leg transactions", регулаторите одлучиле да го решат овој проблем со ПСД2 така што ќе ги додадат овие трансакции во опсегот на ПСД2. Критиките главно повикувале на внимание на фактот што платежните услуги за парични трансфери извршени од имигранти и мигрантски работници, кои се сметаат за ранлива група на потрошувачи, кои праќале пари во земјите надвор од ЕЕА не биле покриени со ПСД. Затоа, член 2, став 4 од ПСД2 сега наведува дека одредбите на ПСД2 ќе важат за „платежни трансакции во сите валути, каде што само еден од провајдерите на платежни услуги е лоциран во ЕУ, во однос на оние делови од платежните трансацкии кои се извршуваат во ЕУ", а ПСД2 исклучува примена на одредени одредби, како на пример одредбите за можните рефундирања и обврските за информирање во смисла на максимално време на извршување. Дополнително, опсегот на ПСД2 е проширње и на трансакции извршени од провајдери на платежни услуги лоцирани во ЕУ без разлика на валутата, односно опсегот е проширен на трансакции извршени во други валути од валутите на земјите членки, доколку провајдерот на платежни услуги, двата или еден, е лоциран во ЕУ.

ПСД2 беше усвоена како целосно хармонизирачка директива која има за цел да ги намали опциите на земјите-членки да дерогираат од провизиите на ПСД2, со оглед на тоа што ПСД и опциите за дерогација беа предмет на критика. Една од овие опции што не беше препишана/сменета во ПСД2 во членот 41 е таа што експлицитно се пропишува дека во случај на поплака дали провајдерот на платежни услуги постапил согласно побарувањата за информирање во ПСД2, тогаш товарот на доказ паѓа кај провајдерот. Сепак, неколку нови опции беа додадени во ПСД2, па така ПСД2 сè уште

[54] European Parliament and European Council, 2015c

содржи многу опции за земјите - членки и нивните компетентни авторитети да отстапуваат од провизиите на ПСД2. Како резултат, вкупниот број на овие опции е 23, што е истиот број на опции и под оригиналната ПСД2. Во исто време, нужно е да се нагласи дека дефинирањето на некои од овие опции беше променето како би се дала поголема легална законска сигурност.

Дополнително, ПСД2 содржи одреден број на експлицитни исклучоци од нејзиниот опсег. Некои од овие исклучоци, како на пример исклучоците врзани за плаќања со кеш и чекови не предизвикаа никакви загрижености и затоа беа само превземени од ПСД во ПСД2 во нивната оригинална форма. Но, исклучоците поврзани со лимитираните мрежи, платежните трансакции направени преку комерцијален агент или платежните трансакции извршени преку телеком, дигитални или ИТ уреди правеа проблеми во конекција со нивната интерпретација или пак беа сметани за прешироки, па така им беше потребна ревизија.

Во врска со исклучоците за лимитирани мрежи, ПСД2 ја постави за задолжителна оригиналната провизија во ПСД, па така сега исклучокот ќе важи за „услуги базирани на специфични платежни инструменти кои можат да се користат само на лимитиран начин“, кои пак во исто време мора да исполнат и еден од три дополнителни критериуми. Според ПСД2, овој исклучок ќе ги покрие картичките за гориво, картичките за јавен транспорт и одредени специфични ваучери за храна, а специфицирано е дека овој исклучок ќе се интерпретира на стриктен начин. Иако овој исклучок е класифициран, сепак постојат одредени грижи во врска со интерпретацијата на овој исклучок, бидејќи ПСД2 го користи терминот „навистина лимитиран асортиман на добра“, што може да предизвика проблеми во врска со интерпретацијата.

Вториот исклучок, платежните трансакции преку комерцијални агенти, што беше владеен од член 3б од ПСД, имаше двоумица во врска со терминот „агент“, бидејќи не беше јасно дали исклучокот важеше и во ситуации кога агентот делувал во име на плаќачот или примачот или пак во име од двајцата. Како последица на тоа, ПСД2 експлицитно кажува дека овој исклучок важи само доколку има договор помеѓу комерцијалниот агент и плаќач или примач, каде што комерцијалниот агент е назначен да делува само во име и корист на плаќачот или примачот.

Последниот исклучок кој беше видно изменет е исклучокот кој иницијално ги покриваше платежните трансакции извршени преку телекомуникациски средства, дигитални или ИТ уреди, кој беше вклучен во член 31 од ПСД. Оригинално, овој исклучок ги покриваше купувањата на рингтонови или премиум СМС услуги кои беа наплаќани од корисникот заедно со другите услуги провајдирани од операторот. Сепак, овој исклучок беше сметан за преширок и имаше сугестии дека овој исклучок може да се прошири за генералната трговија, што би го загрозил еднаквиот терен за игра. Иако овие грижи никогаш не се материјализираа, сепак беше сметано за неопходно да се модифицира овој исклучок. Затоа, овој исклучок беше ревидиран и термин беше изменет како би си добила легална сигурност за потрошувачите и операторите. Како резултат, ревидираното дефинирање на исклучокот примарно се фокусира на микро-плаќањата за дигитални содржини и војс-бејсд услуги. Респективните провизии стимулираат дека од скоупот на ПСД2 одредени платежни трансакции кои се понудени од провајдерите на електронски комуникациски мрежи или дополните услуги провајдирани од овие провајдери ќе бидат исклучени. Овие платежни трансакции вклучуваат купување на дигитални содржини или гласовно - базирани услуги, без разлика на уредот кој се користи за тоа купување и други платежни трансакции кои се извршуваат преку електронски уреди како на пример купување на билети или шема на добротворна активност. Во исто време овие плаќања се лимитирани и со сума од 50 евра за една платежна трансакција и кумулативна сума од 300 евра по месец. Примери за вакви исклучоци можат да бидат плаќања за паркинг, транспорт и влез во различни објекти. Со оглед дека овој исклучок ги покрива и микро-плаќањата во видео игрите кои можат да ги играат и деца, кои се сметаат за ранлива група на потрошувачи, беше расправано и за намалување на лимитот на дневно и месечно ниво.

Како заклучок, опсегот на ПСД2 беше понуден во линија со предлозите за унапредување кое беа направени во врска со ревизиите на ПСД. Сепак, бројот и ширината на опциите за земјите членки и нивните компетентни авторитети да дерогираат од провизиите на ПСД2 не се промени видно и затоа останува да се види дали посакуваното ниво на хармонизација ќе биде постигнато. Дополнително, исклучоците од опсегот на ПСД2 беа променети во ПСД2 како би се обезбедила поголема законска сигурност. Генерално, овие чекори се добредојдени, но сепак

постојат грижи кои ќе бидат предмет на дополнителна дискусија и интерпретација од CJEU.

2.3.8 Примена на ПСД 2 во секојдневното функционирање

Постојат неколку начини на кои бизнисите ќе можат да се натпреваруваат во новокреираната средина на отворено банкарство. Според Strategy&, консултантска компанија за бизнис стратегија, дел од Прајсвотеркооперс групацијата и нејзината детална анализа од 2016, идентификувани се 6 бизнис модели во банкарството кои одредени компании досега ги имплементирале и со што се прикажале промените предизвикани од ПСД2 и што покажало како можат да се применат во пракса принципите на тактички менаџмент. Сите овие 6 компании претставуваат одличен пример за „first-mover“ ФинТек или банка што веќе употребува отворена инфраструктура или АПИ и кои што веќе почнале да генерираат вредност пред било кој друг (поврзано со ПСД2).

Првиот пример е BuddyBank, италијанска модуларна дигитална банка, подружница на УниКредит, базирана на третострани модули. Стартувала со работа на 29 јануари 2019 преку апликација екслузивно креирана за иОС смартфони (Ајфон) и единствено достапна за клиентите на Уникредит кои имаат Мастеркард дебитна или кредитна картичка. Базирана е на домашно развиени фронт енд и АПИ решенија и нуди банкарски услуги преку конекции со своите партнери. Нуди брзи и лесни решенија за своите клиенти, како на пример дигитално чување на картички што ја елиминира потребата за физички картички и сите ризици поврзани со тоа. Исто така нуди и 24/7 бесплатен консиерж и можност за решавање на одредени банкарски пробеми, како замена на картичка и менаџирање на трансацкиите за само неколку секунди.

N26 е германска директна банка која започнала со работа во 2016 како комплементарна банка и третостран интерфејс за Wirecard. Добила банкарска лиценца во јули 2016 и го сменила името во N26. Има модуларен пристап преку интеграција на многу АПИ од партнери. Порасна во првата пан-европска директна банка која нуди услуги во 22 ЕУ

земји. Таа го трансформира паметниот телефон на своите корисници во платежен инструмент и им нуди на своите клиенти целосна и инстантна контрола на сите картични функции. Клиентите исто така можат да праќаат средства на своите трастед контакти веднаш, без да имаат потреба за ИБАН податоци. Во 2016 Винсент Хауперт, компјутерски научник, успеал многу лесно да ги екстрактира податоците на 33 000 клиенти на банката, преку искористување на повеќе безбедносни проблеми кои банката ги имала. Банката ги решила овие пропусти и јавно му се заблагодарила на Винсент. Сепак, во март 2019, банката повторно била жртва на безбедносен напад, но овојпат малициозен, кој направил многу проблеми со корисничките сметки и податоци. Најголемата жртва изгубила 80 000 евра од својата сметка. Банката тешко се справила со оваа криза. Ова го покренало прашањето за пребрзиот раст на банката, што ја оставило неспособна да се справи со архитектурата на дигиталната безбедност.

Treefin е уште една германска компанија, која за разлика од H26, служи како АИСП. Им помага на своите клиенти да ги менаџираат своите инвестиции, осигурителни полиси и банкарски сметки, преку АПИ кои интегрираат повеќе извори на податоци во една бесплатна мобилна апликација. Апликацијата го анализира однесувањето на клиентите и нивните податоци и нуди совети за финансиска оптимизација.

Satispay е италијанска компанија која користи АПИ за да обезбеди П2П платежни решенија. Основана е во 2013 и има околу 500 000 корисници. Корисниците на бесплатната апликација можат да испраќаат пари на други луѓе, да купуваат во физички или онлајн продавници кои се регистрирани корисници на Сатиспеј, да плаќаат даноци за своите возила или пак да платат за италијанските јавни услуги преку pagoPa системот. Користејќи ја новата ПСД2 легислатива, Сатиспеј била во можност да ги симплифицира процесите за интеграција на податоците и да креира стандардизиран процес за идентификација на клиентот. Сепак, поради Брегзит, Сатиспај била приморана да го премести своето седиште од Лондон во Луксембург.
Open Bank Project (OPB) е германска компанија основана во 2010 која нуди АПИ-водени комплајанс тулкитови за финансиски институции. Тоа всушност значи дека банките и останатите ентитети можат да ја изнајмат ОПБ за да им изгради инфраструктура и да им ја стандардизира работата како тие лесно би се усогласиле со

ПСД2. ОПБ исто така има и заедница на девелопери кои работат на АПИ. The set of tools that OPB offers is comprised of: a dedicated interface; an API catalogue; SCA and exemptions tools; monitoring and compliance tools; security measures; a TPP registry, and a publicly available PSD2 sandbox.


Последниот пример е Фиго, германски провајдер за Б2Б банкарство-како-услуга. Користејќи го банкарското АПИ, Фиго нуди платформа за размена на податоци преку консолидирање на податоци од банки, компании за кредитни картички идруги финансиски ентитети, кои потоа ги нуди на Финтекс, ТПП или други банки. Исто така нуди и услуги за банките кои одлучуваат да не градат инхаус инфраструктури преку специјално дизајнирано АПИ кое им помога лесно да се синхронизират со барањата на ПСД2 и да ги имплементираат потребните промени. Таа исто така го нуди и „FigoRegShield“, целосно решение за усогласување со ПСД2 и функционирање на АИСП и ПИСП.

2.3.9 Ставови и разбирање кон ПСД 2

Идентификуваните импликации на ПСД2 кон традиционалните банки индицираат дека компетитивната позиција на банките ќе биде предизвикана од ФинТек компаниите и играчи кои моментално се надвор од финансискиот сектор. Заедно со зголеменето темпо на иновации во финансиската индустрија, овие промени на пазарот ќе им наложат на банките размислување и делување на нови начини. ПСД2 евентуално ќе бара од банките стратешки мерки како би ја задржале својата компетитивна позиција. Постојат повеќе начини за одговор на предизвиците со кои се соочуваат банките. Генерално, банките имаат избор помеѓу офанзивен и дефанзивен пристап, но пред да донесат одлука потребно е детално и тороу да ги разгледаат сите страни.

Според норвешкиот мастер труд генерално постојат 3 одговори на ПСД2 кои банките можат да ги изберат. Првиот одговор гледа на ПСД2 како регулатива која банките се приморани да ја имплементираат и работат со неа. Овој одговор се нарекува пристап на усогласување. Вториот пристап е наречен проактивен бидејќи со тој одговор банките ја гледаат Директивата како можност за фундаментална реконструкција на нивниот

бизнис модел. Истиот принцип важи и за третиот одговор кој е наречен пристап на отворено банкарство. Сликовите прикажани одогворите на Слика број 15:[55]



Слика бр. 15 „*Одговори на ПСД 2*“

Одговор 1: **Пристап на усогласување**

Доколку банките го одберат првиот пристап, тогаш тие ПСД2 го третираат како регулаторен проблем, при што тие целосно се фокусираат на имплементација на регулаторните потреби, како на пример најбазичниот сет на АПИ. Ова може да биде прифатлива краткорочна тактика која на банките им овозможува стеснување на фокусот на нивниот бизнис модел кон одржување на ликвидноста и инфраструктурните услуги со цел задржување на нивната основна бизнис активност. Оваа стратегија со себе не носи иницијална амбиција за искористување на промената

[55] Ida M Moen and Helene H Helgoy, *The revised payment services directive (PSD2), Implications of PSD2 on Norwegian banks,* Norwegian School of economics, 2018

на индустриско ниво на компетитивно ниво за банката. Имплементацијата на регулаторниот минимум за банката би донела трошоци, но не и нови приходи и токму затоа со себе носи и негативни страни. Пристапот на усогласување бара најмал труд од банките. Сепак, тој го зголемува ризикот да банките станат институции, додека иновативните конкуренти ја користат Директивата за да превземат контрола врз интерфејсот кој го користат клиентите. На долг рок, банките кои ќе ја користат оваа тактика имаат ризик да станат единствено провајдери на банкарска инфраструктура преку која третите страни ќе ги користат бенефитите за создадата и понудат нови и иновативни производи и услуги на пазарот, а со тоа и ќе го окупираат клиентскиот интерфејс на банките и ќе го украдат нивниот дел од колачот. Ако примарната врска на банките со своите клиенти исчезне на овој начин, тие единствено ќе ја имаат улогата на провајдери на балансот на состојбата на клиентот и ќе имаат лимитирани кросселинг шанси и се помали и помали маргини на профит. Пазарот може многу рапидно да се измени и изборот на само усогласување може да ги доведе банките во позиција да не можат да се носат со брзината на движењето на пазарот и да паднапт позади својата конкуренција. С оваа опција банките ќе бидат претркани од играчите кои на ПСД2 гледаат како на можност преку која можат да капитализираат.

Но, од друга страна, пристапот на усогласување може да се покаже и како добра опција, со оглед на неизвесностите на пазарот и промените кои се случуваат. Неможноста да се понудат иновативни решенија може да се покаже како ризична, но почнувањето со иновации во еден незрел/неразвиен пазар може потенцијално да доведе до непотребно трошење на ресурси, време и труд. Можно е дека потрошувачите нема да им веруваат на новите модерни и иновативни банкарски решенија понудени од третостраните провајдери, па во таква ситуација подобро би било да се почека и да се види како пазарот ќе се развие, пред активно да се отпочни со стратешко делување. Сепак, комплајанс пристапот ќе биде ризичен за банките кои сакаат да ги зацврстат или одржат своите компетитивни позиции на пазарот. Тоа го покажува и фактот што ниту еден од интервјуираните менаџери не го сметаат овој пристап како можен за одговор на ПСД2, по што може да се заклучи дека ова не е многу реална опција.

Одговор 2: **Проактивен пристап**

Вториот можен одговор е еден повеќе проактивен пристап, кој се дефинира како банки кои што самите нудат нови, агрегатни услуги кои додаваат вредност за клиентот. Во овој пристап, ПСД2 се гледа како можност, а не како задолжителна регулатива која банките се обврзани да ја следат. Нудењето компетитивни услуги во полето на третостраните провајдери бара од банките да ги утилизираат податоците на клиентите и со тоа да го зголемат значењето на клиентите и да понудат супериорно корисничко искуство. Тоа им овозможува на банките да го задржат клиентскиот интерфејс и со тоа да ја намалат можноста да станат само провајдери на билансот на состојба за своите клиенти. Според норвешкиот труд,[56] идентификувани се три можни опции доколку се одбере проактивниот пристап. Првата опција е решенијата да се развијат интерно, втората опција е колаборација со конкурентските банки и третата опција е соработка со небанкарски играчи како ФинТек компаниите. Во второто и третото решение колаборацијата е дефинирана како колаборација-конкуренција, што зависи од тоа дали партнерот е гледан како конкуренција на банката. Ова би било случај доколку партнерите нудат услуги на истиот пазар како и самата банка.

Опција 1: Интерно развивање на решенија

Интерното развивање на решенија во самата банка е пристап кон проширување на производниот каталог. Ова побарува развој на дигиталните вештини и бара банката да стане релативно технички напредна организација. Каиталот и ресурсите мора да бидат достапни за инвестирање во интерните ИТ сектори како би се добило потребното знаење потребно за поддршка на патот кон посакуваното позиционирае на пазарот. На овој начин банките ќе можат да ја превземат улогата на ТПП, АИСП или ПИСП, и со тоа да понудат широка селекција на услуги на своите клиенти. Стекнувањето на специфичното знаење и компетенции потребни за ова можат да донесат многу високи инвестициски трошоци што би заробило голем дел од ресурсите на банката. Да се биде во тек со технолошкиот развој и да се има релеваантното технолошко разбирање во организацијата во секое време побарува многу ресурси и време. Сепак, банките држат кај себе доста капитал и се организации за кои се нормални вакви големи инвестиции.

[56] [56] Ida M Moen and Helene H Helgoy, *The revised payment services directive (PSD2), Implications of PSD2 on Norwegian banks*, Norwegian School of economics, 2018

Една од најголемите предности на развивањето на услугите интерно во самата банка и без партнерство е намалената можност да партнерите односно конкурентите ги добијата датабазите на клиентите на банката. Кога решенијата се развиваат интерно, како интегриран дел од активностите на банката, банката е единствениот бренд кој се појавува како создавач на услужното решение и единствениот бренд кој ќе се претстави пред потрошувачите, па така банката може да го има бенефитот на задржување на врската со своите клиенти.

Опција 2: Нудење нови видови услуги

Нудењето на нови видови услуги исто така може да биде постигнато и преку директна колаборација со други банки. Бидејќи банките оперираат во истата индустрија и се натпреваруваат на исто ниво, ваквата кооперација може да се смета за „coopetition“. Учесниците во ваквата врска истовремено и се натпреваруваат и соработуваат. Овој вид на соработка носи и бенефити и предизвиците за колаборативните партнери.

Размената на знаење и иновативни технологии може да биде есенцијален дел во успешниот процес на развивање и нудење на нови видови услуги. Во колаборацијата со други познати финансиски институции кои што ја имаат иста позадина и истите комплементарни ресурси, партнерите можат да споделат искуство и да разменат капацитети и консеквентно на тоа да добијат подобар иновативен процес отколку тој што самите би го развиле. Бидејќи банките делат слични карактеристики како на пример висока доверба кај клиентите и се големи и комплексни организации, тие можат многу полесно да ги комбинираат своето знаење и ресурси што дополнително ги унапредува иновациите.

Дополнително, преку воспоставување на ваква моќна и взаемно бенефитна коопетитивна врска, банките можат да ги зацврстат своите компетитивни позиции против новите играчи на пазарот како ФинТек. Еден таков пример се 100-те норвешки банки и штедилници кои соработувале меѓусебе за да заеднички добијат сопственички удел во Виппс. Целта на тоа било да Виппс стане единствениот провајдер за мобилни паричници за норвешките клиенти и следствено на тоа да изградат солидна компетитивна предност против новите играчи кои би влегле на пзарот. Коопетитивна колаборација со цел зацвртсување на пазарот против нови потенцијални влезови исто

така била целта позади колаборацијата на Sbanken, Sparebanken Vest, Sparebanken Sogn og Fjordane и Sparebanken 1.

Коопетитивната врска помеѓу две конкурентни банки исто така може да донесе и одредени предизвици. Конкурентските банки имаат конфликтни интереси бидејќи и двата партнери сакаат што е можно поголема клиентела. Банките во ваквата врска можат потенцијално да си ги украдат клиентите, што би резултирало со маѓепсан круг каде двата партнери би страдале на крајот. Небалансираната конкуренција според тоа би била штетна и за двете страни. Разделување на двата дела во кооперацијата – конкуренција и соработка, е од клучна важност.

Опција 3: Соработката со небанкарски играчи и трети страни

Соработката со небанкарски играчи е третата опција при проактивниот пристап. ФинТек и банките имаат симбиотски сет на компетитивни предности и предизвици, што ја прави соработка „вин-вин“ ситуација и за двете страни.

Предизвиците на ФинТек компаниите се често приордните силни страни на банките и обратно. Имаат различен сет на компетитивни предности и преку колаборација, заедничките потреби се идентифицирани, а силните страни разменети во еден заеднички бенефецицијарен аранжман. Според Ханделсбанкен: Банките имаат пари, ФинТек имаат идеи. Според анкетатта на ПВЦ, уникатните силни страни на ФинТек се новата технологија, агилноста и напредното клиентско искуство. Во исто верме, банките се карактеризираат со сигурна инфраструктуран, постоечка база на клиенти и познатост за клиентите. Размената на овие вредности може да го поплочи патот за нови процеси, каде што едната страна го инфлуенсира начинот на мислење на другата страна, без разлика дали е за бизнис модели, придобивање клиенти или пак иновативни процеси.

Дигиталната експертиза и знаење за напредните анализи на информациите поврзани за клиентите се критичен фактор за успех при развивањето на нови производи и услуги, а тоа е делокруг каде што ФинТек компаниите се експерти. Банка која што соработува со ФинТек би добила позитивни резултати, како на пример намалени трошоци за развој и иновации. Во исто време, ФинТек би ја имал можноста за креирање на услуги врз сигурната банкарска инфраструктура, што имплицира помали инвестициски трошоци и

им помага да се фокусираат на нивните базични компетенции. Поради релативно ниското регулативно бреме на ФинТек во споредба со банките, како и нивниот посед на иновативна култура, тие исто така можат да бидат многу поагилни од банките. Консеквентно, тие можат да експериментираат со нови технологии и бизнис модели. Ова им овозможува да тестираат нови производи и после тоа да создаадт производи кои им носат најдобро искуство на потрошувачите, па според тоа да го престават на пазарот добитниот производ преку партнерството со банката. Синергиајта од ваквиот однос на крајот ќе донесе подобри „крос-селинг“ можности за банката.

Колаборацијата со ФинТек во коопетитивно партнерство во одредени случаи може да биде и единствениот начин да се преживее на пазарот. Ако едно решение од ФинТек фирма успее и со тоа имплицира висок степен на адопција кај клиентите а со тоа намалена интеракција со банката, тогаш банката до одреден степен може да биде приморана да влезе во едно такво партнерство со ФинТек компанија. Бидејќи најголемата закана за банките е губењето на клиентскиот интерфејс, тие мора внимателно да ги слушаат барањата на клиентите за нивните потреби и со тоа да се здружат со играчите на пазарот кои можат да ги понудат најпопуларните решенија за клиентите.

Коопетиција е најчестата превземена акција од финансиските институции на пазарот за плаќачки решенија. Нордеа на пример напрвила партнерство со нивниот ФинТек конкурент Тинк, компанија која оперира на полето на платежни системи и со тоа Нордеа може да им овозможи на своите клиенти подобрено искуство во нивната мобилна апликација. Услужните функционалност развиени од Тинк се инкорпорирани во мобилната апликација на Нордеа, па затоа изгледа како Нордеа самата да ги развила. Данске банк е уште еден пример за банка која го ја искористила оваа можност преку инвестирање и создавање партнерство со Спиир. Во оваа коопетитивна врска, Спиир создал функционалности кои се инкорпорирале во онлајн апликацијата на Данске Банк. Уште еден пример за коопетитивно партнерство на платежниот пазар е Спаребанкен Вест и ФинТек фирмата Фолио. Банката инвестирала 25 милиони норвешки круни во Фолио за да изгради сметководствен и платежен систем за мали и средни претпријатија, со цел да остане релевантна кај своите клиенти.

Градењето на солидна коопетитивна врска исто така носи и одредени предизвици. Бидејќи постојат илјадници ФинТек компании во различни фази од развојот и со различна големина, барањето и селектирањето на вистинската може да биде навистина тешко. Банка која што сака да соработува треба да се фокусира на пронаоѓање партнер кој го има вистинскиот сет на луѓе, солидна финансиска основа, што ги задоволува нивните бизнис потреби и обезбедување безбедни технолошки солуции што се изградени да траат.

Доколку ФинТек партнерот добие лоша репутација поради направени грешки, пред банката можат да се појават одредени предизвици. Колаборацијата со трета страна која има негативна репутација може да се одрази на довербата која клиентите ја имаат во банката, како и на самото бренд име на банката. Ова може да биде доста штетно за банката, бидејќи ова е една од нивните најголеми силни страни. Дополнително, ова може да има влијание и на целиот финансиски систем на негативен начин. За едно коопетитивно партнерство да биде успешно, посветеност од двата партнери е задолжителна. Различните бизнис цели и интереси можат да ја еродираат колаборацијата, што значи дека коопетицијата со ФинТек не доаѓа без свои ризици. Не се невозможни ситуациите каде ФинТек профитираат од широката база на клиенти на банката, стануваат големи, се шират и евентуално и тие самите стануваат банка. Доколку ФинТек компанија добие банкарска лиценца поради бенефитите од коопетиција со банката, тоа може да биде штетно за банката, бидејќи новата банка ќе биде во состојба да им украде од клиентите. Сепак, ова не е толку лесно, бидејќи градењето на една банка е комплексен процес и бара големи капитални инвестиции. Градењето на заедничката доверба меѓу партнерите со цел градење на успешно партнерство е од голема важност. Тие мора константно да комуницираат за проблемите, целите и интересите и константно да бидат сигурно дека двата можат да изградат взаемно бенефитна соработка. Комуникацијата е исто така важна за да се дознае кој ги поседува клиентите и како треба да се поделат приходите. Слично на сите опции во проактивниот пристап и во овој се појаува дисрупцијата на банкарските постоечки модели и партнерства и на потребите на клиентите се одговара преку нови бизнис идеи. Ова може да ја зацврсти нивната можност да ги задржат интеракциите со клиентите и со тоа да ја намалат можноста да станат воглавно провајдери на биланси на состојба.

Одговор 3: **Отворено банкарство**

Трета опција за банките како одговор на промената во конкурентскиот еко-систем е да отидат и понапред од опсегот на ПСД2, кон повеќе отвореност отколку што регулативата налага. Заедно со променувачките очекувања на потрошувачите и технолошките напредоци, ПСД2 се смета за главниот двигател на Отвореното Банкарство, бидејќи ги приморува банките да отворат делови од своите бази на податоци за трети страни. Сепак, ПСД2 е лимитиран во смисла дека го регулира единствено пазарот за платежни услуги и банките според него се обврзани единствено да споделуваат податоци за трансакциите на нивните клиенти. Иако платежните услуги и услугите за информирање за корисничките сметки имаат улога на битни интерфејси за клиентите на банките, тие се само врвот на сантата лед. Банките исто така им нудат на своите клиенти широк дијапазон на други банкарски услуги како кредити, менаџирање на скапоцени работи, работа со хартии од вредност и персонализирани финансиски советувања. Под ПСД2, податоците за овие услуги остануваат под контрола на банките, но банките сепак не се спречени да ги споделат и овие податоци со третите страни, се разбира, со изрична дозвола на клиентот.

Првиот чекор кон Отворено Банкарство е отворање на повеќе АПИ од страна на банките, со што би им се дозволило на третите страни да добијат пристап до поголема количина на податоци за клиентите и да понудат производи поврзани со банкарските услуги покомплексни од ПИС и АИС. Ова значи дека банките ќе можат да им понудат на своите клиенти уште поиновативни услуги преку третите страни.

Следниот чекор за банката да стане целосно отворен еко-систем е преку овозможување на банкарски систем базиран на платформи. Во последната декада сведоци сме на појавата на вакви компании во повеќе индустрии. Туристичката индустрија на пример, каде луѓето преку посредник како АирБНБ можат да најдат соба во различен град или пак можат да споредат и резервираат хотели онлајн преку други платформи. Луѓето веќе не мораат да контактираат хотел за да најдат сместување, кога можат побрзо и поевтино да најдат соба само со неколку клика или преку мобилна апликација. Ваков модел се уште треба да се случи и интегрира во банкарските услуги, но како што очекувањата на потрошувачите растат, а регулативите се зголемуваат и водат кон промени нанапред, банкарството како платформа е сосема возможна иднина. Сепак, сè

уште е тешко да се замисли ова бидејќи во Европа нема многу такви примери, па тешко е да се замисли како тоа би изгледало и како банките се вклопуваат во сето ова. Сепак, ако погледнеме кон Азија, можеме да ги разбереме можностите на платформите и интергрираните банкарски услуги. АлиПеј и Вечат на Тенсент во Кина се одлични примери кои можат да се простудираат во овој случај. Овие бизниси базирани на платформа имаат повеќе карактеристики што ги прават навистина моќни и барани. Покрај тоа што се супер апликации што носат олеснување во животот на корисникот, самите платформи се развиени со фиксен инвестициски трошок и генерално работат со нула маргинални трошоци. Ова ги прави атрактивни бизнис модели, сè додека базата на клиенти е доволно голема. Колку повеќе луѓе се конектираат на платформата, толку повеќе нејзината вредност расте, притоа без пораст на трошоците. Кога платформата е целосно развиена, таа нема да генерира трошоци во понатамошните фази доколку повеќе клиенти се одлучат да ја користат.

Убер, АирБНБ, Фејс, Гулг Микрософт се доказ дека потрошувачите се спремни да прифатат платформи во другите индустрии. Сите овие компании имаат една заедничка карактеристика: нивната тендеција да станат доволно големи што на крајот ќе еволвираат во платформски монополи. Овие платформски бизниси доминираат со својот пазар преку генерирање на масивни директни и индиректни мрежни ефекти кои креираат бесценети услуги. Ако претпоставиме дека платформските бизниси ќе станат доминантни и во банкарската индустрија, едно интересно прашање е дали воопшто банкарската индустрија ќе произведе еден платформен монополист. Постојат разни аргументи за таков резулатт. На пример, еден платформски монополист драстично ќе ги реши проблемите на асиметрични информации. Колку поголема е платформата, толку поверојатно е дека позајмувачот ќе најде зајмувач и обратно. Нема дилема дека трансакциските трошоци за пребарување и спојување во такво сценарио ќе бидат намалени. Дополнително, една голема платформа ќе има огромен сет на производи и услуги, па ќе може да ги задоволи сите потрошувачки вкусови. Сите можни финансиски производи и услуги, како на пример сите видови на АИС и ПИС услуги, понудени на едно место, ќе можат да одговорат на сите побарувања и преференци на потрошувачите. Потрошувачите ќе си го олеснат животот така што не ќе мораат да се конектираат на повеќе различни места. Ова прави огромен притисок на пазарот за само една платформа. Сепак, овој резултат е чуден парадокс, бидејќи една од главните цели

на ПСД2 е зголемување на конкуренцијата на пазарот. ПСД2 на краток рок ќе ја зголеми конкуренцијата, но сепак на долг рок може да доведе до платформски монопол. Оводј парадокс може да се објасни со животниот циклус на индустриската консолидација. Повеќето нови индустрии најпрво се фрагментирани и многу нови стартапи и нови играчи на пазарот се појавуваат, пробувајќи да зграпчат дел од пазарниот колач. По одредено време, во индустријата остануваат само неколлку играчи кои имаат достигнато критична маса која им е тешка за натпревар на конкурентите. Така, како што созреваат, индустриите се консолидираат во неколку доминантни играчи. Само иднината може да покаже дали може да очекуваме еволуција кон бизнис модел на отворено банкарство и дали тенденцијата на доминантнат платформа ќе се оствари.

Очигледно е дека Отвореното Банкарство (ОБ) е концепт кој нема да престане да постои во блиската иднина. Атле Сиверстен објаснува како ПСД2 е само првиот чекор кон Отвореното Банкарство: Причината поради која мислам дека ПСД2 е толку важна е дека не само што е релевантна за информирање и иницирање плаќање, тоа е само еден мал дел од банкарството. ПСД2 е само почетокот на она што ние го замислуваме како Отворено Банкраство, што претставува многу повеќе. Отворено Банкарсто значи да бидете во можност да комбинират синџири на вредности и понуди на услуги во еден сосема нов начин. ПСД2 ќе го стартува ОБ и ќе редефинира што значи тоа да се биде банка. Иако резултатот на ОБ е несигурен моментално, многу експерти тврдат дека банкарството неминовно ќе еволира во некоја форма на отворен еко-систем. ПСД2 ја поплочува патеката кон тоа и банките кои што ќе почнат да се припремаат за таквото сценарио можат да создадат значителна предност пред другите банки во однос на нешто што ќе биде неизбежно во блиската иднина. „First-move“ предностите се апликабилни и во овој случај. Кога девелоперите и крајните корисници ќе се адаптираат кон одредена платформа, станува потешко за конкурентските платформи да направат прогрес или пак и воопшто да влезат на пазарот. Како што повеќе корисници се адаптираат на платформата, толку повредна станува таа и првата платформа на тој начин ќе добие значителни директни и инидректни мрежни ефекти. Дополнително, кога ќе се добие огромна база на клиенти каде клиентите се имаат адаптирано на карактеристиките на платформата и нејзините функционалности тоа ќе го направи потешко за новите играчи на пазарот да добијат дел од колачот, бидејќи клиентите ќе

го сметаат тоа за трошок и губење на време за да се префрлат на нова платформа. Каснењето со влез на пазарот нема да ги спречи банките да успеат, но ќе го зголеми товарот на сите останати услови за раст на платформата.

Потрошувачите во голема мера очекуваат „real-time“, персонализирани искуства без пречки, а како што конкуренцијата во банкарската индустрија се повеќе се фокусира на нудење на најдобрите производи на своите клиенти, банките можат да го користат ОБ како средство за да ги задоволат потрребите на потрошувачите и да создадат дополнителни дистрибутивни канали до своите клиенти. Со нудење на пристап на ФинТек до отворените АПИ што нудат повеќе од она што ПСД2 го побарува, банките ќе можат да понудат поиновативни решенија кои се ориентирани кон потребите на клиентите. Банките ќе можат да создадат нови услуги на пазарот и да профитираат од нив, а во меѓувреме да бидат ослободени од можните трошоци и проблеми што комерцијалното банкарството ги содржи. Со отворање на повеќе од своите АПИ, банките можат да се понудат на воите постоечки клиенти кои гледаат дека нивната банка се движи напред, понатаму од она што традиционалните банки се очекувани да го понудат, и со тоа да им понудат на своите клиенти најнови и најиновативи услуги на пазарот. Банките исто така ќе можат да привлечат и нови проспектни клиенти доколку тие не се во можност да ги користат најновите технологии и услуги бидејќи нивната постоечка банка не го прифаќа ОБ и затоа не може да понуди такви производи и услуги.

Настрана од креирање на нови извори на приход од нови производи, банките исто така ќе можат да го монетизираат и нудењето на отворени АПИ како приозводи на пзаарот. Ина Гјерстад од Нордеа е првата што го донесе концептот на гледање на банкарските АПИ како производи што можат да се продаваат и од нив да се добива профит. Нордеа го лансираше својот ОБ девелопер портал, каде девелоперите можат да ги користат АПИ на банката за да добиваат податоци за корисничките сметки и иницирање на плаќањата. За време на пилот периодот, одредени трети страни ќе градат апликации над АПИ. Девелопер порталот е лимитиран на Шведска и Финска но наскоро ќе биде лансиран низ цела Скандинавија. СпареБанк 1 Алајнс девелопер порталот е уште еден пример на банка која лансирала таков портал. Еден пример за тоа како АПИ можат да бидат монетизирани е кредит репортинг агенција која има интерни АПИ за пристап до

кредитен скор и останати податоци за кредитна историја на клиентите. Потенцијалот на АПИ е лимитиран кога е само за интерна употреба, но доколку се внесе на пазарот, тогаш може да биде искористе и од останати компании како банки, компании за позајмици или осигурителни компаннии во замена за пари кон кредитната рејтинг агенција. Ова би значело нов извор на приход за агенцијата при што фирмите би добиле пристап до вредни информации и би можеле да ги инкорпорираат новите функции во нивните апликации без да треба да развијат АПИ и самите системи. Ако ова се аплицира на банкарство, банките ќе можат да ја монетизираат понудата на АПИ, настрана од третите страни кои имаат право на бесплатно користење според ПСД2. Системите за креирање на извори на приход од АПИ вклучуваат „податок за податок“ базирани системи, трансакциски модел каде што примателот на податоците плаќа за секоја трансакција што АПИ ја овозможува, „per-call“ плаќачка структура што генерира приход секојпат кога трета страна ќе го користи АПИ или пак претплатнички базиран систем.

Бидејќи ПСД2 побарува недискриминирачки пристап до податоците за корисничките сметки, АПИ на Нордеа кои се користат за тоа и за иницирање плаќања и се бесплатни за девелоперите. Сепак, Нордеа го нудат и Форекс АПИ, наречено FIX API, на нивниот вебсајт кој им овомозможува на корисниците на АПИ да извршуваат форен ексчејнџ, форвард и своп трејдови автоматски од системите на компанијата. Ова е начин за Нордеа да го монетизира АПИ преку нудење на премиум производ каде што девелоперите ќе треба да платат за пристап и со тоа да креираат извор на приход за банката.

Слично како и при давањето пристап на трети страни кон податоците на клиентите, банките можат да изгубат дел од своите клиентски интерфејси и да изгубат битни функции за задржување и привлекување клиенти кога ќе им дозволат на трети страни да се грижат за клиентските интеракции. Со давањето пристап на Финтек и други играчи до повеќе АПИ, како на пример премиум АПИ, третите страни ќе можат да направат иновативни решенија кои банките моментално не ги нудат, како на пример апликација каде корисниците ќе можат да ги буџетираат своите финансии, да го менаџираат долгот или пак да добиваат инвестициски и финансиски совети во реално време преку чет функција. Ниедна норвешка банка моментално не нуди таква услуга,

што значи дека банките би дозволиле стартап да пополни одредена празнина и да креира дистанца меѓу банката и клиентите со отворањето на АПИ. Ова исто така значи дека „cross-selling“ можностите за банките ќе исчезнат.

Како што спомнавме, Отвореното банкарство е нов феномен што значи дека резулатите се сè уште несигурни. Техничките модификации и сигурносните проблеми се аспекти што носат закани за успехот за отворањето на банкарските податоци. Исто како што е случајот и со задолжителните отворени АПИ со ПСД2, ризикот за банките за измами, протекување на податоци, кражба на идентитет и други безбедносни пропусти сè уште постои и во случај на поголемо отворање на податоците.

3. Студија на случај на СН Финансии во Република Северна Македонија

3.1 Моментална состојба во платежниот систем и идна состојба што треба да се постигне со ПСД 2

Со Законот за платежни услуги и платни системи во Република Северна Македонија се опфатени и се уредуваат поголем број прашања поврзани со платежните услуги:

- Видови на платежни услуги;
- Дозвола за давање за извршување на платежните услуги;
- Правила за работа и издавање на електронските пари;
- Транспарентност при поставување и објаснување на условите и обврските за давање на информации поврзани со платежните услуги;
- Определување на правата и обврските како на давателите така и на корисниците на платежните услуги;
- Отворање и користење на платежната сметка;

- Транспарентност при прикажување на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги;

- Која е постапката кога се јавува потреба за решавање на спорови кои настанале во процесот на давање на платежните услуги, платните сметки и конечноста на порамнувањето;

- Надзор над институциите кои даваат платежни услуги и институциите кои кои издаваат електронски пари, како и дефинирање на надзорот на операторот на платниот систем;

- воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.

Народната банка го известува Европското банкарско тело за услугите за кои добила известување согласно член 3 ставови (3) и (6) од овој закон во кое наведува според кој исклучок од член 3 став (1) точки 11 и 12 од овој закон се врши активноста.

Законот за платежни услуги и платни системи не го опишува платежниот систем само како трансферот на средствата кој се одвива помеѓу банките и единствено само меѓу банките, но го опишува и објаснува како поширок термин кој е составен од палета на процедури, правила, посредници, инструменти, процеси на меѓу банкарскиот систем, и сите овие алатки се надоградуваат и усовршуваат за да ја олеснат циркулацијата на пари и заштитата на корисниците на платежниот систем.

Според Законот за платежни услуги и платни системи во РСМ, платежните услуги се дефинирани како услуги кои овозможуваат положување готовина на платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на таа сметка. Платежните услуги овозможуваат активности поврзани со отворање на платежни сметки, нивно одржување и затварање на сметките, а дозволуваат да се повлекува и готовина од платежните сметки. Според Законот, платежните услуги овозможуваат извршување на платежни трансакции, односно пренос на парични средства од една платежна сметка на на друга платежна сметка која може да биде лоцирана во системот на истиот давател на платежни услуги или кај друг. Од ова произлегуваат три моменти при извршување на платежни трансфери:

- извршување на директни задолжувања, вклучувајќи еднократни директни задолжувања;
- извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и
- извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози.

Законот за платежен систем овозможува да се вршат трансакции со парични средства кои може да бидат обезбедени од кредитна линија. Тоа значи дека може да се извршат директни задолжувања со вклучени еднократни директни задолжувања, извршување на директни задолжувања, вклучувајќи еднократни директни задолжувања, извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози. Исто така, платежните услуги опфаќаат издавање на платни инструменти и прифаќање на платните трансакции, извршување услуги за парични дознаки и услуги за иницирање на плаќања. Во Законот за платежни услуги е вклучена транспарентноста и давањето навремени и прецизни информации за платежните сметки.

Законот за платежни услуги и платни системи ги определува следните даватели на платежни услуги во Република Северна Македонија:[57]

- банките во согласност Законот кој го уредува нивното основањето и работењето на банките;
- штедилница согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на штедилниците;
- филијала на странска банка согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
- банка од држава - членка која има отворено филијала во РСМ или директно врши активности од финансиски карактер во Република Северна Македонија согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
- платежна институција која добила дозвола за давање платежни услуги од гувернерот согласно овој закон;

[57] Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

- платежна институција од држава - членка која има отворено филијала или директно дава платежни услуги во РСМ согласно овој закон;
- институција за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари согласно овој закон;
- институција за електронски пари од држава - членка која отворила филијала или директно издава електронски пари во Република Северна Македонија согласно овој закон;
- Народната банка, кога не дејствува со монетарни овластувања согласно Законот за Народната банка на Република Северна Македонија;
- Трезорот;
- Трезорот на Фондот и
- Европската Централна банка и централни банки од држави - членки на Европската унија, кога не дејствуваат со монетарни овластувања.

Услугите кои ги дава платежната институција се пропишани во законот во член 8, дозволени се од страна на гувернерот. Дополнително од тие наведени услуги, платежните институции исто така можат да даваат оперативни и помошни услуги доколку тие се поврзани со даањето на платежни услуги. Тука спаѓаат овозможување на извршувањето на платежните трансфери, купување и продавање на девизи на девизниот пазар во согласност со Законот за девизно работење, услуги за прибирање, чување и обработка на податоците. Исто така, давателите на платежни услуги можи да бидат во улога на оператор во согласност со Дел петти од овој закон, и слични дејности кои не претставуваат платни услуги а и не се определени со точки 1 и 2 од овој став.

Законот ги наведува институциите кои може да бидат издавачи на електронски пари, а тоа се:[58]
- банка согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
- штедилница согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на штедилниците;
- филијала на странска банка согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;

[58] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

- банка од држава - членка на Европската унија која отворила филијала или директно врши финансиски активности во Република Северна Македонија согласно закон со кој се уредува основањето и работењето на банките;
- институција за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари од гувернерот согласно овој закон;
- институција за електронски пари од држава -членка на Европската унија која отворила филијала или директно издава електронски пари во Република Северна Македонија согласно овој закон;
- Народната банка, кога не дејствува со монетарни овластувања согласно Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и
- Европската Централна банка и централни банки од држави - членки на Европската унија, кога не дејствуваат со монетарни овластувања.

Со новата Директива во РСМ, либерализацијата на финансискиот пазар овозможи од 01.01.2023 година да влезат нови даватели на платежни услуги, нови видови на платежни услуги и намалување на трошоците за извршените трансакции. Овие новини во себе ги содржи Законот за платежни услуги и платни системи. Овај Закон претставува усогласување на домашната легислатива со директивите на Европската Унија, и се опфатени областите на платежните услуги, обезбедување на сигурноста на платниот систем во РСМ, стабилност и ефикасност. Со донесувањето на Законот за платежни услуги, платежниот систем на Република Северна Македонија е компатибилен со платните системи на земјите членки на ЕУ. Либерализацијата на пазарот овозможи да се зголеми конкуренцијата на финансискиот пазар, и банките да добијат конкуренција во извршувањето на платежни услуги. Пред јануари 2023 година, само банките имаа право како монополи да извршуваат платежни услуги. Новиот закон дозволи да се вклучат и други платежни институции и трговски друштва кои со дозвола од Народната Банка на Република Северна Македонија ќе може да понудат и да извршуваат платежни услуги.

Новите услуги што од 01.01.2023 се достапни, се однесуваат на услуги за иницирање плаќање и услуги за давање информации за платежни сметки. Поточно, услугата за иницирање плаќање ќе им овозможи на корисниците да иницираат трансакции за плаќање преку Интернет или преку мобилни апликации на товар на нивната банкарска

сметка преку давател на услуги за иницирање плаќања. Оваа услуга ќе биде особено корисна во сферата на електронската трговија, односно наместо со платежна картичка, на интернет продажните места ќе може да се плати и со користење електронско банкарство.[59]

Во периодот од минатите дваесетина години, како позначаен долготраен тренд во користењето на платежните услуги е релативното поместување од готовински плаќања во корист на нови методи за безготовинско плаќање, особено платежни картички, во комбинација со зголемување на електронската и автоматската обработка на плаќањата. Користењето на електронското банкарството и на електронската трговија, исто така значително се зголеми, дозволувајќи им на плаќачите да прават плаќања, независно од локацијата и времето.

Со постојаниот развој на технологијата, појавени се поголем број на нови начини за иницирање на плаќања со користење на интернетот, мобилните мрежи и слични информациско – комуникациски технологии. Ваквите технологии имаа понудено ефикасни средства за електронско иницирање и потврдување на плаќањата кои ги задоволија потребите на потрошувачите. Постојат некои примери за користење на тие услуги, како што се електронската фактура и плаќањата кои се иницирани, спроведени и верифицирани преку мобилен уред преку апликациите од банките – М-плаќање. Со цел да се добие потврда за извршеното електронско плаќање, воедено е електронско усогласување на уплатата со платената сметка преку мобилни или преку интернет-банкарски апликации.

Со овозможување на услугата за давање на информации за платежните сметки, се овозможува да се олесни следењето на спроведените реализирани трансакции како и да се следи состојбата на сметките. Тоа значи дека услугата за информирање придонесува за подобро да се управува со ликвидноста, а се олеснува и анализирањето на потрошувачката на корисниците на платежните услуги. Ваквата анализа може да придонесе со појава на нови услуги согласно претходното искуство на однесување и потреби. Исто така, корисникот ќе има придобивка од ова со тоа што процесот за аплицирање за одобрување на кредит или сличен производ од банката или друга финансиска институција, е многу олеснет.

[59] www.finance.gov.mk

ФинТек компаниите поседуваат големи искуства и знаења, раководат со современи технологии со кои ќе си овозможат сигурен, брз и ефикасен пристап до давателите на услуги по електронски пат, со што ќе одиграат значајна улога.

Влезот на пазарот на овие финтек компании ќе се стимулира преку олеснети барања во однос на критериумите за започнување со вршење платежни услуги, а со цел да се привлечат финтек компаниите што треба да бидат двигатели на иновативни и дигитализирани платежни услуги и да ја засилат конкуренцијата на пазарот што ќе значи подобри платежни услуги по пониски цени. [60]

Законот за платежни услуги има осврнато внимание кон заштитата на потрошувачите, поради што обврзува на постоењето на предговони и договорни информации кои давателите на платежни услуги се приморани да бидат транспарентни и сите неопходни информации да му ги дадат на потрошувачите. Понудените информации ќе му помогнат н апотрошувачите да донесат правилна одлука за прифаќање или неприфаќање на понудените услуги од давателот. Информациите за провизии и други надоместоци кои произлегуваат од користењето на платежните услуги и извршувањето на трансакциите и чинењето на другите услуги кои ги нуди давателот, ќе бидат јавно достапни и транспарентно прикажани.

Корисниците на платежни услуги имаат право без плаќање на надоместок кај досегашниот давател, да ја пренесат својата платежна сметка кај друг давател на истите услуги. Корисниците кои припаѓаат во категоријата на ранливи лица односно кои се корисници на законски права, ќе имаат право на бесплатни услуги, надоместок за трансакции нема да им се наплаќа за минимум 5 извршени платежни трансакции месечно кои се порамнуваат интерно во границите на давателот на услугата.

Законот за платежен систем и платежни услуги дозволи да се отвори платежна сметка со основни функции за потрошувачите со законско живеалиште и престојувалиште во Република Северна Македонија, барател на азил и потрошувач на кој му е одбиено барање за престој и чие напуштање на Република Северна Македонија не е можно поради правни или други практични причини (право на неврaќање). Важна новина во Законот е и ограничувањето на висината на заменскиот надоместок што се пресметува

[60] www.finance.gov.mk

и плаќа за секоја платежна трансакција заснована на платежна картичка, односно од сегашниот просечен надоместок од 1,21% што го наплаќаат од трговците, тој ќе се сведе на 1% од вредноста на платежната трансакција на 1 октомври оваа година и постепено ќе се намалува до 0,2% во 2025 година. Исто така, сметките на кои 24 месеци нема никакви приливи и одливи и депозитните сметки на кои 10 години нема остварено каква било комуникација со сопственикот на сметката ќе добијат третман на неактивни сметки, со што давателот на платежни сметки не смее да ја намали вредноста на паричните средства на овие сметки заради пресметка и наплата на какви било надоместоци. Со Законот ќе се воспостави и Единствен регистар на сметки кој ќе го води и одржува Централниот регистар, во кој ќе се водат платежните сметки, депозитните и други денарски и девизни сметки и сефовите. [61]

3.2 Статусот и предизвиците на финтек компанија во поглед на ПСД2 и пошироко

Со овој закон се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавање електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настанати при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.[62]

Со овој закон се врши усогласување со Директива 32015L2366 на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија за платежните услуги на внатрешниот пазар (CELEX бр. 32015L2366), Директива 32009L0110 на Европскиот парламент и на

[61] www.finance.gov.mk

[62] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

Советот на Европската Унија за електронски пари (CELEX бр. 32009L0110), Директива 01998L0026-20190627 на Европскиот Парламент и на Советот за конечност на порамнувањата и системи за порамнување на хартии од вредност (CELEX бр. 01998L0026-20190627), Директива 32014L0092 на Европскиот Парламент и на Советот за споредливоста на надоместоците кои се однесуваат на платежните сметки, пренесување на платежните сметки и пристап до платежните сметки со основни функции (CELEX бр. 32014L0092), Регулатива 32015R0751 на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија за заменски надоместоци за картично засновани платежни трансакции (CELEX бр. 32015R0751) и Регулатива 02012R0260-20140131 на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија за воспоставување технички и деловни барања за кредитни трансфери и директни задолжувања во евра (CELEX бр. 02012R0260-20140131).[63]

Со цел да добиеме првични информации како македонските финансиски институции размислуваат за имплементацијата на втората ЕУ директива за платежни услуги, кои се нивните ставови и препораки од практична гледна точка, направено е интервју со раководството од финансиско сметководственият сектор во компанијата СН Финансии – Битола.

СН Финансии е компанија основа со 100% македонски, домашен капитал. Во моментот има соработка со една македонска комерцијална банка – Силк Роуд банка, која издава платежни картички на клиенти на СН Финансии и која им издава банкомати на СН Финансии. За споредба, Иуте Кредит се компанија основана од естонски капитал. Тие издаваат свои сопствени платежни картички и имаат свои сопствени банкомати, без соработка со некоја домашна комерцијална банка.

[63] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22

Интервју со одговорно лице во финансиски сектор на СН Финансии Битола:

Како компанија која што нуди услуги од финансиски карактер, процесот на усогласување со Законот за платежни услуги и платни системи во СН Финансии е веќе започнат. Почнати се со работа одредени работни тела, сочинети од финансиски експерти, но и од компјутерски програмери. Динамиката на усогласување се одвива со средна брзина и на фази. Не е спора, но не може ни да се случи преку ноќ. Се одвива постепено и во чекори, колку што дозволува законот и колку што дозволуваат можностите. За воведување на платниот промет, нешто што новиот закон го овозможува и за што СН Финансии се заинтересирани да го воведат е потребна распространета мрежа и широка и безбедна ИТ инфраструктура. Тоа не може да се создаде и пушти во употреба наеднаш, мора да се одвива чекор по чекор, како би се извело на најдобар и најбезбеден начин.

Кога станува збор за тоа колку компанијата е запознаена со Директивата за платежни услуги 2, со оглед на тоа што ПСД2 ја нема во својот опсег нашата држава, туку служи само како водилка за тоа како треба да изгледа и што треба да содржи националниот закон за платежни услуги, СН Финансии ја нема детално проучено самата Директива. Нејзиното значење, само по себе, за СН Финансии е минорно. Сите важни провизии кои произлегуваат од неа се транспонирани во македонскиот закон и фокусот е исклучиво на тој закон. Бидејќи СН Финансии моментално нема план, стратегија и амбиција да се пробие на пазарот за финансиски услуги на ЕУ, засега немаат потреба од детално проучување на ПСД2. Сепак, бидејќи, како што спомнавме, доста од провизиите од ПСД2 се паралелни со македонскиот, СН Финансии преку него, индиректно е детално запознаена со ПСД2.

Генералното мислење за македонскиот Закон за финансиски услуги и платни системи, а со тоа воедно и за ПСД2 е дека треба детално да се додефинира со правилници и подзаконски акти. Како под-дел на овој закон е и Законот за финансиски друштва, кој моментално е во собраниска процедура и кој заедно со Законот за финансиски услуги и платни системи ќе биде главната водилка за работата под новиот режим на финансиските друштва. Откако овој закон ќе биде усвоен во Собранието, финансиските друштва ќе имаат само 8 дена за негова имплементација, поради тоа што

секој закон стапува во сила 8 дена откако ќе биде објавен во Службен Весник. Тоа ќе претставува потешкотија за финансиските друштва бидејќи е навистина краток рок. Во моментов СН Финансии се во постојана комуникација со НБРСМ, како за Законот за платежни услуги и платни системи, така и за Законот за финансиски друштва. Сепак, многу работи се уште не се јасно дефинирани и постојат повеќе прашања за кои СН чека дообјаснување. Во комуникацијата се вклучени многу надворешни стејкхолдери, а СН Финансии ја имаат улогата на надворешни посредници во целиот процес на комуникација. Во моментот НБРСМ и СН Финансии имаат постојан повратен фидбек, се одржуваат состаноци на работни тела и соработката според СН Финансии се одвива на високо ниво.

Интервјуто го продолживме во насока на можностите, ризиците, и заканите кои произлегуваат од имплементацијата на законот. За почеток, можностите кои произлегуваат од имплементацијата се големи и интересни за СН Финансии. Започнувањето на водење на платен промет ќе донесе можност за присвојување голем број на нови клиенти кои би го префрлиле своето целосно финансиско лично работење во СН Финансии. Тоа вклучува земање плата на сметка отворена во СН Финансии, работење со трајни налози, користење на платежни картички издадени од СН Финансии на банкомати кои ги поседува СН Финансии – буквално пресликано од тоа како моментално граѓаните работат со својата избрана банка. Ова носи можност за голема финансиска придобивка за СН Финансии и зголемување на својот удел на пазарот. Исто така голема можност претставува и законската либерализација, односно давањето можност да секоја компанија, доколку, се разбира, ги исполнува условите, стане провајдер на финансиски услуги и врши работи од платниот промет и разликата во потребниот основачки влог за да една компанија започне со давње на финансиски услуги, кој во споредба со минималниот праг за банките е доста помал. Можност ќе биде и малата хиерархија која финансиските друштва ја имаат, што пак ќе фасилитира брзина во носењето одлуки, исполнување на условите, градење на потребната инфраструктура, создавањето на евтина и иновативна понуда и потребната трансформација и прилагодување на пазарот. Кога се работи за ризиците и заканите, од СН Финансии истакнуваат дека постојат повеќе и дека тие воопшто не треба да се занемарат. Како главен ризик тие го истакнуваат процесот на привлекување на нови клиенти. Банките во моментот, потпомогнати од фактот дека легално имаат монопол

над платниот промет, ги имаат за клиенти 100% од граѓаните кога се работи за услуги поврзани со платниот промет. Тоа значи дека финансиските друштва и евентуално новите финтек компании ќе имаат долг и макотрпен процес на своја промоција и рекламирање со цел привлекување на клиенти, односно нивно откинување како клиенти на комерцијалните банки. Тој процес е поврзан со процесот на градење на јавното мислење и градење на довербата кон овие нови играчи на пазарот. Со оглед на искуствата од минатото поврзани со злоупотребите и криминалните дејствија поврзани со финансискиот сектор, ќе биде тешко да се придобијат за клиенти одреден процент од граѓаните. Но, помладото население, кое користи интернет на дневна база и знае како да се заштити себеси и своите лични податоци, не би имало некој поголем отпор кон новитетите што ги носи отвореното банкарство, со оглед на тоа што веќе имаат искуство, како со домашното електронско банкарство, така и со странските финтек компании како PayPal и Payoneer. Една од најголемите закани се и самите комерцијални банки. Моментално, тие имаат воспоставено целосен монопол врз пазарот на платниот промет, а доминираат и на пазарот на финансиските услуги. Имаат неспоредливо поголема финансиска моќ, неспоредливо поголема и подобра инфраструктура, а ја имаат и довербата кај граѓаните како сигурни и веќе воспоставени институции. Нивната голема финансиска моќ ќе им овозможи да инвестираат во новата ИТ инфраструктура без тоа силно да се одрази врз нивните финансиски биланси, за разлика од финансиските институции, за кои овие издатоци ќе бидат една многу ризична инвестиција, која доколку не се покаже како доволно успешна, може да има огромни последици по нивната ликвидност и солвентност. Како можни ризици од СН Финансии најпрво ги наведуваат ризиците од злоупотреба на ИТ инфраструктурата и личните податоци на корисниците, кои и во моментот се присутни и се случуваат. Граѓаните гледаат кон финансиските институции и злоупотребите кои се ретки, но се случуваат, со доза на сомничавост, па ќе биде потребно време за да се изгради стопроцентна доверба, но и најважно, да се митигираат ризиците, односно да се создаде дигитална инфраструктура која ќе ги сведи злоупотребите на нула. Друг ризик е градењето на целосно новиот ИТ систем и ИТ инфраструктура потребна за извршување на платниот промет. Тоа е енормна инвестиција, за која покрај парични средства, ќе бидат потребни и голем човечки и временски влог. Вработените ќе мораат да поминат долги и напорни обуки. Во овој сегмент на ризикот спаѓаат и трошоците и

ресурсите потребни за ширење на мрежата на банкомати, филијали, како и создавање на апликација за мобилно банкарство. Како ризик се наведува и општо самата либерализација и концептот на отворено банкарство, бидејќи со директивата и новиот закон секоја една компанија, која ќе ги добие потребните дозволи и ќе ги исполнува стандардите, ќе може да стане банка и да врши услуги од платниот промет. Според СН Финансии, тоа првично може да доведе до голема конкуренција и сатурација на пазарот на финансиски услуги, а бидејќи таа состојба би била неодржлива на долг рок, после тоа би следувало и окрупнување на пазарот преку преземања и спојувања, а неизбежни би биле и банкнотите на одредени компании. Како и со сите иновации и воведување на нови режими на пазарите, следува голема битка, најпрво за изработка на понуди и привлекување на клиентите, а потоа битка и за профит и преживување на пазарот и сето тоа е можеби и најголемиот ризик што го носат овие промени.

На прашањето кое е мислењето на СН Финансии за новите модели на работење – ПИСП и АИСП, одговорот е комплициран. За разлика од земјите во ЕУ, кај нас засега регистрите и датабазите на банките не се отворени и тоа е најгорливиот проблем моментално. Се уште не се знае кога и на каков начин ќе се отворат базите на податоци. Банките, нормално се чувствителни по ова прашање (ниту една комерцијална банка во државата не беше желна да се изврши интервју или да сподели било какви податоци за потребите на овој труд). Иако пристапот до нивните бази на податоци ќе биде контролиран и по највисоки стандарди, сепак сите тие податоци се доверливи и доста важни. СН Финансии го дели тоа мислење на банките и се согласува дека пристапот до податоците на клиентите е, засега, контроверзна тема во македонскиот финансиски систем. Треба да се допрецизираат и додефинираат уште многу работи. Главниот проблем што СН Финансии го гледа во отворениот пристап е во тоа што се коси со изјавите за заштита на личните податоци што моментално банките и финансиските институции ги потпишуваат заедно со своите клиенти. Податоците за клиентите се навистина вреден капитал и банките се hesitant да дозволат бесплатно и лесно пристапување до нив, со оглед на тоа што тие досега и во минатото ја направиле „потешката“ работа за собирање (нормално, со согласност) на тие податоци и нивна обработка и употреба за дизајнирање на персонализирани продукти и услуги. Генерално, СН Финансии нема конкретен коментар за отворениот пристап до податоците. Ќе биде тешко да се изработи правната рамка најпрво, а потоа и сето тоа

да се пушти во употреба и да се користи без пропусти, прекини и злоупотреби. Исто така, многу битен момент е и тоа како граѓаните, односните клиентите, ќе го сфатат и прифатат отвореното банкарство и каква ќе биде нивната реакција на отворените бази на податоци. Околу тоа како ја гледаат иднината на ПИСП и АИСП провајдерите во Северна Македонија, СН Финансии не можат засега да коментираат и предвидуваат, додека не се допрецизираат сите работи и додека не се донесат дополнителните законски прописи, но нивната стратегија е дека ќе започнат да работат како ПИСП провајдер, нудејќи целосни услуги од платниот промет за своите клиенти.

Следната точка на дискусија беше ставот на СН Финансии околу АПИ и нивното развивање. Во моментот СН Финансии има свој интерфејс за електронско банкарство, но тој апсолутно нема да биде во можност да се носи со новата реалност и со потребата за извршување на платниот промет, регулиран од НБРСМ. Откако новиот закон за финансиски друштва ќе стапи на сила и СН Финансии ќе го започне процесот за работа со платен промет, ќе се појави и потребата за создавање на целосно нов АПИ. Тоа ќе бара доста време, најпрво за да се испланира и да се развие решението, а потоа и да се тестира и да се пушти во употреба. Ќе треба да работи перфектно од првиот ден, бидејќи регулативата е строга и НБРСМ има високи критериуми за безбедност. Создавањето и имплементацијата би одело долго и би било низ неколку фази, чекор по чекор.

